Фимка Гогова - Михајлова

СВЕДОШТВА ЗА **ВАНЃА**

Издавач:
ЛУБ „Благој Јанков - Мучето“ - Струмица

За издавачот:
Тања Гошева

Рецензент:
Иван Котев

Лектор:
Васка Кирова

Дизајн на корица и компјутерска обработка:
Кирил Гуцев

Печати:

„КИ-АЛ Принт“ - Струмица

Тираж:
1000 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

133.3-05Ванѓа
159.961.3/.6-05Ванѓа

ГОГОВА - Михајлова, Фимка
Сведоштва за Ванѓа / Фимка Гогова - Михајлова. - Струмица : ЈУ Библиотека “Благој Јанков Мучето”, 2016. - 165 стр.: фотограф.; 21см

Слика и белешка за авторката: стр. 165

Содржи и:
Прилози

ISBN 978-9989-177-51-4
I. Михајлова, Фимка Гогова - види Гогова - Михајлова, Фимка
а) Пророштва - Ванѓа
COBISS.MK-ID 101402378

*Фимка **Гогова** - Михајлова*

СВЕДОШТВА ЗА ВАНЃА

Струмица. 2016

Голема благодарност до сите коишто се дел од оваа книга и коишто прифатија да ги раскажат своите средби со баба Ванѓа или кажувањата за неа од своите предци. Нивните сведоштва ќе останат во наследство и на сегашните и на идните генерации.

Авторката

Голема благодарност до моите внуци Александар, Кристина, Трајче, Фимка, семејството Митко и Ванѓе со ќерката Анџела Митрови од Швајцарија, Архитектот Крсто Павлов од Благоевград - Бугарија, Ценатар за возила - Струмица,

Сведоштва за Ванѓа

Рецензија 9
Наместо предговор 15
Гогова - Михајлова Фимка 19
Ристевски д-р Александар - Цано 25
Панова д-р Олгица 28
Тодоров д-р Иван 31
Митев д-р Миле 33
Трајкова Иринка 36
Маглешева Маре 39
Петкоска д-р Силвана 45
Костова Драгица 47
Делев Коле 52
Ѓотева Нада 55
Диков Душко 57
Спасов Петре ..... *.....62
Лазарова Виле 65
Јанкова д-р Снежана 68
КироваВаска 70
СеменковаЈованка 73
Тошева Олгица 75
Маткова Драгица 79
Тодоров Аспарух 80
Френков д-р Ѓорги 82
Мацирова Милка 84
ЧурлиновaКатица 88
Христова Лилјана 93
Иванова - Павловска Милица 97
НМ 99
ГА 100
МЉ 102
Ѓотев Драгољуб 105
Иванов Петре 108
Гошева Драгица 110

Костова Милка.....**112**
Панделиева Јагода **115**
Влахова Ленче **117**
Бучева Стојанка **120**
Ѓоргиева Катерина.....**125**
Тупарова Соња.....**128**
Мицева Параскева **129**
ЃузеловКољо.....**130**
Самаракова Весна **131**
Христова Славица.....**133**
Ангелова Даница **135**
Томова Гонца **137**
Трајкова Пенка.....**140**
Јанушева Босилка **142**
Танчева Спасена **143**
Литајкова Гонца **146**
БН .....**:** **149**
Георгиева Лилјана **152**
Јанушев Ванчо **154**
Прилози **158**

Рецензија

Незаборав и благодарност

(Кон книгата ***Сведоштва за Ванѓа*** од Фимка Гогова-Михајлова)

Фимка Гогова - Михајлова одамна се придружи на бројните истражувачи и литерати коишто пишуваат за пророчицата од Петрич, Ванѓа. Се појавија бројни литаратурни дела во кои се пишува за натпросечните, да не кажам натприродните умствени и други способности на една исклучителна личност: некои од нив ја познавале лично, некои истражуваат и вложуваат труд достоен за почит, како Лалка Бенгјузова од Благоевград,Република Бугарија, на пример, а некои и едното и другото. Во оваа, последната група спаѓа и авторката на оваа интересна книга. Таа лично ја познавала пророчицата „тета Ванѓе", како што ја нарекува, била блиска со неа, а од нејзината мајка цел век слушала спомени што се однесувале на нивната сосетка, оти Ванѓа, до своето замнување во Петрич, Бугарија, живеела во Струмица.

Силно инволвирача во материјата, после првата објава Ванѓа... и ...јас, (Струмица, 2013 година), чувствувајќи силен творечки порив, таа од својот творечки дух изнедри уште две книги: ***Роднини и судбини*** и предметот на овој краток осврт, ***Сведоштва за Ванѓа.*** И двете книги се во ракопис и во блиска иднина ќе бидат објавени заедно.

Сведоштва за Ванѓа е книга создадена од сеќавањата на голем број луѓе коишто лично ги почувствувале натприродните можности на оваа, на прв поглед едноставна, но во суштина бескрајно посебна и способна жена. Додека во својата прва книга Фимка Гогова - Михајлова дава свои видувања и толкувања за ликот на Ванѓа, во најновата книга таа е само регистратор на она што го кажуваат луѓето коишто

биле во можност да ги побараат услугите на видовитата жена. Таа, со тетратка во рацете, собрала и запишала педесетина искажувања на луѓе коишто најискрено ги презентирале нивните сеќавања. Станува збор за интересни искажувања, без претензии да се дотеруваат или некому да му се допаднат или не. Тие спомени се искрени, полни со топлина и благодарност до жената, којашто на многумина им помогнала да се вратат во нормала и да го продолжат животот.

Застапените граѓани во книгава, така да речам, не се неуки луѓе коишто нештата ги прифаќаатонакви, како што некој ќе им ги каже или сервира. Не. Тоа се образовани личности, голем број од нив, ако не и најмногу, се интелектуалци со високо образование. Само како пример од моите согледувања: Свои искажувања имаат пет лекари, тројца професори, шест медицински сестри, два стоматолога, пет лекари специјалисти, четворица бизнисмени, дваесет пензионери и т.н. Луѓе коишто се длабоко инволвирани во проблематиката за која зборуваме, особено лекарите и другиот медицински профил (сестри, акушерки, лаборанти, рентген техничари...). Значи, на нивните искази мора да дадеме посебна тежина.

Низ искажувањата на сите анкетирани, пред нас расне препознатливиотлик на Ванѓа, опишан, би рекол, од прва рака. Нема да парафразирам, туку само ќе констарирам и цитирам. Таа била неверојатно искрена, отворена и непосредна во контактите. Го кажувала тоа, што го мислела. Во едно искажување децидно е кажано:

„Имав многу средби со Ванѓа. Таа беше неверојатно отворена, директна, без влакно на јазикот. Го кажуваше тоа што го гледаше и што го мислеше, без разлика кој е нејзиниот соговорник. И царот и говедарот пред неа ја наведнуваа главата".

Обичниот човек најубаво знае да се искаже. Зборовите му се излегуваат од душата и се вистинска поезија. Тие се

лирски изливи што заслужуваат да ги апострофираме:

„Најубаво цвеќе во најубавата градина беше душата на тетка Ванѓа. Мајка на многу деца, лекар за многу болни, утеха за тажните, а знаеше да ги укори и несовесните. За неа слушав и од мојата свекрва којашто ја познаваше уште од детството. Таа раскажуваше за нејзината дарба за претскажување и затоа во мене се роди желба да ја посетам и да побарам одговор на моите прашања."

Во своите визии, Ванѓа во многу случаи го надминува индивидуалното и поодделните судбини.Нејзините размислувања се движат во космичките сфери. Таа мисли многу пошироко, отколку што ние можеме да сфатиме и да разбереме. Сепак, за актуелните мигови има изречено мисли што можат да бидат водилки за разрешувањето на многу акутни проблеми. Таа зборува за слободен проток на луѓе и стока, нешта што современиот свет го практикува одамна. Еве на што се сеќава еден нејзин голем и искрен пријател:

„Постојано им кажувам на сите политичари коишто доаѓаат кај мене, на сите со коишто граничиме:

- Отворете ги границите, народот да се движи слободно, да се дружи. На тој начин луѓето ќе се зближат, ќе се сакаат и ќе се почитуваат!

Таа зборуваше за Балкан без граници. Останува да се молиме и да се надеваме дека во блиска иднина, еден ден зборовите на тетка Ванѓа ќе станат вистина."

Скоро од сите искази како нитка се провлекува една голема доверба, искрена и трајна приврзаност кон пророчицата од Петрич. Нема да цитирам имиња, оти добронамерниот читател сам ќе ги најде кога ќе ја чита книгата. Така, една од анкетираните личности, искрено ќе рече:

„ Кога и да имав потреба да побарам совет од неа, ме примаше со отворена врата. Кога беше расположена, сакаше да си поприкажува, да се пошегува,а знаеше да се насмее до

солзи. Во суштина, таа беше многу принципиелна, правична, понекогаш и многу строга. Не случајно, секому му допушташе да и се доближи, да и биде пријател, ама сепак таа многу строго ги бираше луѓето околу себе."

Во некои искажувања среќаваме и такви што можат да бидат јадро за градење на универзалната слика за личноста на Ванѓа. Благодарните со пиетет се сеќаваат и тврдат дека „За неа како личностуште многу ќе се пишува. И покрај нејзиното слепило, таа го гледаше целиот свет како слика во движење. Денешнината, но и иднината. Со историска точност зборуваше за времињата на војните, човековите несреќи, а во годината пред нејзината смрт ги претскажа претстојните природни несреќи што ќе се случат и ќе земат со себе многу животи, убиства што ќе бидат планирани и извршени насекаде во светот, падови на авиони и други несреќи.

Заради многу нејзини карактерни особини, таков човек со совршен мозочен систем се среќава многу ретко. За тоа се потребни многу векови да дојде на овој свет. Јас и моето семејство вечно ќе ја почитуваме и споменуваме."

Или: „Како таа успеваше да ги прочита мислите на луѓето уште пред тие да отворат уста и да прозборат, знае само Бог. За нас обичните луѓе тоа останува голема мистерија.

Тетка Ванѓа беше една скромна,едноставна жена со многу скромни желби... Луѓето со коишто комуницираше и коишто и беа блиски, беа проверени и одговараа на нејзините критериуми: чесност, скромност, работливост. Таква беше и таа..."

Од многу искажувања провејува една искрена благодарност проткаена со почит. Тоа е искажано на еден скромен, но сликовит начин: "Сакам да искажам голема почит и благодарност кон баба Ванѓа, затоа што за многу кратко време ме спаси од мојот проблем и ме врати во нормален живот."

Скромна по карактер, Ванѓа не е самобендисана и не се апострофира. Болните и несреќните ги поучува и упатува кон места и личности коишто можат да помогнат. Таа и верува на науката, во случајов медицината и ги советува болните нивниот лек да го побараат во рамките на медицинските установи. Во таа смисла среќаваме и вакво искажување:

„ -Лекот за твојата мака е само операција. Од друго нема да ти помине! Дали во Струмица кај доктор Бачев, или во Скопје, одбери си! Каде и да одиш, лесно ќе поминеш!

По враќањето од Петрич, за кратко време, заминав во Скопје на Клиниката за хирургија каде што по оперативен пат ми беа извадени жолчните камења и ми беше отстранета жолчката, после што се почувствував многу добро.

Видовитата Ванѓа, меѓу другото, многу и веруваше на медицината и затоа голем број луѓе ги упатуваше на вистинското место. Меѓу нив бев и јас."

Во својот пристап при обработката на текстовите, авторката Фимка Гогова-Михајлова не прави никакви интервенции. Искажувањата ги пренесува интегрално, како што се запишани, со што книгата добива во автентичноста.

Јазикот во текстовите е свеж и едноставен. Подзасилен со по некоја народна поговорка или израз, четивото добива во својата убавина, а исказот се подзасилува. Кога во една прилика зборува за деца без родители, баба Ванѓа ќе каже: ***Господ ги чува сираците.*** Или, длабоко убедена дека нештата се однапред предвидени и зацртани, нешта што нашиот, а и другите народи го разбираат под поимот судбина, таа ќе рече: ***На судбината ниној не може да и побегне.*** Или кога се случуваат банални работи што доведуваат до поголеми последици, таа ќе рече: ***Од ништо - нешто.*** И така натаму.

И ние, како читатели, и луѓето што се составен дел од оваа книга, ќе се сложат со исказот на еден анкетиран, кој ги сублимира сите искажувања: „Како ги правеше тие работи,

како им помагаше на луѓето во најтешките моменти, никогаш не разбравме. Тетка Ванѓа ти го гледаше целиот живот, од раѓањето до смртта, како од книга да читаше."

Сведоштва за Ванѓа е книга што ги задоволува сите критериуми. Пишувана читливо и со јасен стил, со интересна и автентична содржина, книгата ќе го привлече вниманието на секого, па затоа најтопло им ја препорачувам на читателите.

На веќе афирмираната авторка ѝ пожелувам нејзината продукција да не застане на бројоттри, туку да не изненади со некоја друга објава од сличен или друг жанр.

Иван Котев

Наместо предговор

На 11 август 1996 година светот се прости од светски познатото име Ванѓа, од феноменот, од пророчицата пред којашто луѓето останувааа замаени, стаписани, вчудоневидени од сето она што таа им го кажуваше.

Обичниот човек безрезервно ѝ веруваше, но за повеќето луѓе коишто ја немаа таа среќа да ѝ се доближат и да ја слушнат, Ванѓа останува една недоумица.

За науката остана загатка на чиешто одгатнување ќе помине уште многу време, додека да се дојде до вистинскиот одговор. Вистинскиот одговор Ванѓа не го криеше.

Еден строг глас ми зборува на осумнаесет сантиметри над главата, што смеам, а што не смеам да кажам.

-Уште е рано, луѓето не смеат да знаат сѐ и не го заслужуваат тоа.

Тоа се зборовите на невидливиот, духот на свети Јован Златоуст којшто и се јавува целиот осветлен качен на бел коњ и тоа, пред почетокот на Втората светска војна.

Ванѓа разговараше со целата природа. Го разбираше јазикот на животните и на цвеќињата. Ги гледаше мртвите, зборуваше со нив и ги пренесуваше нивните пораки. Колку време ќе ѝ треба на науката да го открие и прифати нематеријалното што нѐ опкружува, ќе покаже времето.

Се надевам дека некоја од идните генерации ќе ја има таа среќа да биде сведок на таквото откритие. Таа и самата кажуваше:

-Кога ќе се обединат науката и религијата, човештвото ќе тргне напред, но дотогаш ќе протечат уште многу води.

Нејзиното тело почива од десната страна на црквата “Света Петка” во месноста Рупите, на 12 километри од градот Петрич (Бугарија), во пазувите на планината Кожув. Црквата што таа ја изгради е од парите што народот ѝ ги даруваше.

Целиот свој живот Ванѓа го посвети на народот којшто

страдаше и со денови чекаше пред нејзината врата за трошка надеж, а таа беше најголемата страдалничка меѓу нив. До крајот на животот им помагаше на луѓето иако и таа беше со нарушено здравје.

-Та, нели и таа е само човек како сите нас, ќе си речеме, но нејзините затворени очи ги гледаа сите човечки маки на земјата. Тоа многу ја измачуваше и ѝ го нарушуваше здравјето. Јадеше многу малку, ноќе слабо спиеше, зошто "силите" како што таа ги нарекуваше, не ѝ даваа спокој, ја измачуваа. Даваше сè од себе за другите. Целиот нејзин имот, куќата во градот Петрич што денес е музеј, малата куќичка на Рупите каде што се одмораше и се напојуваше со космичка енергија, а во последните години таму и работеше, црквата "Света Петка" што ја изгради, ги остави во наследство на народот, а со сето тоа денес управува Фондацијата "Ванѓа".

Кога ќе зачекорите во комплексот Рупите, од левата страна пред мостот, во близина на црквата ќе ве пречека скулптурата на тетка Ванѓа во седната положба и со подадена рака во знак на добредојде. Нејзините зборови беа:

-Еден ден Рупите ќе се претворат во втор Ерусалим. Луѓето од сите страни на светот ќе доаѓаат овде.

Тоа е местото каде што таа го остави нејзиното духовно наследство, црквата и нејзината душа да престојува во неа.

Дваесеттиот век остана забележан со името на Ванѓа. Таа е една од светлите личности за коишто може да се каже: "Таа (тој) не умира".

Бевме живи сведоци на нејзиното живеење и на сè што таа направи во текот на нејзиниот живот. Ние, нејзините пријатели коишто со години ја посетувавме, ја носиме во нашите срца и таа секојдневно е присутна во нашите мисли. Го чувствуваме присуството на нејзиниот дух што постојано ни помага во тешките моменти.

Ја молев да ми помогне околу насловот на книгата,со

цел тој да биде поадекватен.

Еден ден додека ништо не размислував, низ главата ми помина зборот сведоштва. Не знам како, но тој збор таа ми го испрати и ми помогна во вистинското време.

Ванѓа ја напушти Струмица во 1942 година на 31-годишна возраст. Но, нејзината врска со родниот крај, со нејзините блиски, остана нераскинлива до крајот на нејзиниот живот. Чувствуваме голема благодарност кон неа, за сѐ што правеше за нас и за сите кои барем еднаш застанале пред нејзината врата да бараат помош и трошка надеж.

Најмалку што можеме да направиме за неа е да ги раскажеме нашите убави сеќавања во книгата “Сведоштва за Ванѓа". Тие сведоштва ќе бидат жив доказ за сегашните и идните генерации за да знаат дека нивните баби и дедовци лично ја познавале и ја посетувале.

Имам желба еден ден градот Струмица да ѝ направи споменик што ќе ги потсетува граѓаните и оние коишто ќе доаѓаат однадвор, за бесмртноста на Ванѓа. Верувам дека гледајќи нѐ од онаа страна, ќе биде среќна, а нејзиниот дух никогаш нема да не напушти, но ќе нѐ заштитува од секакви зли сили. Нејзината последна желба беше луѓето да се сакаат едни со други, да не се шпионираат, затоа што само така народот ќе опстане на Земјата.

Се надевам дека еден ден светот ќе биде поубав за живеење ако срцата на луѓето се исполнат со љубов.

Почивај во мир, наша драга тетка Ванѓа!

Авторката

Гогова - Михајлова Фимка, родена 1942 година
(медицинска сестра во пензија)

Случајно или судбински, родена сум во куќата што граничеше со дворот на тетка Ванѓа. Во април истата година. таа ја напушти Струмица и се омажи во градот Петрич, Бугарија.

Моето детство го поминав слушајќи ги разговорите во семејството за сосетката којашто ослепела како мало девојче, а подоцна откако наполнила 25 години, станала гледачка.

Мојата прва средба со неа се случи во 1961 година,само што го завршив средното училиште во Скопје. Дојде да се види со мајка ми и си поседе кај нас 2-3 часа. Дворот се исполни со народ... што соседи, што љубопитни граѓани што сакаа да се видат и да се поздравт со неа.

Авторката Фимка со Ванѓа во 1974 година во куќата на Ванѓа на свадбата на Митко

Втората моја средба со неа се случи во 1967 година на еден многу чуден начин. Со мојот покоен сопруг Трајчо на поминување низ Петрич, отидовме да ја посетиме по желба на свекрва ми и мајка ми. Свекрва ми ја болеа колената и се движеше со помош на бастун. Мајка ми којашто со години работеше седната на машината за шиење, многу ја болеше главата. Челото си го редеше со парчиња од компир, а на главата си ставаше облоги од ракија како што велеше - да ми се земе огинот. И двете се надеваа Ванѓа да им каже некаков лек.

Беше недела и околу пладне отидовме пред нејзината куќа ,но таа не беше дома. По кратко време дојде со сестра и Љуба и влегоа во дворот. Јас тргнав по нив и на средината од патеката и се обратив :

- Тетка Ванѓе, јас сум ќерката на Кристина, Фимка.

Таа во од, ми рече:

-Големи топки чија ќерка си била! И сврте зад нејзината куќа.

Останав на средина во дворот изненадена и збунета од нејзиниот однос. Ми доаѓаше да заплачам од мака, но и понатаму стоев на истото место. Мојот сопруг ги слушна нејзините зборови и ми довикна :

-Ајде бе, што ѝ е..ш мајката?

Во истиот момент, иако не можеше да ги слушне неговите зборови, таа се покажа откај куќата и рече:

-Што бе, Трајчо, ти многу голем човек си станал? Дојдете да видам што сакате!

Кога застанавме пред неа, таа го праша:

- Ти што работиш, бе?
- Јас сум инженер, ѝ рече тој.
- Каков инженер, бе? Што се тие конци околу тебе?
- Јас сум текстилен инженер, ѝ одговори тој.

Потоа ми се обрати мене:

- А ти, мори, што таа шапка на главата? Оти си ќерка на

Ванчо штипјанецот, ли?.

- Ај, ај, си велам. Жената нема очи, а ми го гледа шеширот на главата.

За свекрва ми рече дека со тоа колено ќе си умре, а на мајка ми ѝ порача:

-Ќе ѝ кажеш на Кристина компирите што си ги реди на челото, да си ги прави манџа! А ракијата да ја дава на татко ти! И така му е многу слатка. Ајде сега врвете си каде што сте тргнеле! Јас сакам да се одморам.

Впечатокот од таа средба ми беше многу чуден, но кога по две години мојот сопруг загина во сообраќајна несреќа во Бугарија, бев сигурна дека тој ден таа ја виде нашата несреќна судбина и сакаше да нѐ избегне.

По неговата смрт, моите средби со неа зачестија. Ме прифати како нејзина ќерка. Нејзината врата за мене беше секогаш отворена. Таа беше мојата утешителка, мојата духовна поткрепа. Бев многу млада со две мали деца, но таа ми велеше :
-Не се секирај! Бог секому му дал и од арното и од лошото. Ти само тешко гази и главата горе! Неговото беше до тука. Така му било пишано. Ако беше дома, вода ќе се напиеше и ќе се задавеше.

Кога по две години од смртта на мојот сопруг си купив автомобил, ми беше многу полесно да ја посетувам. Беше прекрасна домаќинка, народски кажано чистотница. Сѐ беше на свое место во куќата и сѐ светеше. Се чудев како сама готви. Згора на тоа, и многу вкусно. Таа беше повеќе вегетаријанка и јадеше многу малку. Понекогаш знаеше да каже:

-Некои луѓе се забораваат кога јадат. Ако било потребно човекот толку да јаде, Бог ќе му дал два стомака.

Плетеше прекрасни плетки на две игли. За себе си плетеше сѐ што ѝ требаше, од пуловери, шалови, до џемпери, па еднаш си имаше исплетено цело костумче. Него го покажуваше сорадост.

Едно попладне во 1972 година се задржав кај неа до доцна во ноќта.

И кога сакав да тргнам, таа не ме пушти да патувам, туку ми рече дека ќе спиеме двете заедно. Таа ноќ ја поминав со неа на креветот во нејзината спална соба. Продолживме да си разговараме и јас бев многу љубопитна да дознаам како одеднаш ѝ се случи да гледа.

-Тоа што ќе ти го кажам, често не го раскажувам. Се случи пред да започне Втората светска војна. Седев во тремот од нашата куќа и наеднаш видов во портата како влегува човек качен на бел коњ. Дојде до мене и ме поздрави со добарден, на што исто му возвратив.

-Ме познаваш ли? , ме праша.

-Не те познавам, му одговорив.

-Јас сум свети Јован Златоуст. За кратко време ќе има лута војна, железо ќе се топи, а ти ќе кажуваш за живо и за мртво. Не плаши се, јас ќе бидам секогаш до тебе!

Тој извади од појасот една книга, скина еден лист, го превитка неколку пати, се наведна накај мене и ми го стави во пазувите. Го заврте коњот и излезе од портата. До портата го гледав, а потоа немаше ништо. Исчезна.

Ете, сега знаеш, од тој ден работите почнаа да ми се кажуваат прво преку сон, потоа на јаве.

Утрината тетка Ванѓа ми рече:

-Сега ќе одиме на Рупите. Ќе н**è** носи шоферот со автомобилот.

На Рупите имаше една собичка направена за одмор. но тоа место за неа беше посебно, бидејќи од него се напојуваше со космичка енергија.

Седнавме на клупата пред куќичката и таа почна да зборува:

-Еее, Трајчо, Трајчо, ти Фимка не ја оставаш на мира, каде е таа, таму си и ти!

-Тетка Ванѓе, ја прашав, зарем го гледаш?

- Еве го мори, на два метра од тебе, седна на земјата.

И така почна разговорот помеѓу нив двајцата.

-Трајчо прашува за децата. Многу му е драго што часовникот и златниот прстен си ги оставила за спомен на детето. Мило му е што неговите кожени ракавици му ги даде на тетин ти Томе. Прашува за другари по имиња, за пријатели и соседи. Вели дека е многу горд на тебе што има таква храбра жена, а е многу налутен на сестрите за делбата на куќата. Вели да обрнеш внимание на левото предно тркало на колата. Тој вели дека многу те сакал, но тој сака ти пак да се омажиш. Тој ќе го моли Бога да ти се најде човек којшто ќе те сака како што тој те сакал тебе и дури тогаш неговиот дух ќе те ослободи.

На враќање во Петрич се разделивме, таа влезе дома да работи, бидејќи пред куќата имаше сто луѓе. Поминаа четири години, а во меѓувреме моите средби со неа продолжија.

Во март 1975 година, кај неа во Петрич, без даја прашам, таа ми рече:

- Ти до Нова година ќе се омажиш за човек разделен од гроб со две деца. Не ѝ поставив никакво прашање, а и таа ништо повеќе не ми кажа. Сигурно дека толку требало да знам.

По неколку месеци, на 11 Октомври со мајка ми отидовме на Рупите, бидејќи двете одамна се немаа видено. По долгиот разговор што двете го водеа, наеднаш тетка Ванѓа и рече на мајка ми:

-Кристино, Фимка треба да се омажи, многу е млада.

Инаку, мојата мајка беше голем противник да се премажувам. Не сакаше да размешам деца, или не дај Боже, да преродам некое.

-Ништо не ѝ недостига Ванѓе, таа си има сѐ, што ќе ѝ е маж, денес нема вистински мажи.

- А, мори, Кристино, та таа не е магаре да го врзеш за дрвото и да му ставиш сено да јаде. Таа е млада жена .

Во тој момент тетка Ваńѓа ми го побара венчалниот прстен. Го зеде во раката, го дигна високо над главата и низ него како да гледаше во некој невидлив свет.

-Јас тебе нели ти реков уште пролетта дека до Нова година ќе се омажиш за човек разделен од гроб со две деца.

-За кого бе, тетка Ваńѓе? Јас немам врска со никого, а и Нова година е на прагот!

-За тој до тебе, кому му умре жената, обесувајќи се на суво дрво (греда)!

-За мојот директор, ли?

-Да, за него.

Тогаш работев како главна сестра во Заводот за заштита и рехабилитација Бања Банско.

Ристевски Александар - Цано, роден 1934 година
(специјалист гинеколог во пензија)

Првпат ја запознав Ванѓа во далечната 1961/1962 година. Одев почесто во Петрич, Бугарија, каде што имав пријатели коишто, еден ден, по моја желба ме однесоа да ја запознаам. По нашата прва средба, повремено пак ја посетував и завршував работи за некои мои пријатели. Ми кажа сѐ за моето семејство. Не знам како ги знаеше сите, и живо и мртво. Сигурно некоја повисока сила ѝ ги даваше тие информации.

-Татко ти е од селото Марвинци, а мајка ти е струмичанка од Мацункови.
Вие сте тројца браќа.

Ги опиша карактерите на сите и ми кажа некои интересни работи за татко ми, што беа точни.

Во тоа време работев како лекар по општа практика. Еден ден, не знам што ми текна, но веројатно поради мојот темперамент, кажав една голема лага што подоцна скапо ме чинеше. Зборував со сестрите во амбулантата и им реков оти Ванѓа ми кажа дека Струмица на 31 декември ќе ја зафати голема поплава, а луѓето од градот треба да се искачат на ридот накај Царевите Кули.

Мојот разговор го слушаше една од чистачките којашто беше вистинска „Радио Милева“ За два дена целиот град зборуваше за прогнозата на Ванѓа.

Помина 31 декември, ништо не се случи и јас подзаборавив на мојата непромисленост што ги вознемири граѓаните.

Извесно време по тој настан. дојдоа мои пријатели од Скопје кај коишто живеев како студент. Имаа семеен проблем. Еден член од семејството им беше во затвор, а тие беа убедени дека му е направена голема неправда.

Ме замолија да им помогнам ако можам да стигнат до

Ванѓа, а кога слушнаа дека лично ја познавам, беа пресреќни.

Стигнавме во Петрич, тие влегоа, а јас останав надвор.

По едно време, излезе еден маж и викна:

-Ванѓа рече прво да влезе докторот, а потоа ќе им гледа на луѓето.

Јас молчев, не се јавив. Човекот влезе и пак се врати повикувајќи го докторот. Видов, не видов, влегов. Знаев што ме чека.

Само што ја отворив вратата, уште не влегол, ни добарден не кажав, кога таа ме подбра:

-А бре, магаре, а бре говедо, каков човек си бре, ти? Имаш ли памет во главата? Како можеше да измислиш таква лага за поплавата?!... А бре, можам ли јас да кажам такво нешто, а?.....

Не знам сѐ што не ми изнакажа. Јас во животот таков срам не сум доживеал никогаш повеќе. Се правдав дека се шегував со персоналот, ама чистачката ептен сериозно го сфатила муабетот.

- Ја знам јас таа Челебиевата, рече Ванѓа. Обична разнесувачка е, само гледа да чуе нешто и да го пренесе до каде што ќе стигне .

На луѓето што ги однесов, им кажа дека нивниот човек е невин, власта ќе го утврди тоа и наскоро ќе биде пуштен на слобода. Така и се случи.

При едно мое одење кај Ванѓа, разговаравме за мојата втора сопруга. Ја прашав дали ќе ми се врати, а таа ми рече:

-Немој да направиш таква грешка, таа е жена само за пари. Парите ѝ се најважни во животот, а ти животот ќе го завршиш сам!

Ете, на моите 82 години, по толку бурен и исполнет живот, по многу погрешно донесени одлуки, јас чекорам сам кон неизвесноста, кон крајот што е неизбежен за сите нас.

Еднаш ми рече:

-Ќе одиш во селото на татко ти, таму има многу убави смокви.Ќе ми донесеш, но не од тие покрај реката Вардар. Ќе се покачиш на горната нива накај ридот, од тие што ги пече сонце цел ден и каде што воздухот е почист.

Јас ѝ ја исполнив желбата и кога ги ставив смоквите пред неа, ми рече:

-Алал да ти е. токму од таму си ги набрал!.

Ја имав завршено специјализацијата по Гинекологија и планирав да одам за Германија. ОТидов да ја прашам дали донесов правилна одлука, а таа ми рече:

-Сега ќе одиш, но пак ќе се вратиш!

Не верував дека ако заминам, пак ќе се вратам. Но, нејзините зборови се потврдија, кога по десет години поминати во Германија, се вратив. Отидов да ја видам и да ѝ кажам дека сѐ се случи онака како што ми кажа таа.

Еднаш отидов кај неа со земја од место за кое знаевме дека има закопано старо злато. Уште на влегувањето. ми рече:

-Тоа што го носиш со тебе, ќе бара жртви.

-Чекај бе, тетка Ванѓе, уште не сум ти кажал што носам.

-Знам јас, знам што носиш. Ако сакате да го извадите тоа злато, на местото ќе постелете бел чаршаф и ќе стапнете со нозете врз него. Утре рано пред изгрејсонце ќе проверете чија дира од ногата се гледа на чаршафот, тој ќе биде жртвата.

-Ами, можеби јас ќе бидам, ѝ реков, а таа се смееше и ми одговори:

-Јас таа работа не ја знам.

Имав многу средби со Ванѓа. Таа беше неверојатно отворена, директна, без влакно на јазикот. Го кажуваше тоа што го гледаше и што го мислеше. без разлика кој е нејзиниот соговорник.

И царот и говедарот пред неа ја наведнуваа главата.

Горд сум што е наша струмичанка. но голема штета за нас што нѐ напуштила и заминала за Бугарија.

Панова д-р Олгица,родена 1963 година
(стоматолог)

Кога во семејството ќе ни се случат несакани работи, болести,несреќи, па и тешки трагедии, постарите обично знаат да кажат:

-Судбина била, пуста. Од неа не се бега!

Ете, тоа се случи во нашето семејство. Судбината тешко си поигра со здравјето на мојот татко Васил Семенков, роден 1931 година.

Јас бев мало девојче кога во 1970 година, татко ми на 40 - годишна возраст се разболе и заврши на Хируршкото одделение во Струмица каде што беше оперирaн. По неколку дена му се влоши состојбата, настанаа компликации со големи крвавења и тој итно беше однесен на Клиниката за хирургија во Скопје. ЈЈекарите му предложија повторна операција, но со мали шанси за оздравување. Тој беше толку истоштен и немаше никаква надеж ако повторно го оперираат. Единствената надеж му беше последниот збор на баба Ванѓа. Нашата сосетка, тетка Ката Еошева беше блиска пријателка со Ванѓа и со мајка ми веднаш заминаа за Петрич.

Тоа што ќе го раскажам со години го слушав од мојата мајка. Кога влегле кај баба Ванѓа и ѝ ја раскажале маката за којашто се дојдени, таа ја зела иконата на света Богородица во рацете и паднала во транс.

Такви состојби ѝ се случувале кога се однесувало за нешто многу важно и тешко што треба да се случи. Почнала да зборува со светците, да ги моли сите по ред да му го спасат животот на татко му. Најмногу ѝ се молела на мајка Богородица објаснувајќи каков човек е татко ми како сопруг, родител и како човек со сите негови добрини што ги поседува и ги прави кон другите луѓе.

Во состојба на транс видела отворен гроб и како сандак со мртво тело паѓа во него. Кога се повратила во нормална состојба на мајка ми и кажала да не се секира.

-Твојот сопруг ќе преживее. Ке го оперираат седум различни специјалисти.

Тетка Ванѓа почнала да ги подредува сите по име.

-После операцијата ќе свариш пченица и ќе ја раздадеш бидејќи тоа ќе му биде втор живот! До крајот на животот да дава курбан за света Богородица!

Се сеќавам, татко ми секоја година носеше јагне во манастирот во Велјуса на празникот Мала Богородица. Таа најмногу помогна за неговото спасување од смртта.

Кога татко ми ги слушна зборовите на тетка Ванѓа, се охрабри и потпиша согласност за повторна операција.

Лекарите во Скопје немаа никаква надеж за неговото оздравување. Го внесоа во операционата сала седум специјалисти, токму како што кажа баба^анѓа. Тие се бореа 8 до 10 часа за неговиот живот. По завршената интервенција, татко ми беше во коматозна состојба цели 48 часа.За тоа време му побеле целата коса. Беше 40 дена во шок соба. Мајка ми секој ден носеше специјално подготвени каши и супи со коишто го хранеа преку сонда.

Со секој нов ден, татко ми беше сè подобар. Лекарите беа изненадени од тоа како напредуваше и го прогласија за медицински феномен.

По извесно време тој се врати дома и кога целосно оздраве, се врати на работа.Тоа што татко ми го живееше неговиот втор живот, таа втора шанса, ја користеше правејќи добрини на луѓето, помагајќи им на различни начини на оние коишто имаа потреба од тоа. Пријателството со баба Ванѓа толку многу им се зацврсти што тој постојано ја посетуваше и и носеше се што мислеше дека и е потребно.

Понекогаш и самата бараше тоа што ѝ требаше. Исто

така, тој носеше блиски и далечни луѓе коишто имаа потреба од нејзина помош и во секое време слободно влегуваше кај неа.

Често одеа заедно со мајка ми и ѝ носеа пенерлија што баба Ванѓа многу ја сакаше. Понекогаш таа и сама си нарачуваше домашна баница или нешто друго по желба. Моите родители со задоволство ѝ ги исполнуваа сите нејзини желби.Таа за нашето семејство беше светица. Нејзиното име се споменуваше со огромна стравопочит. На двајцата им имаше кажано дека јас и сестра ми ќе завршиме факултети.

Се сеќавам на деновите когамајками со други пријателки се организираа и ја посетуваа во време на струмичките Тримери.

За таа пригода ѝ подготвуваа подарок - тримерска синија со чурек , алва, зерде ,боза, сарма и разновидно овошје. Мама ни раскажуваше колку многу Ванѓа била расположена во таквите моменти што ѝ значеле многу,бидејќи ја враќале во деновите на нејзината младост во Струмица.

Баба Ванѓа имаше посинок Митко кој го порасна од малечок и којшто го школуваше.Тој заврши Правен факултет. За неговата свадба меѓу избраните и поканетите гости од Струмица беа и моите родители со коишто сакаше да ја сподели нејзината радост.

Денес ако беа живи моите родители,особено татко ми,ќе имаше да каже многу нешта за баба Ванѓа.

Кога во 1996 баба Ванѓа почина,тие и двајцата отидоа на погребот да ѝ оддадат последна почит за се што направи за нашето семејство.

Споменот за неа го носиме во нашите срца,а го пренесуваме и на нашите деца, бидејќи нејзиното име вечно ќе се споменува меѓу луѓето и никогаш нема да биде заборавено.

Тодоров д-р Иван, роден 1937 година (лекар специјалист во пензија)

Приказната што ќе ја раскажам е вистинска и ја слушав од мојата мајка Вера Тодорова, со моминско презиме Николова. Почина на 89-годишна возраст. Таа беше ќерка на Тина Гогова - јорганџиката, позната мајсторка за шиење јоргани.

Во филмот за Ванѓа што го сними Канал 5 телевизија, зборуваше и мојот вујко Илија Николов, на 98-годишна возраст. Тие како семејство биле блиски со баба Ванѓа од самите нејзини почетоци.

Кога Ванѓа ја почувствувала дарбата за претскажување, почнала да ја измачува мислата што да прави.Имала голема мака. Отишла кај мојата баба Тина и ѝ раскажала сѐ што ѝ се случува. Ноќе не можела да спие и се измачувала, не знаејќи дали тоа е вистина.

За да ја провери нејзината способност, ѝ предложила на баба ми да ѝ гледа за да се уверат што е вистината.

Баба ми Тина и кажала:

- Ванѓе,дојди вечерва, па ќе видиме што ќе биде.

рекла дека ќе почне кога ќе дојде полноќ. Во 22 часот баба ми и кажала на Ванѓа:

-Ајде, почни, 12 часот е,полноќ.

Ванѓа, иако слепа, и одговорила:

-Тино, сега е 22 часот. Ќе почнам кога ќе е полноќ.

Баба ми истото го повторила и во 23 часот, но одговорот на Ванѓа бил ист.

Точно на полноќ почнала да ѝ кажува на баба ми што гледа.

-Еве, Тино, Илија заедно со Мито Терзиев се кријат под една смоква кај Валандовско Брдо.Чекаат да се стемни за да не ги забележат луѓето од околината. Ќе си дојдат дома.

Почнала да го опишува нивното доаѓање во Струмица и

баба ми ја замолила кога ќе си дојдат утре, да ја повикаат за да ги праша дали тоа што ѝ кажала е вистина.

Утредента се што кажала Ванѓа, се потврдило. Баба ми Тина ѝ раскажала на Ванѓа дека нејзиниот син Иљо веќе 6 месеци е во заробеништво во Германија и ниту еднаш не се јавил.

-Не знаеме дали е жив и што се случува со него.

Ванѓа и одговорила:

-Тино, ти не ми веруваш, но јас ќе ти кажам дека него го гледам. Се жали на болка во десното колено кое му е повредено од фудбал , а на левата нога има нацртано мома.

Тогаш баба ми ѝ рекла на Ванѓа дека сѐ што ѝ кажала е точно и дека треба да продолжи да гледа и да им помага на луѓето.

Од тој момент нивното дружење било почесто сѐ до нејзиното заминување во Бугарија во 1942 година.

Митев д-р Миле, роден 1964 година (стоматолог)

Татко ми, Митев Александар. по професија стоматолог, беше близок пријател на баба Ванѓа, а потекнуваше од Ново Село,како и нејзиниот татко.
Можеби тоа беше главната причина или нишка за нивното заедничко пријателство.

Јас бев во основно училиште кога тој ја посетуваше во Петрич. Слушав како нејзиното име се спомнува често во нашето семејство.

Во 1975 година на 42-годишна возраст почина мојата мајка.Таа работеше како заболекар и од долгото стоење во место,имаше проширени вени на нозете. Отиде на операција во Скопје, но по една недела кога требаше да се врати, неочекувано и ненадејно почина од емболија.

Татко ми не можеше да си дојде на себе. Ја изгуби жената којашто ја сакаше. Носеше грижа на совеста како ѝ дозволи да замине на операција. Двајцата беа еден прекрасен брачен пар.

Само што номинаа девет дена од смртта на мајка ми. татко ми доби абер да оди кај баба Ванѓа. Не знаеше зошто го вика и тој го одложуваше одењето кај неа.

Еден ден кај нас дојде една жена специјално испратена од баба Ванѓа и му кажа веднаш да отиде кај неа во Петрич.

Само што влегол, уште од вратата почнала да му зборува:

-Ајде бре, Ацо. знаеш ли Живка колку време ме моли да дојдеш, сака да зборува со тебе. Еве ја и сега е тука, се смее. Сакаш ли да ти кажам колку златни навлаки има во устата?

И почнала да ги брои:

-Една,две,три .....девет. Девет златни навлаки. И сега веруваш ли дека таа е овде? Таа ти порачува да не се обвинуваш

себеси за нејзината смрт. Ти не си виновен за ништо! Смртта ѝ беше од Бога.Таа одејќи по пат, ќе се сопнеше од некој камен и ќе умреше. Живка сака да ти кажам да не тагуваш и дека така ѝ било судено. Ти порачува да ги гледаш децата и да го продолжиш животот.

Не знам колку му помогна таа средба на татко ми, но тој како да беше посмирен. До крајот , животот ни го посвети мене и на мојата сестра Јасмина.

Еднаш ни го снема радиото од дома, а баба Ванѓа му кажала дека вратата била отворена и дека го украла некоја Циганка.

Во некогашниот струмички кошаркарски тим имаше еден играч од Србија. Се презиваше Вукадиновиќ. Тој беше висок преку 2 метри. Во еден разговор тој ми спомна дека 10 години немаат дете со сопругата. Му предложив да го однесам кај баба Ванѓа. Само што стигнавме пред вратата, таа самата нѐ повика да влеземе внатре.

Уште од вратата ми рече:

-А бе, Миле, каков е тој човек што го носиш со тебе? Многу е висок ,бе. Кога тој ѝ раскажа зошто сме дојдени, таа се поднасмеа и му рече:

-Момче, ти си од Србија. Матарушка Бања е до вас. Таа најмногу помага на жени-неротки. Ке отидете таму.

Го послушаа советот на баба Ванѓа и по една година добија дете. Баба Ванѓа знаеше каде да ги упати луѓето за да си го најдат лекот.

Бев студент кога по некоја работа отидов кај неа. Ме праша уште колку испити имам, а јас и одговорив:

-Дванаесет, баба Ванѓе.

Та а во моментот ми рече:

-Не се дванаесет, тринаесет се.

И ми ги нареди по ред кои предмети треба да ги полагам.Убеден сум дека од неа ништо не можеше да се скрие.

Едноставно требаше да си ја кажеш вистината.

При една посета. кога влегов кај неа имаше едно семејство со слепо дете. Не знам што разговарале пред тоа, но кога му се обрати на таткото, почна да му вика со висок тон:

-Ти си бре, многу прост! Не можеш на едно магаре сено да разделиш.

Простак!

Човекот не знаеше каде да погледне. Таа во одредени ситуации можеше да биде многу арогантна и дрска, но сигурно имало оправдани причини за нејзиното однесување.

Еднаш со мене го однесов колегата Марјан. Кога почна да му раскажува, сите роднини почна да му го кажува по име и на крајот му кажа на која улица живее.

Додека студирав, еднаш ме праша:

-А бре.вие во тој стан, колку луѓе живеете?

- Двајца, ѝ реков јас, а таа:
- Како бе двајца , го гледам целиот стан полн со луѓе.

Во тоа време се одржуваше Светското првенство и ние, како студенти, се собиравме во станот во голем број за да навиваме во друштво.

Кога човек ќе влезеше кај баба Ванѓа, беше како разголен човек. Таа гледаше како на рентген и физички и духовно. Да беше татко ми жив, верувам дека ќе имаше да каже многу нешта за неа и за нивното заедничко долгогодишно пријателство.

Можеби ќе биде нескромно ако спомнам дека ќерамидите за црквата ”Света Петка" којашто ја изгради баба Ванѓа на Рупите се подарок од татко ми и од Коле златарот, кој исто така, беше нејзин верен пријател.

---------- Фимка Гогова - Михајлова -

Трајкова Иринка, родена 1947 година
(градежен инженер во пензија)

Кон крајот на Втората светска војна, многу млади мажи биле носени да се борат на Сремскиот фронт. Меѓу нив бил и мојот татко Кирил.

Поминало извесно време, семејствата немале никакви вести дали се живи или мртви.Слушнале дека една група се подготвува за враќање, но мојата баба Ирина не била сигурна дали и мојот татко ќе биде во групата.

Мајкиното срце не можело да издржи, па решила да оди кај Ванѓа во Петрич да чуе што ќе ѝ каже.

Уште од вратата Ванѓа ја пречекала со зборовите:

-Не се секирај, Ирино, еве го син ти, свртен е кон дома. Ќе си дојде жив и здрав!

Така и се случило. По три-четири дена мојот татко се вратил дома како што кажала баба Ванѓа.

>{<

Мојата мајка Менка како девојче на 18-годишна возраст со нејзините другарки Фимка и Зора решиле да одат кај Ванѓа да ја прашаат дали ќе се мажат и кога. Со нив носеле по 3 коцки шеќер врз кои преспале претходната вечер.

Во тоа време Ванѓа седела на стол во дворот и гледала на народот. А дворот како и секогаш, бил полн со народ. Ванѓа не го ни допрела шеќерот што го носеле и почнала да им кажува на трите една по една.

-Знаете ли дека секое тенџере ќе си го најде своето капаче, па и вие исто. Тебе Фимко, еве го твојот другар работи со железо, поправа велосипеди.

Така и се случи. Нејзиниот сопруг имаше дуќан на

главната стара чаршија каде што до крајот на неговиот работен век поправаше велосипеди.

-Тебе Менко,еве го твојот другар во породот ,носи талпи на рамото.

Мојот татко беше тишлер (столар) и цел век работеше со штици.

На третата ѝ кажала:

-Тебе Зоро, младоста да ти ја имам,среќата да ти ја немам! Твојот се занимава со политика и не гледам каде ќе заврши. Ке оди преку море.

Подоцна кога нејзиниот сопруг заминал преку море и не се вратил, таа останала овде со две деца. Дури тогаш ја сфатила пораката од Ванѓа.

***

Еднаш мајка ми по некоја пријателка ѝ испратила поздрав на Ванѓа, а таа ѝ возвратила кога ќе доаѓа во Петрич, да ѝ донесе плетена мрежа за собирање на косата.

Во тоа време повозрасните жени носеа мрежи за да си ја приберат косата на главата.Имало некоја жена која била мајстор за плетење мрежи, па така мајка ми ѝ нарачала да исплете една и за Ванѓа.

Наскоро потоа, мајка ми требало да замине на бања во Благоевград, каде што одела редовно секоја шдина. По минување, навратила до куќата на Ванѓа. Немало народ, бидејќи во тоа време имало некаква забрана од власта и таа не смеела да гледа. Чуварот на вратата не сакал да ја пушти, но мајка ми го убедила дека доаѓа по нарачака од Ванѓа и треба нешто да ѝ предаде. Тој отишол да ја праша лично Ванѓа. Таа седела на клупата пред куќата и го прашала:

-Како се вика, бе, ја праша ли?

Тој ѝ одговорил:

-Менка се викала, Менка.

-Менка ли, бе? Точеќаевата, на другарка ми Јана, сестра ѝ.

-Пушти ја бе таа кучка да ја видам!

Мајка ми и се придружила на клупата и и го дала подарокот, а таа многу се израдувала.

Нашата куќа е на два ката со по пет врати .

-А, мори Менко, ти имаш дома десет врати.

-И со соседите имате проблем. Ајде, пушти ги! Ти на времето си им дала што треба. Имаш три деца-две машки и едно девојче. Едното машко ти живее далеку и таму ќе остане.

Мојот постар брат живее и работи во Скопје.

-Другиот син ќе ти се врати дома. Тој ќе си остане на куќата. Ќерка ти ќе дојде време често ќе патува преку море.

Поминаа години и мојот син единец, заврши Стоматологија и отиде да работи во Норвешка. Се остварија претскажувањата на тетка Ванѓа.

Тој сѐ уште не е женет и јас често патувам за Норвешка. Откако сум во пензија, таму останувам и по неколку месеци.

Маглешева Маре, родена 1940 година

(пензионер)

Најубаво цвеќе во најубавата градина беше душата на тетка Ванѓа. Мајка на многу деца, лекар за многу болни,утеха за тажните, а знаеше да ги укори и несовесните. За неа слушав и од мојата свекрва којашто ја познаваше уште од детството. Таа раскажуваше за нејзината дарба за претскажување и затоа во мене се роди желба да ја посетам и да побарам одговор на моите прашања.

Маглешева Маре

Израснав сирак без татко. Родена сум во1940 година на 27-от ден од октомври, а на 28-от Грција влезе во војна против Германија.

Татко ми бил мобилизиран уште летото од страна на грчката војска. Му испратиле писмо дека има ќерка,но не одговорил. И дури после 6 месеци моите ги известиле дека е загинат.

Каде?...Кога? ... сакав одговор. Одшворот го побарав кај Ванѓа некаде пред 1970 година.

Застанав пред неа исплашена со подадена рака со коцки шеќер. Не ме праша ништо...

-Ти за татко ти доаѓаш. Тој е умрен.Ти бараш гроб,но нема.Тој е изгорен во болницата,таму работеше. Ја бомбардираа Германците.

Да, тој навистина бил болничар во Јанинската болница што била бомбардирана на 17 април 1941 година.

Во 1973 година успеав да одам во Јанина.Најдов растурена болница, камења,но не најдов гроб.

Сето тоа ѝ го раскажав на мајка ми и по разговорот, таа побара помош за мојата братучетка од Канада која имала проблем со мажење . Им реков да пратат шеќер.

Кога го добив, со мојот сопруг Бранкодргнавме за Петрич кај тетка Ванѓа.Тој не веруваше во бајачки и гледачки,па по патот падна и некоја пцовка.

Отидовме на Рупите и кога таа го зеде шеќерот ,застана еден миг . Тој твојот таму што седихе лути и пцуе,викни го да го видам , па после ќе ти гледам.

Се почувствував непријатно , но го викнав. Тој дојде , ама лут.

-Што бре кабадијо.што се лутиш? Што ти е тебе Рисанта?Тетка ти е , а?

-Да, тетка ми е ,одговори тој.

-Е таа беше моја другарка. Јас сум ти тетка.ти си мое внуче. Работиш магазинер.а? Таму позади, во магазинот имаш два килима. Еден помал кафеав, другиот поголем винов. Колку пари чинат?

Бранко се стаписа.Точно ги опиша килимите.И така започна нашето зближување со неа.

Го држеше шеќерот со кренатa глава нагоре.гледаше во далечината и зборуваше:

-Девојката нема среќа. Многу лошо ѝ е направено. Додека е надвор, сѐ е добро, но штом ќе дојдат дома да ја побараат, таа изгледа како плашило. Ќе побараш да пратат чаша.лажичка и бело платно. Ќе ги измие рацете и лицето и водата ќе ја собере во шише и се ќе ми донесеш.

По еден месец сето тоа пристиша од Канада и отидовме кај каВанѓа. Гледаше.се мачеше,велеше:

-Многу е далеку. Ех.што е божја сила оттука преку море! Направено е од Арап. Облечена е во убав розов фустан. На гости кај тетка ѝ го ставија во кафе. Не можеше да го испие и побара лажичка. Затоа мене ми побараа чаша и лажичка.

Чашата ја фрлњводата и платното ги вративме назад.

-Нека си ги измие нозете , а водата да ја истури во цвеќињата! Од платното да си сошие перница и да спие на неа, што значи оти повторно е прекрстена.За два-три месеци ќе се омажи за Бугарин од Софија. И навистина се случи како што рече таа. Продолживме често да ја посетуваме, некогаш некој да однесеме, а почесто само да ја посетиме.

Секогаш знаеше дека доаѓаме и го праќаше чуварот кој не повикуваше:

-Ајде Бранко , те чека тетка ти!

При тие посети се расположуваше и ни поставуваше прашања за сѐ и секого. Кој како е и повеќе таа ни кажуваше кој што направил и што се случува во Струмица. Ме прашуваше за дворот , за цвеќињата , за дома... Знаеше какви цвеќиња имам, која саксија каде стои. Најмногу ѝ се допаѓаа патеките на скалите и побара такви да и однесеме.

Секогаш ме пофалуваше,велејќи:

-Ти си чистотница. Сѐ умееш , така треба.

Еднаш ја најдовме многу тажна. Ни се жалеше дека ја малтретираат.

Во нејзината куќа ѝ извршиле претрес и сѐ ѝ конфискувале ... дури и џемперот што сама си го исплете. Се расплака. Тогаш ние ја тешевме неа.

Новата 1973 година ја чекавме во Петрич. Дента отидовме да ѝ честитаме среќни празници со бонбониера и шампањско. Пак ја најдовме сама и тажна. Кога нѐ виде.толку многу се израдува што дури и се расплака.

-Ете, ете кој ме сака!

Седевме долго. Раскажуваше за многу работи. Нѐ испрати со радост и благослов.

За време на пограничните средби , таа дојде во Струмица за да венча едно свештено лице од Ниш кому како дете го спасила и крстила. Со неа имаше придружник кој постојано ја следеше.

Венчавката се одржа во црквата “Свети Кирил и Методиј” во Струмица . Бранко ги донесе кај нас на ручек . Јас бев подготвена,бидејќи ни доаѓаа гости од Петрич. Се наполни куќата со гости. Младенците со нив имаа и армоникаш.

Кога засвири тој, пеевме сите , а пееше и тетка Ванѓа.Едно време почнав да чукам на послужавникот како на дајре. Таа ми го зема од рацете и самата почна да чука . Ја извади шамијата од главата што секогаш ја носеше. Беше толку среќна , а истовремено и тажна . Кога седна, со солзи во очите ми рече:

- Денес се вратив во минатото кога со мојот Димитар стоевме на истиот олтар на венчавката . Сега се расположив и по првпат ја вадам шамијата од главата.

После ручекот одигравме неколку ора во дворот. Потоа младенците си заминаа за Ниш ,а таа отиде на гробиштата да го посети гробот на нејзиниот брат Васил Сурчев. Оттаму отиде за Ново Село, па за Петрич.

Одевме за помош на пријатели-познати и непознати. Многу случки , многу човечки судбини. Сите се враќаа задоволни и радосни од тоа што таа ќе им кажеше.

Во 1975 година планиравме да заминеме за Канада.Нѐ советуваше да не одиме.

-Што барате таму? Овде ви е убаво. Добро , ќе одите таму , ама за една година пак ќе се вратите дома.

Така и се случи. Кога се вративме ,таа ни се насмевна.

-Што ви реков и точно за една година еве ве , пак сте овде!

Кога правеше свадба на посинокот Димитар , таа беше кума. Бевме посебно поканети на свадбата.

Кон крајот на 70-те години, Бранко почна да работи како аквизитер за Народна книга од Белград. Продаваше секаква литература . Тогаш тетка му рече да се чува и да не одиме за Бугарија , бидејќи го следат бугарски агенти и на нејзино барање , го намаливме одењето.

Во 1968 година отидовме кај Ванѓа да се распрашаме за татко ми , но не завршив работа. Враќајќи се со автобусот , се запознав со две жени-едната од Белград , другата од Загреб . И двете биле кај Ванѓа . Бидејќи од Струмица немаше превоз за Скопје , ги поканив кај мене да преспијат , па утре да патуваат . По вечерата тие си ги раскажаа нивните проблеми за кои беа дојдени од далеку.

Загрепчанката не беше задоволна од средбата со тетка Ванѓа . Имала глуво дете и како што рече , немало држава каде тоа не било однесено , но од никаде
немало никаква корист . Ванѓа ѝ препорачала да го однесе во Софија кај некој лекар . Мајката покажа недоверба мислејќи дека Ванѓа им правзг реклама на бугарските лекари.

Белграѓанката облечена во црно си ја раскажа нејзината тажна приказна . Пред 40 дена ѝ починала ќерката која била матурантка , одлична ученичка и одличен спортист . Се подготвувала за матурскиот испит и често одела да учи покрај брегот на реката Дунав .

Еден ден ја пронашле падната во плиткото и удавена . Не можеле да ја откријаг причината за смртта . Заради вистината и нивниот спокој.помош побарале кај Ванѓа.

-Жено. биди си тажна за ќерката , ти си и мајка , но не бери грев на никого. Беше паметна и добра девојка. Смртта ѝ е од Бога. Доби срцев удар и падна со лицето кон водата и така се удави . Нели беше модра ? Тоа ѝ беше од ударот . Еве ја ќерка ти до тебе. Прашу ва што ви се удави во бунарот кога ѝ правевте 40 дена?

Мајката сосема збунета потврдила дека тој ден во бунарот паднала мисирка и се удавила.

-Прашува за цвеќињата . Имаш многу малоки (сардели) во дворот. Порачува да ги полеваш редовно. Сѐ што рече Ванѓа , беше вистина , рече гостинката од Белград.

-Цвеќињата ги одржувам и после тој разговор со Ванѓа

се чувствувам многу поспокојна.

На загрепчанката слушајќи го целиот разговор , како да ѝ се врати довербата во Ванѓа, па рече:

- Ќе го носам и јас детето во Софија.

Поминаа 20 години од смртта на тетка Ванѓа.но таа остана да живее во нашите мисли. Спомените за неа остануваат да живеат и да ги пренесуваме на нашите деца и внуци.

Петкоска д-р Силвана, родена 1957 година во Гостивар (специјалист епидемиолог, работи во Струмица)

На двегодишна возраст во време на епидемијата од детска парализа , ја имав таа несреќа да се разболам од таа болест.

Како последица на болеста ја имам парализата само на десната нога. Мајка ми ме носеше кај сите лекари за кои слушнала дека можат да ми помогнат . Лекарите предлагале да ме оперираат , но мајка ми се плашела да не се влоши состојбата уште повеќе .Таа многу слушала за Ванѓа и во 1967 година кога сум имала 10 години , одлучила да ја посети.

Кога се сретнала со Ванѓа , таа ѝ кажала:

- Девојчето ти е болно од детска парализа . Таа болест не се лекува целосно , но сѐ што ќе се направи , може да биде за подобро , никако за полошо . Ја гледам твојата ќеркичка , многу е итра и весела. Ја гледам на операциона маса . Ќе биде оперирана и ќе биде подобра , но нема да се излекува целосно.

Да не се секираш за неа ! Еден ден и самата ќе биде лекар и многу ќе учи и ќе биде успешна. Животот ќе го помине во бел мантил.

Сѐ што ѝ кажала Ванѓа на мајка ми, мене ми се случи во животот . За сметка на мојот хендикеп , Бог ми подари други квалитети коишто духовно ме исполнуваат .

Со мајка ми за Петрич отишол и мојот братучед кому жената три пати му раѓаше здрави деца,но штом ќе влезеше во третиот месец , децата без некоја посебна болест ,умираа.

Последната надеж им била да чујат што ќе им каже Ванѓа. Белким таа ќе најде решение за нивниот проблем. Кога се сретнал со Ванѓа , таа му кажала:

- Сега ќе си отидеш дома , но пак ќе дојдеш и ќе ми донесеш кукла , повој и пелена.

По 10 дена тој ги донесол трите работи и ѝ ги дал на

Ванѓа во рацете.

Таа ги подржала во рацете , ја повила куклата во пелената и ја замотала со повојот . Му ја вратила куклата на братучедот да си ја однесе дома и му кажала:

-Сега ќе си одиш дома . Жена ти ќе роди женско дете и ќе ја крстите Живка , за да живее.

Наскоро жената му забремени и роди женско бебе што го крстија Живка . По извесно време добија и машко дете . И двете израснаа без проблеми во здрави и напредни деца . Не знам како , но баба Ванѓа им помагаше на луѓето на свој начин , начин што ние тешко можеме да го разбереме.

Костова Драгица, родена 1936 година
(пензионер)

Семејствата на татко ми потекнуваат од с.Грамадна, Егејска Македонија . За време на Балканските војни ги напуштиле родните огништа со по една бовча во рацете , спасувајќи ги своите голи животи. Во себе силно верувале дека наскоро пак ќе се вратат и ќе ги продолжат своите животи како и дотогаш . Но, нивната единствена и најголема желба во животот престанала кога и последниот замина на оној свет .

Татко ми биле тројца браќа . Најстариот останал во Софија и таму отворил една мала бакалница колку за преживување . Другите двајца дошле во Струмица . Татко ми се оженил со мојата мајка и со божји благослов им се родиле три деца .

Во почетокот на 1942 година кога војната се проширила на нашите простори , мојот татко на 39-годишна возраст почнал да се жали на силни главоболки . Не можејќи да се лекува овде , чичко ми го повикал во Софија .Го носел по лекари.го примиле во болница на лекување , но состојбата му се влошувала , секојдневно станувајќи сѐ потешка .

Наскоро.мојата мајка добила телеграма од чичко ми веднаш да замине за Софија.Мајка ми изненадена од таквата лоша вест.одлучила пред да замине, да ја посети Ванѓа, да чуе што ќе и каже таа.

Уште од врата почнала да и зборува:

-Не ми доаѓај тука ! Оди дома собери алишта да го облечеш и се што е потребно .Тој не е добро !

Мајка ми не можела да ја прифати лошата вест што не ја очекувала . Не сакала да ѝ поверува ниту на Ванѓа и со неколку погрдни зборови ја навредила и тргнала да си оди.

Ванѓа видно изнервирана ѝ возвратила:

-Мори магарице, од судбината не се бега! Гоцето ќе умре, ама ти го имаш зелениот венец околу вратот. Не само што ќе се премажиш,туку и дете ќе родиш !

Имав 6 години кога со мајка ми тргнавме за Софија. Во малото вовче од Петрич седев стуткана до мајка ми на волнената торба во која беа потребните работи за татко ми . Околу нас имаше многу војници со пушки на кои им беа поставени бајонетите ... Тешка и незаборавна глетка за едно мало дете коешто цел живот ги носи во себе тие морничави спомени.

Во болницата се сретнавме со татко ми кој беше опериран и го имаше изгубено говорот. Нѐ препозна со мајка ми,но само мавташе со раката. Почина многу брзо по нашето пристигнување.

Во тоа време , во услови на војна и без пари беше сосема невозможно да го однесеме мртвото тело на татко ми во Струмица. Чичко ми беше свесен дека сега мајка ми со три деца ќе се најде во многу тешка состојба и одлучи да го погребаме во Софија.

Кога се вративме дома.мајка ми отиде кај Ванѓа и плачејќи на колена ја молела за прошка,зошто носеше голема тежина на душата заради искажаната недоверба.

Сиромаштијата и војната и го отежнуваа животот на мојата мајка со три малолетни деца. По две години, таа на 35-годишна возраст се премажи за човек со пет деца од кои, двете веќе беа оженети. Од тој брак се роди и едно машко дете и така,зборовите на Ванѓа станаа вистина.

***

Мојот свекор по потекло е од Велес. Неговиот татко уште пред војната му купил автомобил со кој работел како таксист.Се преселил да живее во Скопје и често превезувал патници за Струмица.

Така, доаѓајќи овде ја запознал мојата свекрва. Се вљубиле еден во друг и се венчале. Останале да живеат во Струмица.

За време на војната , го земале вежба во Скопје и оттука му се изгубила секаква трага . Три години семејството не знаело дали тој е жив и здрав,ниту каде се наоѓа . Свекрва ми отишла кај Ванѓа како последна надеж да дознае што ќе ѝ каже . Ванѓа и рекла:

-Не се секирај, не е мртов. Жив е, но е завртен со грбот накај дома . Уште ќе остане надалеку.

Тој во тоа време бил со англиската војска како нивен војник.

Го прошетал целиот Блиски Исток , а бил и во Ерусалим , на светиот гроб.

Бидејќи бил шофер , а се разбирал и во механика , работел во хангарите на поправање на авионите што се враќале од воените акции.

Редовно испраќал писма до семејството , но тие никако не стигнувале до нив . Веројатно некој некаде ги задржувал.

Свекорот испратил писмо по некој пријател кој патувал за Истанбул и го замолил оттаму да го пратат до неговото семејство во Струмица. Тоа било првото писмо што го добиле и разбрале дека е жив и каде се наоѓа. Поминале уште две години додека се вратил дома . Зборовите на Ванѓа биле вистина.

***

Во 1976 година , мојата снаа од брат со нејзината мајка планирале да одат кај Ванѓа заради свои лични проблеми. Штотуку бевме купиле ново “фиќо” и со мојот сопруг одлучивме да одиме заедно.

Кога Ванѓа заврши со нив двете , ја замолив да ми каже и мене нешто за мојот живот . Не носев шеќер , па ме праша дали

носам часовник на раката и јас ѝ го дадов. Го зеде часовникот во рацете и почна да зборува :

- Е , е , е , е , ти имаш 4 деца .

- Ама јас имам две , ѝ реков , ама таа пак ми повторуваше велејќи ми дека се четири .

Јас имав еден спонтан и еден планиран абортус што таа ги виде .Тие два плода кои не добија шанса да се родат , веројатно некаде во божјите простори постојат како мои деца за кои јас немав такви сознанија.

Ме праша дали ме болат половините. Јас ѝ реков малку , .нó денес , после многу години , тие ми се голем здравствен проблем.

Ми препорача да правам прошетки :

- Прошетувај , но не накај селото Баница , по патот за гробиштата каде често одиш на гробот на мајка ти и многу плачеш . Ќе шеташ во нашето маало кај црквата “Св.Петнаесет" накај лозјата , на чист воздух !

Наеднаш почна да зборува со некој кого ние не го гледавме.

-А , еве ја , тетка ти која е почината. Доаѓа со некои ваши блиски роднини и соседи . Еве ја и мајка ти. За раката води едно мало девојче.

Неодамна беа починати 2 наши мали внукички . Веројатно таа била едната од нив двете . Ванѓа ме праша :

- Зошто мори мајка ти е облечена во таков кус фустан?

Мајка ми имаше убав свилен фустан што сестра ми го испра пред да почине за да биде чист . Фустанот беше малку собран од перењето и кога и го облековме кога почина , навистина беше краток.

Бев наполно збунета од нејзините зборови како сето тоа таа го виде . Сега мајка ми зборуваше преку Ванѓа .

- Прашува кој даде пари да се направи нејзиниот гроб.

Јас ѝ кажав дека парите ги дадовме јас и мојот брат ,

но мојот очув подоцна ни ги врати . За нив и денес жалам . Не требаше да му ги земам .

Таа ми порача да го гледам брат ми Александар кој беше психофизички инвалид од прележан детски менингитис . Тој е преродено дете на мајка ми од вториот брак за кого јас долги години се грижев.

На крајот Ванѓа ми рече да одам три пати во црквата "Св. Петнаесет маченици “ во Струмица да се молам и уште три пати во истоимената црква во селото Куклиш.

Делев Коле, роден 1946 година, с.Пиперево (златар)

Тетка Ванѓа ја запознав многу одамна , некаде во 1979 година .

Причина беше семејната трагедија на мојата тетка , па така со мајка ми ги однесов кај неа . Тие влегоа , а јас останав надвор. Кога завршила со тетка ми , на мајка ми ѝ кажала за мене :

- Твојот син Коле двапати ќе се жени и ќе има деца , но на крајот , животот ќе го заврши сам . Ќе постигне доста во животот , но и многу ќе изгуби . Ке има падови и угорнини , но сепак ќе успее да остане исправен и цврсто да стои на своите нозе .

Бев пријател со стоматологот д-р Ацо Митев кој , по смртта на неговата сопруга во 1975 година често ја посетуваше тетка Ванѓа . Тој по потекло беше од Ново Село , како и татко и на тетка Ванѓа , па веројатно по таа линија и беа блиски .

Понекогаш го придружував при неговите посети кај неа и така спонтано се спријателивме. Повремено одев и сам да ја видам или да завршам некоја работа . Секогаш ме примаше расположена , разговаравме на разни теми , но понекогаш знаеше и остро да ме искритикува . Пред неа не можев да скријам ништо . Ме гледаше како на рентген , дури и ме советуваше какви чекори и одлуки да донесам . Сѐ што ми се случуваше во животот . таа го гледаше , но некои работи велеше дека не можеме да ги промениме , колку и да не ни се допаѓаат.

Во 1992 година дојде една жена кај мене и ми рече:

-Доаѓам откај Ванѓа.Таа порача со д-р Ацо Митев да одите кај неа!

Се прашував зошто нѐ вика . каков проблем има.

Кога стигнавме кај неа , бевме шокирани од тоа што ни го раскажа .

-Слушајте , ни рече...Синоќа бев кај светите 15маченици. Тие ме повикаа . Се сретнавме на ритчето над црквата “Св. Петнаесет маченици” во Струмица .

Кога влегов кај нив , бев заслепена од светлината што зрачеше од нив . Сѐ околу нив трепереше од божја светлина .

Долго разговаравме , но најмногу околу изградбата на новата црква во градот .

- На струмичани ќе им пренесете дека на тоа место каде што треба да се изгради црквата , ќе има голем храм ! Градот расте и уште ќе расте и има потреба од таков храм . Засега тоа е идеја на неколку луѓе , но подоцна вие двајцата ќе влезете во одборот за изградба на црквата и ќе помагате за нејзината градба !

Кога се распиша конкурс за идеен проект за градба , се пријавија 24 кандидати , од кои , 12 беа можни . Постоеше и книга во која граѓаните си го кажуваа нивното мислење.

Со д-р Ацо Митев ги фотографиравме сите 12 проекти и ги однесовме кај тетка Ванѓа да каже кој од тие 12 ќе биде црква што ќе се гради.

Додека ние разговаравме , таа ги разгледуваше фотографиите една по една и во еден момент рече :

- Ете,оваа ќе биде црквата што ќе се гради во Струмица.

Јас ја прашав како да се вика .

- За тоа ќе дојдете друг пат.

Таа го издвои проектот на Јанко Константинов.

Кога Иницијативниот одбор седна да одлучува вклучувајќи го и мислењето на граѓаните , и покрај некои несогласувања , победи проектот што го избра тетка Ванѓа .

Кога отидовме да ѝ ја соопштиме дефинитивната одлука на одборот и на народоцтаа рече :

- Црквата ќе се вика “Успение на Пресвета Богородица” зошто таа е заштитничка на градот .

Во исто време , на еден наш сограѓанин на сон му се

кажало црквата да се вика Успение на Пресвета Богородица. Тоа беше уште еден доказ да се потврдат зборовите на тетка Ванѓа.

Се осветија темелите и почна градбата.Со време работите застанаа.

Испадна дека црквата ќе биде многу голема и скапа.Отидовме со Ацо кај Ванѓа да ја прашаме зошто застана изградбата.

Таа ни рече:

- Можеби сега застанаа работите од непознати причини,но ќе дојде ден таа црква ќе се направи , ако Бог кажал да биде , тоа никој не може да го промени . Ќе биде најголемата црква на овие простори . Кога ќе чукне камбаната, ќе се слуша дури во Петрич.

При една средба со Ацо кај неа , разговаравме што ќе се случува со нашата државичка . Почна да ни кажува:

- Сега работите не одат најдобро , но ќе дојде ден кога Македонија ќе биде најубава и секој ќе сака да дојде и да живее во неа.

Постојано им кажувам на сите политичари коишто доаѓаат кај мене , на сите со кои граничиме:

- Отворете ги границите,народот да се движи слободно , да се дружи . На тој начин луѓето ќе се зближат,ќе се сакаат и ќе се почитуваат !

Таа зборуваше за Балкан без граници . Останува да се молиме и да се надеваме дека во блиска иднина еден ден зборовите на тетка Ванѓа ќе станат вистина.

Готева Нада,родена 1939 година
(домаќинка)

Некаде во далечната 1980 година , мојот син Ѓорги се врати од
војска и се запиша на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Уште со самото доаѓање дома , се жалеше на болки во половините . Инаку , тој уште од дете активно се занимаваше со спорт .

Додека беше на отслужување на воениот рок , го испитувале , го снимале ,
но ништо не можеле да откријат . Му кажале дека сигурно е некоја бактерија во коските и му препорачале одредена терапија .

Испитувањата ги продолжи на студиите во Скопје , бидејќи болките му беа постојани,но и таму не можеа ништо да откријат . Му препорачале да продолжи со терапијата .

Шест месеци пиеше лекови од кои немаше никакви резултати . Кога до пролетта болките не му престанаа,одлучив да одам до Ванѓа во Петрич . Заминавме двајцата со Ѓорги . Стоевме пред куќата,кога одеднаш слушнавме глас :

- Ајде да влезат луѓето од Струмица !

Уште од вратата , Ванѓа ми се обрати со зборовите:

- Што си се исплашила бе , Натке? На твоето дете не му е ништо . Нема никаква болест , Цабе со месеци се труе со лекарства. Тој е млад , здрав , а и спортува . Тој е изместен . Нека прави бањи на Рупите и нека вежба .

Ке биде здрав како и порано. А ти , Натке , пред извесно време си правела слатко во дворот. Како не се сети да намачкаш 2-3 фелијки и да дадеш на неколку деца да си апнат? Рачето на девојчето на твојата јатрва кое е починато , цело време беше подадено.

- Тоа што го слушнав беше нешто непознато за мене. Не знаев како да си го објаснам.

Си тргнавме со синот за Струмица , а тој ми рече:

-Мамо , јас не ѝ верувам на таа стара жена .

Се ближеше летото и тој се подготвуваше да замине на одмор во Охрид .

- Слушај сине , му реков . Искористи го одењето во Охрид да се прегледаш во Костозглобната болница во Охрид . Таа е специјализирана за коски .

Му ги направиле сите испитувања и снимања , но и таму лекарот му кажал дека не може да открие никаква болест . Му кажал :

- Кај нас доаѓа професор од Белград и ни помага во разрешувањето на поспецификните случаи . За 5 дена треба да пристигне . Остави ги овде резултатите и дојди повторно !

Кога се сретнал со професорот во неговиот кабинет , му кажал :

- Ти си сосема здраво момче и престани да ги пиеш лековите . Болките што ги чувствуваш се од друга причина.Ти си изместен . Ќе вежбаш специјални вежби и ќе бидеш сосема здрав!

Така испадна . Професорот ја потврди дијагнозата на Ванѓа што ја постави без никакви испитувања .

По извесно време , само со вежбање , мојот син беше сосема здрав .

Диков Душко, роден 1938 година (пензионер)

Знам дека на оваа земја не се раѓаме само за среќа и убавина . Бог секому му дава и од доброто и од лошото. Некому повеќе од едното,а некому од другото, а истовремено и сила сето тоа да го издржи.Во спротивно , човек нема да може да го продолжи животот .

Сѐ што преживеавме со мојата сопруга , го прифаќам од Бога дадено . Тој ни даде сила да го издржиме иако сѐ уште живееме со таа болка со којашто ќе заминеме на оној свет .

Со тешко срце се присетувам и ги раскажувам најтешките моменти од нашиот живот во кои најголемата надеж , покрај молитвата кон Бога , ми беа средбите и разговорите со тетка Ванѓа.

Во 1983 година во тешка сообраќајна несреќа загина мојата ќерка којашто беше девојка пред мажење. Автомобилот во кој се враќаше од работа удри во трактор. Тешко повредена . во коматозна состојба беше пренесена на Интензивното одделение во струмичката болница. Лекарите правеа сѐ што можеа да ѝ го спасат животот , но состојбата тешко одеше кон подобро.

Надежта ме водеше кај Ванѓа.Кога стигнав во Петрич , затекнав толпа од народ и не знаев како ќе дојдам до неа , а маката ми беше многу голема .

Се случи чудо што јас не можев да си го објаснам. Таа однатре извика со висок глас :

- Ајде да влезе Душко од Струмица!

Уште од вратата почна да зборува :

- Ајде Душко , ајде,влегува ј! Девојчето со конче го извадив од гробот . Повеќе не се секирај ! Ќе се спаси . Најлошото помина .Сега е на Хирургија . Ја лекува доктор Андонов , но таму нема да остане долго . Подоцна неа ќе ја лекува доктор Цеков.

Постепено лека полека .Тој е психијатар . Сега ќе се вратиш дома и ќе ми донесеш вино и срце од гулаб !

Наредниот ден повторно отидов кај неа со виното и гулабовото срце .

Го зеде виното во едната и срцето во другата рака . Ги држеше некое време и како мисловно да разговараше со некого . По кратко време ми рече :

- Сега земи ги ! Стави го срцето во виното и врати се назад !

Ми кажа кој ден ќе се разбуди од комата,но нема да може да зборува . Ќе ѝ дадете да се напие од виното и таа ќе прозбори Еден период ќерка ми не се сеќаваше на ништо . Имаше амнезија на мозокот, но како што кажа тетка Ванѓа , лекувањето го продолжи д-р Цеков .

Со многу љубов и трпение работеше со неа и постигна задоволителен резултат . Ванѓа не само што ми кажа дека девојчето ќе оздрави, ми кажа и нешто што многу ме израдува .

- Чекај стројници ! Ќе дојде човек во униформа.Ќе биде воено лице или полицаец .

По 6 месеци кога состојбата ѝ беше стабилизирана, дојдоа стројници и направивме веридба . Но , главниот стројник , свекорот , беше во полициска униформа .Тој беше командир на полицијата во Струмица , точно како што кажа Ванѓа .

По сето лошо и добро што ни се случи , отидовме да и се заблагодариме . Сопругата направи слатко пелте во калап од риба.Однесовме и други подароци,но таа на слаткото многу му се израдува и рече :

- Алал да ѝ е на жена ти! Ова е старовремско слатко.

Токму на време сме ѝ го однеле , бидејќи таа имала некои важни гости од Русија со кое рече дека ќе ги почести .

Моите средби со неа продолжија . Некогаш одев само да ја посетам , некогаш завршував работа на мои блиски пријатели .

При една моја посета кај неа , ми рече :

- А бре , Душко , јас оттука гледам во дворот на Светла Бунгурџиева три бели олеандри . Ќе одиш да ти ја даде средната саксија да ми ја донесеш ! Ако ти прават проблем на границата , кажи им да ми се јават по телефон !

Точно така и се случи. Во тоа време работев во фирмата “Ивањица”, продававме теписи . Тоа беше српска фирма .

Еден ден дојде генералниот директор на “Ивањица” и во разговор дознав дека немаат деца . Му предложив да го однесам кај Ванѓа , а тој со задоволство го прифати предлогот . По средбата со неадие добија две деца .

Некаде во 1985 година мој пријател од Струмица кој исто така немаа деца , изрази желба да го однесам кај Ванѓа . Жена му се двоумеше и немаше некоја верба дека таа може да им помогне . Уште со влегувањето ѝ кажа :

- Доаѓаш без волја . Зошто не ми веруваш ?

Директно им кажа дека нема да имаат деца . Се вратија разочарани и одлучија да си посвојат девојче . Не помина долго време , и двајцата починаа млади , а девојчето го одгледа бабата . Да , верувам дека Ванѓа ја виде нивната судбина и не сакаше децата да растат сирачиња .

Еден ден требаше да одам кај Ванѓа и мојот 10-годишен син сакаше да дојде со мене . По разговорот со неа , кога сакав да си заминам , детето почна да ја моли :

- Ајде , баба Ванѓе , гледај и на мене ! Гледај , многу ти се молам !

Се чудев што му стана на детето , што очекуваше да му каже . Та тоа е уште едно мало дете . Таа погледна во него,си ја преапна устата и ми рече :

- Душко , тебе ова дете ќе ти оди многу надалеку ! Ќе ти оди во странство !

Јас ј а видов гримасата на лицето , без да ми каже , помислив дека виде нешто лошо .

Не помина многу време,една ноќ ги сонувам света Богородица и света Петка и ми велат :

- Ќе ни го дадеш детето . Ние ќе ти дадеме друго .

Сонот ми се повтори уште два пати . Не можев ништо да ѝ кажам на сопругата . Живеев со тој страв очекувајќи дали и кога ќе се случи она најлошто . Во себе се помирив , знаев дека тоа што ни е зацртано од Бога , не можеме да го промениме. Секој изминат ден беше подарок за мене , гледајќи и галејќи го своето дете . Но , кога најмалку очекувапцсмртта ќе ти тропне на вратата.

Дојде и тој кобен ден кога детето возејќи го својот велосипед во близина на нашата куќа , го удри трактор . Со тешки повреди и внатрешно крвавење на главата , тоа си почина . И овде , како и кај ќерката , причина за несреќата беше трактор.

Подоцна внуката од ќерка ја повреди трактор , а и мене и сопругата не удри трактор.па и двајцата бевме повредени . Некоја чудна коинциденција тогаш се случуваше во иашето семејство . Случајност. , или прст на судбината , знае само Бог.

По смртта на синот што многу тешко ја преживеавме , отидовме кај Ванѓа . Ја прашав зошто не ми кажа кога ја виде целата несреќа .

- Прими го моето сочувство , Душко! - ми рече таа. Тие работи не се кажуваат . Како ќе ги живееше тие денови ? Јас ќе ти дадам друго дете . Нема да помине ни година , ќе се роди и ќе му го ставите истото име - Ристо! Еве го детето , дојде . Со него се твојата сестра и брат . Само да знаеш од кога го чекаа . Сега и двајцата го држат за рацете .

Се вративме дома размислувајќи како со толку голема болка да ни каже дека до годината ќе се роди друго дете . Но , Бог сакал да не утеши , да ни ја пополни празнината .

Денес по толку време , и двајцата не знаеме како се случи тоа . Кога жената откри дека е бремена , не можевме да поверуваме. Отидовме кај тетка Ванѓа , а таа уште од вратата нѐ

извика:

-Ајде Божијанко,ајде влези ! Ќе се роди машко дете .

Инаку , мојата сопруга беше од семејството Божијанови.

Пред одбележувањето на годивднината од смртта на детето , се роди другиот син којшто го крстивме по името на неговиот брат Ристо . Нашата лоша судбина не заврши со тоа .

Помина година.почипа зетот од ќерката,а таа остана млада вдовица на 43-годишна возраст со две девојчиња . Се молиме на Бога секој ден и се надеваме дека лошите денови останаа за нас , а Бог ќе ни го осветли патот кон иднината .

Спасов Петре, роден 1969 година, с.Мокриево (рентген технолог во Струмица)

Станав градоначалник на Ново Село во периодот од 2009 до 2013 година . Во тоа време засилено се работеше за развојот на селскиот туризам , особено заради постоењето на двата водопади -Колешинскиот и Смоларскиот што се наоѓаат во пазувите на легендарната планина Беласица .



Дел од комплексот на Ханската чешма

Тие две места се претворија во туристички дестинации што ги посетуваат голем број луѓе поединечнои организирано во група .На излезот од Ново Село кон Бугарија се наоѓа легендарната Ханска Чешма ,



Ханскаша чешма денес

позната по местото на кое познатата пророчица баба Ванѓа ги загубила своите очи.

Во 1923 година нејзиниот татко Панде Гуштеров по потекло од Ново Село го донесол своето семејство од Струмица кај својот брат , бидејќи западнал во тешка екомномска состојба .

Овде малата 12-годишна Ванѓа со нејзините две

братучетки го носеле млекото натоварено на магаре до местото каде што се вршел откупот.



Ханската чешма некогаш

Еден ден, враќајќи се во селото,навратиле до Ханската Чешма да се напијат вода и да се освежат . Што се случило , никој не знае .

Одеднаш се дигнала страшна бура , небото потемнело , почнал да дува силен ветар кршејќи ги гранките од дрвјата , ги корнел младите фиданки и заедно со грутки земја ги носел далеку во полето.

Ванѓа била истуркана два километри внатре во полето, дури во местото наречено Трнако . Кога ја пронашле , била затрупана со земја,камења и гранки .

Нејзините очи биле толку загадени и повредени што подоцна не помогнале ниту лекувањата во Белград .

Тоа место во последните неколку години, особено по смртта на баба Ванѓа , почнаа да го посетуваат мнбгу граѓани и туристи . Овде може да се сретнат и новинари од Бугарија и од Русија кои името на Ванѓа го изговараат со голема почит .

Во текот на нејзиниот живот , многу луѓе од Ново Село

и околните места ја посетуваа барајќи помош и трошка надеж. Секојдневно ги имаше пред нејзината врата , а таа гледајќи ја нивната мака , сама ги повикуваше да влезат без да чекаат .

Како градоначалник на општина ми се роди една идеја да изградиме чешма посветена на баба Ванѓа на местото на старата Ханска Чешма.

Немавме доволно средства за еден таков проект , но се одзваа бизнисмени и обични граѓани коишто помогнаа со свои донации да биде изградена чешмата .

Денес кога луѓето поминуваат по тој пат , чешмата на баба Ванѓа и малиот параклис изградени во нејзина чест и спомен , ги привлекуваат сите добронамерни патници .

Ова стана место на поклонение , место за одмор и почивка , патниците да се напијат вода , да се освежат и да се помолат за покој на нејзината душа .

Лазарова Виле, родена 1966 година (сопственичка на златарница)

На моја 13-годишна возраст , во 1980 година ја имав таа среќа да ја запознаам тетка Ванѓа и моите средби со неа продолжија до крајот на нејзиниот живот . Таа ми беше најголемата утеха и надеж во животот . Беше лек за мојата душа.

Со брат ми Коле патувавме за Грција , па попатно свративме да ја посетиме .

Мојата мајка имаше одено кај неа и слушајќи ја како раскажува за нејзините способности , бев многу возбудена . Брат ми влезе , но јас останав надвор . Се плашев од средбата со неа. По некое време ме повикаа и јас влегов внатре . Седнав на столот спроти неа и скришум ја погледнував . Тие си разговараа и одеднаш брат ми ја праша :

- Тетко , што ќе ми кажеш за моите сестри ?

А таа рече :

- Што да ти кажам бре ? Убави,лични моми . Едната многу ќе заглави во животот . Ќе се омажи за една вечер .

Во тој момент , не знам зошто , но помислив дека тоа ќе и се случи на сестра ми Ката . Кога му кажав на брат ми што ми падна на ум , тој зачудено ми рече :

- Од каде пак , ти знаеш за која се однесува ?

Но , тоа што е некаде запишано,не оди на камен , туку ќе ти дојде на главата . По 10 години сестра ми Ката се омажи за една вечер, но не беше само тоа.Таа заглави во животот , како што рече тетка Ванѓа . Како врв на сето тоа што го преживуваше, се разболе и умре многу млада .Остави едно девојче да расте без мајка.

Со Маре Гошева којашто беше блиска со тетка Ванѓа , често ја посетувавме . При една наша посета , со мене беа и моите два сина на три и петгодишна возраст .

Мојот сопруг беше правник , но желбата му беше да стане адвокат . Ја прашав тетка Ванѓа дали ќе му се исполни таа желба , а таа одговори :

- Ќе биде , ќе биде , ама малку тешко .Но , да знаеш дека ќе стане добар адвокат .

Требаше да поминат 10 години за да се остварат зборовите на тетка Ванѓа.

Кога и да имав потреба да побарам совет од неа , ме примаше со отворена врата . Кога беше расположена , сакаше да си поприкажува , да се пошегува , а знаеше да се насмее до солзи . Во суштина , таа беше многу принципиелна , правична , понекогаш и многу строга. Не случајно , секому му допушташе да ѝ се доближи , да ѝ биде пријател , ама сепак таа многу строго ги бираше луѓето околу себе.

Не се сеќавам која година беше , но се случи пред Велигден .

Дојде една жена и ми рече :

- Оваа боја ти ја испрати баба Ванѓа. Сака да ѝ вапсаш јајца за Велигден !

Во продавниците снема јајца , па јас решив да ѝ ги подготвам моите што веќе беа купени . Поминав откај сопругот на работа, а таму некој му донел јајца и си реков проблемот сам по себе ќе се реши .

Ги вапсав јајцата , направив милиброд и некои други работи за празникот и следниот ден мојот брат требаше да ги однесе. Ги зедов јајцата да ги ставам во автомобилот , но на вратата како некој да ми ги зеде од рацете , паднаа на земјата и сите се скршија . На крајот се случи тоа што го кажав .

Моите јајца отидоа кај тетка Ванѓа . Не верувам дека тоа беше некоја случајност ,зошто ништо во животот не ни се случува случајно.

Сопругата на мојот помал брат беше многу болна , а таа ја одржуваше во живот . Беше на лекување во Франција , во

Париз, кога јас отидов кај тетка Ванѓа . Ми рече да ѝ однесам бело платно и восок , а по неколку дена да отидам да го земам . Платното требаше да го испратам воПариз , снаата да се замота во него и да преспие една ноќ , брат ми да го испрати назад , а јас да го однесам кај Ванѓа . Но , проблемот беше што сето тоа требаше да се заврши за седум дена . Го донесов платното дома , размислувајќи како ќе стигне во Париз .

Во животот ни се случуваат чудни работи , а токму сега ми беше потребно едно такво чудо . Верував во моќта на тетка Ванѓа , дека таа ќе направи сѐ за да ја завршам успешно таа работа.

Следното утро покрај мојот дуќан помина еден пријател , кој ми кажа дека утре рано патува на саем во Париз . На чуден начин тетка Ванѓа ми го донесе човекот пред мојата врата кој ја заврши целата работа . Ете како божјите патишта се непредвидливи и семоќни.

За мене лично никогаш за ништо ја немав прашано . Еден ден во дуќанот влезе стоматологот Ацо Митев , кој беше близок пријател на тетка Ванѓа и ми рече :

- Бев кај тетка Ванѓа , многу ми зборуваше за тебе и ми кажа дека си од Бога надарена и имаш божји дар .

Во животот секогаш се молев само за здравје на моето семејство , за моите блиски и за ништо друго . Но , бог ми даде се што ми е потребно и многу сум му благодарна .

Поминаа 19 години од нејзината смрт , но таа продолжува да живее во нашите срца. Секојдневно ја спомнуваме и знаеме дека нејзиниот дух е меѓу нас , ни помага и нѐ заштитува.

Јанкова д-р Снежана,родена 1955 година (специјалист интернист)

Уште како девојче слушајќи ги моите родители како разговараат , имав впечаток дека многу често го спомнуваат името баба Ванѓа.

Во почетокот не знаев за која личност станува збор , но со текот на годините стекнав една целосна претстава за неа , која е видовитата жена којашто мојот татко толку многу години ја посетуваше.

Според кажувањата , во 1958 година моите родители биле на одмор во Бугарија . На враќање застанале во Петрич , со намера по првпат да ја посетат Ванѓа .

Мајка ми била бремена со трето дете , а веќе нѐ имале мене и сестра ми , па сакале да ја прашаат што ќе биде третото дете.

Таа им кажала да не се секираат , бидејќи тоа што го носи мајка ми во утробата ќе биде машко дете .

- Тоа дете да го чувате од вода! Еден ден ќе оди многу далеку , преку големата вода.

Моите родители цело време живееја со мислата кога и каде ќе замине да живее мојот брат .

Откако се ожени и овде направи голема и убава куќа , на 42- годишна возраст одлучи да замине за Нов Зеланд , каде што и денес живее со неговото семејство.

Ете , после толку години се остварија зборовите на баба Ванѓа што ги кажа уште пред неговото раѓање. Како и каде го гледаше сето тоа што го кажуваше , не можам да си објаснам и денес.

Татко ми Алеко беше човек од чаршијата. Работеше во продавницата на “Багат” во која се продаваа машини за шиење. Имаше пријатели од многу градови во некогашната

Југославија.

Како што славата за баба Ванѓа и за нејзините способности се шириле низ Балканот и светот , така кај татко ми доаѓаа пријатели од секаде .

Секој со своите проблеми , лични , семејни , бараа начин како да стигнат до неа да им помогне . Веројатно таа беше нивната последна надеж .

Татко ми ги спроведуваше до Петрич , им помагаше да влезат кај баба Ванѓа , без да чекаат долго време , а истовремено се спријатели со неа и станаа многу блиски .

Се случуваше таа да побара нешто да ѝ однесе , а тој со задоволство ѝ ги исполнуваше барањата и желбите.

Понекогаш ни кажуваше како без да се најави дека е пред нејзината куќа , таа сама го повикувала . Како го знаела тоа , само Господ знае .

При една средба , му кажала на татко ми за мене :

- Ја гледам во бело облечена , ќе биде докторка и ќе им помага на болните.

Додека татко ми беше во состојба , ја посетуваше.

Баба Ванѓа за нашето семејство остана запаметена како една извонредна силна личност со голема божја дарба.

Кирова Васка, родена 1971 година

(професор)

Во детството никој не знае кој и што ќе стане во животот , ниту знае кој за што е благословен и каде води неговиот пат . Јас и моето семејство никогаш не сме биле кај Ванѓа .
За неа имам слушано од детството и младоста на мојата баба Јана Точеќаева , родена 1911/12 во Владаа , Егејска Македонија . Таа била другарка и сосетка со Ванѓа , а куќите во Струмица ги делел само поројот .
Минувале години и баба ми се омажила , а во 1936 година се родил мојот вујко .
Бидејќи во тоа време на овие наши простори владеело Кралството Југославија , младите момчиња морале да служат во редовите на српската војска . Еден од нив бил и дедо ми Ристо Мицев . Тој редовно си го отслужил воениот рок , по што се вратил дома кај својата сопруга и синот .
Во тоа време , со објавувањето војна на Полска од страна на Германија во 1939 година , во Европа на некој начин веќе била започната војната .
Германските окупатори напредувале и на Источниот фронт , но зимата ги принудила да ги почувствуваат студот и тешкотиите , а со тоа и поразите , па од исток почнале да се повлекуваат .
Југославија во самоодбрана мобилизирала војници од сите краишта , па и од Струмица . Меѓу нив бил и дедо ми , а мојата баба веќе била бремена по вторпат . Тој бил повикан во редовите на најсилната војска во градот Кралево и оттаму бил префрлен на североисток во градот Вршац , во рамките на југословенскиот кордон како поддршка на руската војска за отпор и одбрана на Југославија од фашистичкиот окупатор.
На 6 април 1941 година Германците го бомбардирале Белград со што , овде започнала Втората светска војна.
Во војната деновите се тешки како години . Бидејќи баба

ми била пред породување , а од дедо ми немало никаква вест , таа отишла кај Ванѓа да ја праша за него . Веројатно , не сакајќи да ја исплаши и разочара поради нејзината блажена состојба , само и кажала :

- Јано , еве го Ристо , го гледам , свртен е со грб. Лицето не му го гледам. На другарите им вели дека сака да има девојче. Ти ќе родиш девојче и тоа ќе личи и по изглед и по карактер на татка си.

На 29април 1941 година се родила мојата мајка. Поминал извесен период , а од дедо ми и понатаму немало никаков абер.

Кога баба ми пак се видела со Ванѓа , таа ѝ рекла :

- Јано , сама ќе ги подигнеш децата , работејќи чесно како аргатка. Децата ќе ти бидат мирни , вредни и послушни и нема да те засрамат во животот . Ристо не го чекај , не се враќа ! Ќе остане во друга држава . Околу него лежат мртви борци . Еден ден и ти ќе одиш во таа земја. Ристо не загина ни за жена , ни за деца . Загина за земјата !

Баба ми со тешко срце ја прифатила вистината , бидејќи како што ни кажуваше , со дедо ми се земале со голема љубов , а имале и слога во бракот .

Дедо ми бил ранет во војната и од Вршац бил однесен во Воената болница во градот Темишвар во Романија. Таму им подлегнал на повредите и на 14 мај 1941 година починал , не знаејќи дека има девојче .

Баба ми сама и беспомошна , колку што знаела и можела , го барала гробот на дедо ми под презимето Раборцалиев , бидејќи тој потекнувал од Раборци , но без никакви резултати .

Моето семејство знаеше дека дедо ми е погребен во Романија и ништо повеќе. По 38 години од неговата смрт , во 1979 година од тв- емисијата “Белградска хроника” мојот татко дозна дека Воениот аташе на СФР Југославија ќе положи венец на гробот на паднатите борци во Темишвар по повод 4 Јули- Денот на борецот.

Во согласност со мајка ми , татко ми писмено се обрати до Црвен Крст на Југославија да го побараат гробот на дедо ми, но со презимето Мицев.

По една година чекање , добивме писмо во кое беше наведена точната парцела во градската гробишта во областа Тимис каде што е погребен дедо ми.

Летото во 1980 година јас , сестра ми , мајка ми , татко ми и баба ми којашто тогаш имаше 68/69 години , заминавме за Темишвар (Романија) и таму го најдовме гробот на дедо ми во Алејата на паднатите борци во војната од Југославија и од другите европски држави , за што имаме и фотографии .

Секој загинат борец си има сопствен гроб околу кој се засадени трендафили . Има и заеднички споменици на незнајни јунаци .

Ванѓа точно кажала дека еден ден и баба ми ќе оди во далечната земја да го види гробот на својот маж - борец.

Споменот за минатото , Романците сѐ уште го чуваат . Неодамна на програмата на РТС од Белград се емитуваше репортажа за Темишвар и за неговите културно-историски споменици . Гробиштата на паднатите борци сѐ уште е иста зачувана како некогаш и наликува на огромен цветен парк .

Кога се правеше Спомен-костурницата над Струмица немаше шанси да се донесат коските на дедо ми од Темишвар . Единствен спомен е неговото име Раборцалиев Ристо врежано на мермерот на струмичката Спомен-костурница на паднатите борци , како и неговата војничка фотографија залепена на надгробната плоча на баба ми во градската гробишта во Струмица.

Секогаш кога баба ми ни зборуваше за дедо ми и неговото загинување , ја спомнуваше и Ванѓа.

Со неа последен пат се видела во 1942 година пред нејзиното заминување за Петрич.

Семенкова Јованка,родена 1934 година

(наставник во пензија)

Бев мало девојче , имав околу 5-6 години .

Македонија беше под српска власт и тогаш сите момчиња служеа војска како српски војници . Мојот татко беше српски војник во Нови Сад .

Потоа се случи кобната 1941 година кога Германија објави војна на тогашна Југославија и настана хаос , од кој последиците беа непредвидливи .

Германската војска дојде и во Македонија . Почнаа масовни апсења и убивања . Никој не знаеше каде се српските војници.дали се живи или некаде се однесени . Моето семејство беше многу исплашено , бидејќи од татко ми немавме никаков абер .

Семејствата чиишто синови беа војници , се собираа не знаејќи што да прават и кого да прашаат за судбината на нивните деца.

Во тоа време низ градот се ширеа гласови за видовитата Ванѓа и единствената надеж да дознаат за нив , беше таа . Неколку жени ,меѓу кои и мојата мајка , отидоа да чујат што ќе им каже.

Кога мајка ми се врати , и покрај големата загриженост , ни кажа една мала радост што ни ја врати надежта. Татко ми бил жив и се наоѓал во логор во Германија.

- Жив е Борис , ѝ кажала на мајка ми , но е многу гладен.

Радоста дека е жив беше голема , но се сомневавме дали ќе преживее и ќе дочека ли да биде ослободен од логорот .

По некое време , мајка ми одлучи повторно да ја посети Ванѓа.

Кога се врати , ни донесе поохрабрувачки вести. Ванѓа ѝ кажала вака:

- Не се секирај толку , Борис е жив и сега е подобар. Го

гледам работи во фурна , пече леб , повеќе не е гладен и добро се храни. Еве го како се смее со светлите заби.

Инаку , навистина татко ми имаше две светли навлаки на предните заби.

По некое време Бугарија склучи сојуз со Германија. На заробениците во Германија им направиле список , сите кои имале бугарско потекло да бидат ослободени , но некој требало да гарантира од Бугарија. Списокот со имињата излегол и во весниците.

Татко ми имаше први братучеди во Софија и кога го прочитале неговото име , веднаш испратиле гарантно писмо.

За негова и наша среќа , тоа писмо му го спаси животот . Беше ослободен од заробеништвото и се врати дома жив и здрав. Кога дозна сѐ што ни кажа Ванѓа , рече дека се било така како што кажала таа . На почетокот им давале по 100 грама леб за цел ден и затоа бил прегладнет. Еден ден ги прашувале кој и што работел дома. Татко ми со еден друг струмичанец се договориле да кажат дека биле фурнации .

Откако биле преместени да работат во фурната печејќи го лебот, повеќе не биле гладни , а колку можеле , им помагале и на другите заробеници .

Ете , таква била нашата баба Ванѓа. На многу луѓе им помагала , ги храбрела , им ја враќала верата и надежта во животот.

Јас лично немав прилика да ја запознаам , но многу верував во тоа што таа им го кажуваше на луѓето.

Тошева Олгица,родена 1951 година
(медицинска сестра во пензија)

Во 1972 година со мојот сопруг Витомир работевме во Валандово.

Тој како лекар , а јас како медицинска сестра.

Еден ден , чистачката којашто работеше во амбулантата , во разговор спомнала дека има семеен проблем и планира да оди кај Ванѓа во Петрич .

Мојот сопруг имаше голема желба да ја запознае , но не поради гледање , туку едноставно сакаше да се сретне со неа .

Во тоа време и ние како и многу струмичани ,често одевме во Петрич на добра скара и на пазар.

Кај баба Ванѓа тешко се влегуваше . Секогаш пред нејзината порта чекаше голема маса народ . Маж ми се понудил да ја носи колешката со нашиот автомобил , откако дознал дека жената преку врски има закажано да ја прими , што значи со сигурност ќе се сретне со Ванѓа . Со нив замина и мојата сестра .

Средбата беше закажана во неработен ден кога таа не работи со странки . Кога стигнале и влегле во дворот , Ванѓа извикала однатре :

- Ајде да влезат тие од Струмица !

Двете жени влегле , а мојот сопруг останал надвор .

Во дворот пристигнале луѓе од Србија коишто неколку дена по ред настојувале да влезат , но Ванѓа не ги примала . Гледајќи го мојот сопруг како се шета по дворот , Србите помислиле дека човекот работи кај Ванѓа .

Тој по природа беше шегација и без да размисли пред чија врата стои , им одговорил потврдно. Луѓето му поверувале , му кажале дека чекаат неколку денови за кај неа , имаат голем проблем и ако им помогне да влезат , ќе му дадат сѐ што сака. Тој како да се замислил и им кажал дека не може

да им гарантира дали Ванѓа ќе ги прими . Тие и понатаму настојувале , велејќи му:

- Аман , направи нешто , ако треба и злато ќе ти дадеме!

Во тој момент , маж ми го слушнал гласот на Ванѓа однатре :

- Нека влезе тој од надвор со очилата што се договара за пари !

Витомир влегол внатре збунет , прашувајќи се од каде Ванѓа знае дека тој е надвор и што разговара со луѓето .

Уште од вратата му се развикала :

- А , бре, кој си ти ? Кој ти дава право да договараш со нив да влезат ? И тоа да ти дадат пари ? Магаре некое , како не ти е срам?

И така го избркала надвор.

Ете , на кој начин му се исполни желбата на мојот сопруг да ја запознае Ванѓа .

Враќајќи се назад , меѓу Валандово и Костурино , на маж ми му се запалил автомобилот . Случајност или опомена од Ванѓа за неговото недолично однесување , којзнае ?!

* * *

Се сеќавам на една случка што лично ја раскажуваше Киро Паралидов од село Босилово , тетин на мојот сопруг. Настанот се случил многу одамна.

Тетинот имал убав бел коњ со кој многу се гордеел и кој му служел за вршење на домашните и полските работи. Но , еден ден коњот го снемало . Го барале насекаде , но коњот буквално како да пропаднал во земја . Никој не го видел .

Тетин ми се договорил со уште двајца други пријатели да отидат пеш кај Ванѓа во Петрич . Во тоа време немало никакво превозно средство за одење во Бугарија . Настанот се случил во мај , време кога зрееле црешите . Се договориле да наберат

цреши и да ѝ однесат на Ванѓа . Петрич не е близу , а и времето било топло. По патот огладнеле и ожеднеле , па седнале на едно место да се одморат и тројцата со поглед кон црешите , почнале да зборуваат :

- А бе ние луди ли сме на Ванѓа да ѝ носиме цреши ? Ај п**ка ѝ мајчина , дај да си ги изедеме ! И така сме гладни и жедни.

Откако ги изеле црешите , ја фрлиле торбичката и продолжиле .

Кога стигнале пред куќата на Ванѓа , имало народ од секаде , па помислиле дека кај неа со денови нема да можат да влезат .

Но , во еден момент , го слушнале гласот на Ванѓа однатре :

- Ајде да влезат тие од село Босилово!

Изненадени како се случило така наеднаш сама да ги повика , влегле внатре . Уште од вратата им се развикала :

- А бре , говеда ниедни , каде ви се црешите што ќе ми ги носевте ? Си ги изедовте , а згора на тоа и ме пцуевте ! Сега заслужувате да ве избркам ододвде , но ќе ви кажам зошто сте дојдени . Тебе Киро ти е изгубен коњот .

Убав бел коњ . Жал ми е за животното , а не за тебе . Коњот ќе го најдеш покрај реката , врзан за една топола . Твојот сосед го врзал и неколку дена ниту јаде , ниту пие . Веќе е легнат на земјата и е пред умирање .

Враќајќи се по патот , тие не сакале да веруваат на зборовите на Ванѓа , зошто претходно не останало место каде што животното не го побарале . Но , за среќа , коњот го нашле на местото што го опишала Ванѓа . Тој навистина бил легнат и уште малку му требало за да умре .

По неколку дена се вратиле кај Ванѓа да ѝ се извинат и да и однесат една кошница цреши .

Овие доживувања не се забораваат до крајот на животот

и затоа ги раскажувам за да бидат забележани за идните генерации .

Маткова Драгица , родена 1963 година
(приватен стопанственик)

Бевме мали со мојот брат кога татко , ми замина на работа во Германија . Грижата за нас остана на нашата мајка којашто работеше како детска негувателка .

Помина еден период и татко ми се разболе од карцином . Го оперираа во Германија и по кратко време , тој се врати дома .

Мајка ми преку нејзината баба беше во роднинска врска со баба Ванѓа и реши да отиде во Петрич и да ја праша каков ќе биде исходот од болеста на татко ми .

Мајка ми стоела меѓу луѓето . Некои и со денови чекале со надеж дека ќе успеат да влезат и да ја завршат нивната средба со баба Ванѓа .

По некое време , мајка ми слушнала како Ванѓа ја повикува :

- Ајде да влезе наша Вера !

Кога влегла и без да ѝ каже ниту еден збор , Ванѓа и рекла:

- Веро , ти си дојдена за мажот ти , но тој ќе си замине . Сега врати се дома и гледај си ги децата ! Неговото време помина . До тука му беше .

По 3 месеци мојот татко почина на 31-годишна возраст , така што зборовите на баба Ванѓа беа чиста вистина .

Тодоров Аспарух, роден 1960 година
(невработен)

Куќата во која живееле мојот дедо Аспарух и баба ми Надежда и во којашто сум роден и сѐ уште живеам во неа , се наоѓа преку два двора од куќата во која се родила и живеела познатата баба Ванѓа .

Неа лично никогаш не ја запознав , но баба ми понекогаш раскажуваше за нивниот соживот како соседи . Дарбата да им гледа на луѓето , а со тоа и да им помага да си ги решат различните проблеми ѝ се појавиле пред почетокот на Втората светска војна .

Кога германската војска влегла во Струмица , почнала да ги собира помладите мажи за работа . Влегувале во дворовите , собирале кокошки и јајца , а еден ден од дворот на баба ми ја зеле едната од двете свињи . Кога виделе дека тие имаат 6 деца , се сожалиле и едната свиња им ја оставиле .

Дворот на Ванѓа се полнел со луѓе чиишто животи од ден на ден станувале сѐ потешки и понеизвесни .

Иако добро се познавале како соседи , мојата баба била скептик во однос на видовитоста на Ванѓа . Како што вели народот , никој не станал славен во своето родно место , така и таа размислувала од каде сега наеднаш Ванѓа станала гледачка . Родителите на мојата баба биле земјоделски семејства и се дел од фамилијата Кабурови .

Татко ѝ имал запрежна кола и два вола со коишто , покрај земјоделството , пренесувал и различна стока од Струмица за Миравци и обратно .

На тој начин го прехранувал семејството.

Но , еден ден ги снашла несреќа . Во дворот им влегле неколку германски војници коишто им ги зеле воловите под изговор дека им се потребни за превоз , но за кратко време ќе

им ги вратат . По една недела се загрижиле зошто од воловите немало никаква трага , а и не знаеле кај кого да се обратат .

Еден ден кај баба ми дошла нејзината мајка , баба Ленка да ја замоли да ја однесе кај Ванѓа . Веројатно , таа ќе знае каде да ги најдат воловите .

Кога тоа го слушнала , мојата баба се насмевнала и со ироничен глас одговорила :

- Мене кај Ванѓа не ме носиш! А ти оди , оди ! Кога ќе отидеш , Ванѓа “ќе ти каже” каде се воловите .

Баба Ленка отишла сама и кога застанала пред неа , ја прашала зошто е дојдена . Откако го слушнала нејзиниот проблем , Ванѓа прилично лута , ѝ рекла:

- Зошто доаѓаш кај мене ? Оди нека ти каже ќерка ти каде се воловите !

Баба ми ја молела да ѝ прости и ако може да ѝ помогне.

На Ванѓа ѝ станало жал за старата жена и ѝ кажала :

- Ќе одите во полето во Ангелци и таму ќе ги најдете!

Баба Ленка отишла со сопругот да ги бараат и навистина таму ги нашле воловите како си пасат во близина на селото. И така , си ги вратиле дома.

Мојата баба Надежда долго време била засрамена и не можела да се појави пред Ванѓа .

Френков д-р Ѓорги, роден 1938 година
(лекар специјалист во пензија)

Јас во животот немав прилика лично да ја запознаам Ванѓа , а и немав некое одредено мислење за неа .
По професија сум специјалист за уво , нос и грло и во текот на мојата работа се случи пет-шест пати да ми дојдат пациенти од Бугарија препорачани лично од Ванѓа до мене .
Првиот пат бев многу изненаден , поставувајќи си го прашањето од каде таа ме познава . Можеби некој и кажал за мене ?!
Подоцна сфатив дека тоа е дел од нејзината моќ да ги гледа и распознава работите од далечина . И денес не ми е јасно како го правеше тоа .
Многу одамна , некаде помеѓу 1965 и 1970 година , мојата мајка Анета имаше една кратка средба со неа . Таа не веруваше во приказните што се шириа за името Ванѓа .
Ванѓа била дојдена на гости во Струмица кај нејзини блиски коишто нак , беа роднини на мојата мајка . Роднините знаејќи дека мајка ми долго време води судски спор за наследството во семејството , ја повикале кај нив ако сака да ја праша Ванѓа како ќе заврши целата таа работа . Иако имала резерва во себе , сепак маката ја натерала и отишла .
Стигнала пред куќата и само што го пречекорила првото скалило, однатре го слушнала остриот глас на Ванѓа :
- Ането , ич не доаѓај , тебе нема да ти гледам , бидејќи ти не ми веруваш !
Мајка ми застанала на скалите збунета и зачудена од каде таа знае дека е надвор .
Сепак , ја замолила Ванѓа кога веќе е таму , ако сака да ѝ помогне .
Ванѓа се смирила и самата ѝ кажала на мајка ми :
- Проблемот за кој си дојдена нема брзо да се реши .

Долго ќе потрае . Затоа , немој многу да се секираш .

Поминале повеќе години откако тој проблем бил судски разрешен .

Мацирова Милка, родена 195 година
(пешионер)

Потекнувам од Неготинско , од семејство со четири сестри и еден брат . Татко ми беше ѕидар . Се занимававме и со земјоделска работа .

Денес сите сме мажени и сите сме со своите различни животни судбини .

Јас дојдов во Струмица да учам средно училиште . Овде се омажив и сум мајка на два сина . Тоа што ќе го раскажам се однесува на семејството на мојата мајка којашто ми раскажуваше како во нивно време , родителите одлучувале за кого ќе ги омажат ќерките без оглед на нивната желба.

Мојот дедо бил многу богат човек . Имал многу ниви и стока . Мајка ми биле 4 сестри и двајца браќа , но за сѐ во куќата последниот збор го имал дедо ми.

Тој пиел вода единствено од изворот што се наоѓал подалеку од селото , па кога и да сакал , во кое било време , некое од децата трчајќи одело до изворот да донесе вода .

Кога мајка ми станала девојка за мажење , ја барале за снаа од повеќе места , а дедо ми не ја ни прашал кога одлучил за кого ќе ја мажи .

Една од сестрите на мајка ми била послободоумна , непокорлива и своеглава и никако не прифаќала да се омажи за оној за кого дедо ми сакал да ја даде . Си го послушала срцето и побегнала за тој што го сакала , а момчето било 5 години помладо од неа . Како што кажуваше таа, тоа пораснало покрај неа . Таа проживеа најубав живот од сите нас сестрите . Денес таа има 84 години , се уште добро се држи и е многу ведра .

Најмладата сестра на мајка ми каково песните , најубавата и највредната била посакувана за снаа во многу семејства . Се засакала со едно момче од соседното село коешто било од многу богато семејство .

Испратиле и стројници , но дедо ми ги избркал , бидејќи не биле по негова мерка . Ја побарале и соседите за нивниот син , но тој и за него не се согласил .

Неговиот пријател од соседното село којшто многу работел со трговија и бил многу богат човек имал син и ја бендисал тетка ми за снаа . Продавајќи стока во нивното село , тој и подарил ѓердан и сам и го закачил на вратот . Се договориле со дедо ми и тој се согласил .

Тетка ми била многу кротка и послушна и не можела да се спротивстави на одлуката на својот татко . Така , ја омажиле во соседното село во богата куќа . Свекрвата чиниш едвај чекала да влезе снаа во куќата . Сите домашни работи и ги префрлила нејзе . Постојано ѝ стоела над главата , наоѓајќи ѝ различни забелешки . Кога лупела компир , рацете ѝ се треселе да не го лупи подебело , зошто веднаш била прекорувана.

- Ех , мори снао , не знаеш ни компир да излупиш како што треба !

Тетка ми , кутрата , не смеела да излегува од дома , ниту во соседите , ниту да го посети своето семејство . Во неа влегол голем страв и западнала во длабока депресија .

Дедо ми почнал да наслушнува дека ќерка му не е добра и дека свекрвата е жена којашто се занимава со правење магии . Дошол да ја види и самиот да се увери што е вистина од тоа што го слушаи не можел да си ја познае ќерката . Како можело од една здрава девојка полна со живот , да западне во таква тешка ситуација . Луѓето почнале да го советуваат да си го земе чедото дома , зошто ако остане таму , лошо ќе заврши . Момчето ја сакало , но не знаело што се случува . Семејството не ја бркало , но не ја ни заштитувало,ниту барало некаква помош за неа .

Еден ден отишол дедо ми , ја земал и почнал да ја носи по лекари .

Ја однел во Скопје и на крајот завршила на лекување во

Бардовци. Додека таа се наоѓала на лекување , дедо ми заминал во Бугарија кај баба Ванѓа . Тоа се случило некаде во 1963/1964 година.

Кога пристигнал таму , дворот бил полн со народ . Си помислил дека таму три дена нема да дојде на ред и да влезе . Не поминало долго време , кога го слушнал гласот на Ванѓа .

- Нека влезе Павле кој дојде пред малку!

Дедо ми не можел да поверува дека тоа се однесува за него. Слушнал за Ванѓа , ама до толку не . Влегол внатре и ја поздравил.

- Добарден , баба Ванѓе!

- Како бре , баба Ванѓе ? Па , ти си постар и од мене .

Тој се замислил , се засрамил и ѝ рекол :

- Извини Ванѓе , сите во дворот те викаат баба Ванѓа , затоа и јас така ти се обратив!

- Е ,е ,е , си дошол , си дошол . Имаш голема мака . Ќерка ти е во Бардовци.

Сега ќе се вратиш дома и по една недела ќе дојдеш и ќе ми донесеш фотографија од неа .

По една недела дедо ми пак се нашол во куќата на Ванѓа . Дворот пак бил полн со народ и тој се чудел кого да моли да му помогне да влезе кај неа. Но , Ванѓа и овојпат го изненадила .

- Ајде , ајде , да влезе Павле што ја носи фотографијата !

Уште од вратата почнала да му зборува :

- Слушај Павле , твоето чедо повеќе да не го враќаш во таа куќа ! Младите се сакаат , ама мајката направила магија . Немала лоша намера , сакала снаата да ја приврзе за куќата , да ѝ биде покорна , но магијата се обрнала на лошо . Магијата е фрлена во бунар и сѐ додека магијата не изгние , ќерка ти ќе е кога арно , кога лошо. Нема да може целосно да оздрави . Но , бидете трпеливи , оти на крајот, таа ќе биде добра . Многу е срамежлива и скромна.но пак ќе се омажи и ќе живее со вас .

Помина извесно време и тетка ми се подобри и си дојде

дома. Повторно се омажи и дома донесоа домазет . Роди две деца-девојче и момче . Со вториот сопруг имаше убав живот , но човекот не дочека некоја старост , а и таа поживеа 65-70 години .

******

Вториот случај што сакам да го раскажам , го помнам од свекрва ми .

Куќата во која живееме е на 150-200 метри оддалечена од куќата во којашто живеела баба Ванѓа . Свекрва ми уште како девојче работела во Монополот . На 16-годишна возраст се армасала , а тоа е некаде во 1941 година кога многу од мажите ги собирале и ги носеле на работа во Германија.

Еден ден и мојот свекор го прибрале од дома и долго време од него немало никаков абер . Почнале да ја советуваат да не се откаже од него .

Некои ѝ кажувале дека тој можеби е загинат и никогаш нема да се врати .

Еден ден , нејзината свекрва ѝ кажала:

- Ајде да одиме до Ванѓа ! Таа и така ни е во соседството , да видиме што ќе ни каже .

Кога свекрва ми застанала пред Ванѓа , таа ѝ кажала:

- Чедо , чедо , тој е жив . Еве го со една пушка се крие зад едно буре . Ќе си дојде , ѝ рекла , ама не кажала кога.

На излегување , Ванѓа ѝ шепнала на нејзината свекрва :

- Ништо не видов. Не ми се кажува . Многу лоша ѕвезда има. Така ѝ кажав за да ја утешам.

Свекрва ми била убедена дека е жив и дека ќе се врати , па одлучила да го чека. Имала среќа да го дочека жив и здрав . Се венчале и создале свое семејство .

Чурлинова Катица , родена 1928 година
(службеник во пешија)

Низ мојот живот запознав многу луѓе , но одредени личноети оставија белег на почит и пријателство . Една таква личност беше тетка Ванѓа кон која , и покрај блиските односи , кај мене остана стравопочитта .

Секој нејзин изговорен збор имаше своја тежина и значење , особено на она да навлезе во моите најискрени мисли и нив ги читаше како отворена книга .

За неа по првпат слушнав во мојата рана младост од татко ми , кој по враќање од работа ѝ рече на мојата мајка :

- Денес со доктор Фиданчев дадовме препорака за младата Ванѓа којашто е слепа , семејството да ја запише во Нови Сад во Србија каде што има соодветно училиште за слепи деца за да стекне одредено знаење .

Нашите видувања и запознавања со неа , се случија многу подоцна и имаа белег на постепено зближување и стекнување меѓусебна доверба . За некои работи понекогаш знаеше да ме пофали , но и да ме искара . При сите наши средби го покажуваше блиското пријателство што го чувствуваше кон мене и кон неколку други струмичанки за кои , секогаш прашуваше , за нивното здравје и семејство . Понекогаш ме прашуваше за некои типично струмички кулинарски специјалитети . Се случуваше да ми каже :

- Катице , кога ќе дојдепцнаправи ми една тава долма и слично.

Во една прилика ми рече :

- Бидете спокојни ! Свети Илија ја чува Струмица и нема да се случи некоја катастрофа.

Беше многу радосна кога се поставија темелите на новиот храм во Струмица . Имаше огромна моќ да го предвиди исходот на одредени животни состојби во секој поглед .

Мојата постара ќерка имаше пукање на крвен сад во главата . Ја прегледаа многу истакнати лекари и професори на факултетски катедри , но два месеца состојбата не се менуваше кон подобро. Само што ѝ спомнав за неа , Ванѓа ми реч е:

- Доктор Малинов од Струмица ќе ѝ го даде потребниот лек , а паралелно ќе го даваш и мојот лек преку носот.

Кога доктор Малинов со преглед го виде крвавењето меѓу окото и мозокот , го соблече мантилот и го фрли на земјата . На тој начин изрази незадоволство од досегашната работа на неговите колеги .

Крвавењето бавно ги зафатило центрите на мозокот . За четири месеци мојата ќерка ја преброди болеста и го продолжи животот без последици .

Ванѓа и кога не беше во физички контакт со мене , преку нејзината природна или божја дарба , го следеше здравјето на моето семејство .

На 27 март 1983 година околу гтладне , во нашата куќа дојде д-р Ацо Митев и ми рече :

- Тетка Ванѓа ме задолжи да ти пренесам дека твојата ќерка Данче денеска попладне ќе се породи , но таа гледа многу комплицирано породување,па во прашање е животот на мајката и на детето.

Таа порача да се прави ритуал во домот за цело време на породувањето . По 2-3 часа започнаа породилните болки. Породувањето одеше многу тешко и затоа ја пратив дома поголемата ќерка да го прави ритуалот порачан од тетка Ванѓа . На масата запаливме голема свеќа и до неа ставивме едно легенче .

Соња цело време стоеше до масата додека не заврши породувањето.

Доцна во ноќта сѐ се заврши добро , благодарение на д-р Караманов.

Пред да се омажи ќерката , тетка Ванѓа рече дека ќе земе маж во униформа и ги кажа најпофалните зборови за него.
Рече дека тој ќе патува во Русија на Фрузовата академија за чин генерал , но кога почнаа подготовките , тој беше настинат од врнежливото време во една вежба што траеше две недели . Тогаш му откажаа бубрезите и се разболе . Набргу се случи и распадот на Југославија . Подоцна зетот заврши на дијализа и така го заврши животот .
Моите две ќерки не беа крстени , а беа над 40 години.
Тетка Ванѓа го знаеше сето тоа и ми предложи да ги крсти и двете и да им биде кума .
Ритуалот на крштевање со свештено лице се изврши во нејзиниот дом на Рупите . По тој настан , јас до крајот на нејзиниот живот ја ословував со калимано (кумо).
Некаде во 1970 година , постарата ќерка којашто сакаше многу да патува , две недели се немаше јавено . Бев многу загрижена , но тетка Ванѓа ме смири .
- Ти , Катице, џабе се секираш ! Соња е добра . Еве , ја гледам како ја разгледува Барселона , а потоа ќе оди во музејот . Во близина нема телефони , па не може да ти се јави. А ти што ќе правиш кога ќе оди на друг континент . Таа ќе оди и за Африка .
Еднаш ми кажа дека многу се секирам за двете внуки , но непотребно.
- И двете ќе завршат високо образование и тоа од хуманитарната област.
Кога требаше да ми каже некои тешки вистини , беше многу внимателна. Детето на мојата внука беше многу болно и кажа дека не може да се излечи иако сакаа да го носат во Франција .
Кај неа доаѓаа луѓе од различни области , од политиката , културата и од науката .
Така , еднаш седевме двете кога кај неа влезе една млада

девојка , на која уште од вратата ѝ рече :

- Девојко , татко ти на наредните избори во Англија ќе стане премиер . Девојката којашто првпат се сретна со тетка Ванѓа беше многу изненадена . Младата Англичанка беше новинарка и ќерка на Мејџер кој навистина стана премиер на Англија .

Меѓу политичарите од Бугарија , најблиска беше со Људмила Живкова којашто многу ја сакаше , а и таа нејзе многу ѝ помогна .

Ја посетуваа и претставници на кабинетите на руските функционери .

Кога почина Јосип Броз Тито.цел час ми раскажуваше за поворката , а присутните политичари од светот ги именуваше по име , за на крајот да каже :

- Го испративге со сите почесстн како што ретко видел светот .

Таа многу го почитуваше и Киро Глигоров како политичар и имаше желба да се сретне со него . Имаше нешто да му каже , но не постоеше таква шанса .

Во меѓувреме се случи и атентатот . При првата средба со неа , со тага и лутина само ми кажа :

- Вие за малку ќе си го убиевте претседателот . Ваш човек влезе од југ , а по атентатот , излезе од северот на Македонија.

Никогаш ништо повеќе не кажа за случајот .

При една моја средба кај неа , влегоа двајца млади да побараат совет од неа дали да стапатво брак . Таа со насмевка им рече:

- Гледам ти си Бугарка , а ти Палестинец . И верите ви се различни , ама многу се сакате . Мој совет е да се земете , но ниеден од вас да нс си ја менува верата. Гледам сакате и куќа да градите , но немојте на тоа место што сте го избрале . Тоа е сосема близу до местото каде што е распнат Исус .

Младите беа многу изненадени од нејзиното кажување.

За неа како личност уште многу ќе се пишува . И покрај нејзиното слепило , таа го гледаше целиот свет како слика во движење . Денешнината , но и иднината . Со историска точност зборуваше за времињата на војните ,
човековите несреќи , а во годината пред нејзината смрт ги претскажа претстојните природни несреќи што ќе се случат и ќе земат со себе многу животи , убиства што ќе бидат планирани и извршени насекаде во светот , падови на авиони и други несреќи .
Заради многу нејзини карактерни особини , таков човек со совршен мозочен систем се среќава многу ретко . За тоа се потребни многу векови да дојде на овој свет . Јас и моето семејство вечно ќе ја почитуваме и споменуваме .
Последната наша почит ја оддадовме кога таа почина .
Со мојата помлада ќерка цела ноќ бдеевме над нејзиниот ковчег каде што беше поставено нејзиното измачено тело .
Утредента на погребот се простивме заедно со многуте нејзини пријатели,роднини и безбројниот народ од сите краишта на Бугарија и подалеку коишто дојдоа да и оддадат последна почит и благодарност .
Се надеваме дека името Ванѓа ќе остане запаметено низ вековите што доаѓаат .

Христова Лилјана , родена 1956 година во Ново Село
(медицинска сестра, живее во Струмица)

Многу сум среќна што припаѓам во групата луѓе коишто беа живи сведоци за животот и пророштвата на тетка Ванѓа . Мојата мајка Марија беше братучетка на тетка Ванѓа и ако беше жива , со задоволство ќе ги раскажеше нејзините спомени поврзани со неа . Јас ќе се потрудам да извлечам дел од мојата меморија на се што се сеќавам .

Ванѓа со своите роднини
Шеримова Марија и Јанушева Митра
од Ново Село

Првата моја средба со тетка Ванѓа се случи во 1960 година на меѓуграничните средби што се одржуваа помеѓу градовите Петрич и Струмица . Влеговме во еден шатор во кој имаше луѓе , а меѓу нив една жена седеше на стол . Беше скромно облечена и разговараше со многу гестикулации . Единственото по што се разликуваше од останатите луѓе беше што жената немаше очи и тоа ми остави силен впечаток .

Мајка ми ме застана пред неа и ми рече :

-Ајде Лилјано,бакни ѝ рака на баба Ванѓа!

Јас ѝ бакнав рака , таа ме помилува и мајка ми ме тргна настрана .

Се прашував зошто ја викаат баба Ванга , па таа не беше стара . Сега знам дека во тоа време била на 50-годишна возраст . Имаше многу народ пред шаторот и сите сакаа да се поздравaт со неа . Некакви чудни луѓе постојано стоеја до неа и мене , како дете , ми се чинеше како да ја чуваа од нешто .

Во подоцнежните години многу пати се среќававме со неа на таквите средби , а подоцна таа доаѓаше во Ново Село и во Струмица .

Од таквите средби постојат многу фотографии од мојата мајка и од вујна ми Митра заедно со тетка Ванѓа . Таа посебно ги почитуваше мојата мајка и вујко ми Ристо . По кажувањето на мојот братучед , таа повеќе сакала да ја викаме лела (тетка) Ванѓа , а не баба Ванѓа .

Моите родители секоја година по препорака на тетка Ванѓа одеа на бања во месноста Рупите . Понекогаш спиеја кај неа во Петрич , а преку денот заедно одеа да прават бањи . Мајка ми имаше голем камен во бубрегот и таа ја советуваше , покрај бањите , да пие и од водата. Често пати ѝ напомнуваше на мајка ми :

- Братучедо , кога и да погледнам кон тебе , пред мене игра нож!

Така и беше . По неколку години мајка ми отиде на операција која успешно се заврши и после тоа си поживеа уште 30 години . Додека мајка ми и татко ми одеа на бања , јас и брат ми престојувавме кај баба ми во Ново Село. Мајка ми секогаш била загрижена да не ни се случи нешто , да не се разболиме и не била воопшто спокојна . Тетка Ванѓа секогаш знаела каде се нејзините мисли и затоа често ѝ велела :

-Маријо , не грижи се за децата ! Тие се добри . Еве , ги гледам како седат под тремот кај баба им.

Понекогаш ѝ кажувала во кои алишта сме облечени . Кога се враќаа дома , ни раскажуваа за разните човечки судбини што со денови ги слушаа седејќи покрај тетка Ванѓа .

Мајка ми често им помагаше на луѓето од Струмица и од други далечни места како на полесен начин да дојдат во контакт со тетка Ванѓа .

Ако тоа не беше можно , таа лично го носеше нивниот шеќер во Петрич или на Рупите .

Една приквечерина додека седеле со неа пред куќата на Рупите , дошол еден брачен пар да им гледа , но со нив не носеле шеќер .

Тетка Ванѓа им побарала некој личен предмет што го носат со себе секој ден . Мажот носел часовник и жената го погледнала сакајќи да му каже да го даде . Во моментот , мажот ја нагазил жената со ногата пред таа да каже нешто .

Во истиот момент , тетка Ванѓа му рекла на мажот:

- Не ја гази жената со ногата ! Јас не го сакам часовникот за мене , туку преку него ќе ви гледам и ќе ви го вратам .

Мажот се вцрвил и се засрамил и неколку пати се извинил .

Како таа успеваше да ги прочита мислите на луѓето уште пред тие да отворат уста и да прозборат , знае само бог . За нас обичните луѓе тоа останува голема мистерија .

Тетка Ванѓа беше една скромна , едноставна жена со многу скромни желби . Понекогаш нарачуваше по мајка ми некое јадење , како ориз тава или сукана баница .Таа дома сама си готвеше , а чистотата во куќата и наоколу секогаш и беа во беспрекорен ред . Луѓето со коишто комуницираше и коишто и беа блиски , беа проверени и одговараа на нејзините критериуми : чесност , скромност , работливост . Таква беше и таа . Често пати мојата мајка ќе речеше :

- Арно вели дода Ванѓа , судбината човек не може да си ја промени . Ако можеше , сите нејзини блиски ќе беа најсреќните

луѓе на светот , но не е така .
Во детските години многу се изнаслушав на раскажувањата на мајка ми , но јас како дете ги слушав само како приказни . Сега , кога сакам нешто повеќе да напишам , гледам дека многу малку останало во моето сеќавање .
За жал , мојата мајка е почината , а со неа и многу спомени поврзани со тетка Ванѓа , отидоа во заборав . Инаку , оваа книга посебно ме прави среќна , бидејќи сведоштвата напишани во неа , ќе останат засекогаш да сведочат за ликот и делото на нашата драга тетка Ванѓа .

Иванова - Павловска Милица , родена 1941 година
(пензионер , живее во Скопје)

Родена сум во Струмица во непосредна близина на куќата во којашто се родила познатата видовита Ванѓа . Како дете слушав за неа од моите родители , но никогаш не помислував дека еден ден и јас ќе се најдам пред нејзината врата .

Завршив средно економско училиште и работев како книговодител во Предилницата "Струмичанка" во Струмица .

Во 1962 година кога имав 20 години , со една моја другарка одлучивме да отидеме кај тетка Ванѓа во Петрич да ни каже нешто за нашата среќа во животот . Стигнавме во Петрич и лесно ја најдовме улицата и куќата .

Беше недела и во дворот имаше насобрано повеќе луѓе .

Тетка Ванѓа излезе во дворот и рече дека денес е недела , не гледа и ќе оди во црква . Сите молчеа и кога видов дека не можеме да завршиме работа , се најдов најхрабра и ѝ реков :

- Ајде довидување , баба Ванѓе !

Се оддалечивме од куќатаи со другарката се договоривме да преспиеме во Петрич и утре да си ја побараме среќата .

Другиот ден кога се појавив пред неа , баба Ванѓа ми рече :

- Што бараш мори ти тука , нели вчера рече ајде довидување , баба Ванѓе . Се изненадив од каде знаеше дека помеѓу толку народ кои бевме во дворот , токму јас ги кажав тие зборови . И така , почна да ми зборува :

- Што сакаш ти ? Имаш убава работа , млада си , убава си ,ќе си најдеш среќа , само немој многу да бираш ! Немој да ги секираш родителите ! Јас ги познавам , многу добри луѓе се . Сѐ ке биде добро , имаш време ,ти сама ќе си решиш .

Поминаа многу години , јас бев над триесет години кога се омажив во Скопје со човек со две машки деца . Како што ми рече немој многу да бираш , ми се роди девојче и денес сум

среќна баба на две прекрасни внучиња.

На другарката ѝ рече:

- Момчето со коешто се забавуваш , да го оставиш ! Тој не е за тебе , многу пие . Ќе земеш друг човек кој е многу добар и со него ќе живееш многу добар живот . Така и се случи .

НМ
(професор во пензија)

Пред 45 години бевме млади , неколку години во брак . Кај нас дома дојде една наша пријателка , лекарка од Штип со нејзината другарка . Имаа желба да отидат кај Ванѓа да им гледа .

Имавме автомобил и планиравме да одиме до Серес , па се договоривме да ги однесеме до Петрич , и на враќање да ги земеме . Мојот сопруг којшто по природа е малку брз на јазикот , по патот почна да зборува дека на такви врачки-страчки не им верува и дека тие се обични лажливки .

Стигнавме пред куќата на Ванѓа , немаше никој . Чукнавме на вратата и трите жени влеговме во собата кај неа . Само што влеговме , нѐ пречека со зборовите :

- Ајде да влезе неверниот Томо што остана надвор !

Кога сопругот влезе , таа на свој начин добро го искара , повторувајќи му го целиот разговор што го водеше по патот . Маж ми остана сосема збунет .

Немаше зборови со кои можеше да се оправда . А пак
Ванѓа , навикната на такви како него , ни рече да си одиме .

Двете гостинки си ја завршија нивната работа и останаа да се прошетаат во Петрич , а ние на враќање од Серес , ги однесовме во Струмица .

Долго зборувавме за тоа што ни се случи .

*

ГА
(пензионер , Струмица)

На 36-годишна возраст во 1982 година имав здравствени проблеми и морав да одам на операција да ми ги извадат јајниците . Како резултат на тоа , добив ран климактериум . Западнав во тешка депресија и немав желба за живот . Не јадев , не спиев , не сакав да се дружам со никого .Терапијата што ми ја припишуваа лекарите , не даваше никаков резултат .

Мојата пријателка беше блиска со тетка Ванѓа . Таа често ја посетуваше и им помагаше и на други луѓе коишто имаа потреба од Ванѓа . Ја замолив да ме однесе и мене , бидејќи кај неа тешко се влегуваше . Луѓето дури и се запишуваа и чекаа кога ќе им дојде редот да ги прими .

Отидовме на Рупите . Тетка Ванѓа седеше на клупата пред нејзината куќичка . Двете се поздравија и почнаа да си разговараат . Јас стоев настрана и молчев . Помина сигурно половина час кога Ванѓа ми се обрати :

- Види ја таа , се нацрвила , си ставила очила и ниту добарен не кажа .

Јас се засрамив и продолжив да молчам . Потоа го раскажав мојот проблем за кој барав помош од неа , а таа побара од мене да ѝ однесам букет горски темјанушки.

По некое време , ги однесов темјанушките . Таа го зема букетот во раце и го префрлаше де во едната , де во другата рака , го галеше цвеќето во рацете и како нешто да му зборуваше .

Букетот остана кај неа , а мене ми рече дека ќе се подобрам додека крвта да си го најде местото . По тој настан , јас се подобрив и почнав животот да го живеам нормално .

По две години , една непредвидлива ситуација ми предизвика толку силен стрес што јас повторно западнав во уште потешка депресија,па морав да лежам и во болница .

Со мојата пријателка повторно отидовме да бараме

помош од тетка Ванѓа . Овојпат таа ме натбра да го направам следното :

- Ќе купиш , ми рече , еден бокал за вода и ќе отидеш на манастирот "Свети Илија" кој е во близина на градот Струмица. Ќе го наполниш бокалот со вода од манастирската чешма и ќе го дадеш на човекот што ја одржува црквата . Ќе му речеш со таа вода да ги мие иконите секој ден . Направи го тоа , ми рече и повеќе не доаѓај кај мене !

Наскоро , после тој настан ми се врати расположението и сите симптоми на депресијата исчезнаа засекогаш .

Јас сум жив сведок како таа на еден чуден и едноставен начин им помагаше на луѓето да си ги решат нивните здравствени,семејни и други проблеми .

Чувствувам голема благодарност кон неа и чест ми е што сум дел од оваа книга

.

МЉ , родена 1945 година
(пензионер)

Уште додека бев девојче , ја слушав приказната на мојата баба Каљопа во која раскажуваше за неверојатната способност на Ванѓа . Како дете не можев да сфатам како една слепа жена со толкава прецизност ги опишува дејствата што се случуваат на различни места,во различно време .

Но , поради судбината што лошо си поигра со мене во животот , двапати бев исправена пред неа да барам помош и утеха .

1. Блиски роднини од семејството на баба ми Каљопа одамна уште пред Втората светска војна биле на аџилак , на светиот гроб на Исус Христос во Ерусалим . Многу скапоцен подарок и биле двете дрвени крвчиња донесени оттаму . Времињата биле матни и несигурни и таа крвчињата ги дала да ги носат нејзините двајца синови , од кои едниот е мојот татко . Верувала дека тоа се божји крвчиња што ќе ги чуваат нејзините синови од лошо .

Војната само што започнала , а мојот татко бил однесен на фронтот .

Семејството подолг период немало никаков абер од него и никој не знаел дали тој е жив или мртов . Баба ми отишла кај Ванѓа да чуе што ќе и каже .

Уште од вратата , таа почнала да и зборува:

- Не се секирај ,Каљопо за син ти! Јас го гледам , жив е и здрав . За два дена ќе си дојде дома . Преку главата му фрчат куршуми , но тој во себе носи нешто свето што го чува од лошо.

Зборовите на баба Ванѓа станале вистина . По два дена мојот татко се вратил дома жив и здрав .

2. Наскоро по моето мажење имав спонтан абортус и тоа

беше едно големо разочарување за мене . Втората бременост ја поминав нормално , но за време на породувањето се случи неочекувана несреќа - детето ми се загуши и се роди мртво , а носев здраво машко бебе . Од таа трагедија и шокот што го преживеав , јас не можев да останам бремена 4-5 години .

Мојата вујна којашто беше блиска пријателка со тетка Ванѓа , ми предложи да ме однесе кај неа за да дознаеме што ќе ни каже таа .

При нашата средба , таа ми рече :

- Немој да се секираш , ти ќе имаш уште деца ! Е , е ,е ,е ,е ..... Сега ќе се вратиш дома и ќе набереш планинско сено од селата Рич и Белотино . Ќе го ставиш во еден лонец , ќе го залиеш со вода и внатре ќе ставиш три бели каменчиња . Кога ќе ја зовриеш водата , ќе ја тргнеш од шпоретот и ќе стоиш над лонецот завиткана над пареата . Прави го тоа три дена по ред !

Првиот месец не се случи ништо и малку се разочарав . Вториот месец ја повторив постапката и останав бремена. Родив машко дете.

3. По две години забременив по нормален пат и повторно родив машко дете . Кога детето ми беше на 6-годишна возраст почна да се жали на стомачето . На почетокот не ни помислив дека може да биде нешто сериозно , сѐ додека еден ден не забележавме нешто како топче на стомачето .

Педијатарот нѐ испрати во Скопје . По сите испитувања што беа направени , ни кажаа дека детето треба да се оперира . При операцијата откриј тумор на внатрешната страна од 'рбетот со метастази во големина од бебешка глава .

Детето поживеа три месеци и си почина .

Тагата нѐ скрши . Не можевме да разбереме како не насетивме дека со него се случува нешто сериозно . Барав одговор на многу прашања , барав утеха , но каде ? Мојата вујна повторно ми предложи да отидеме кај Ванѓа и таа да ни го даде

одговорот на нашите прашања.
Тетка Ванѓа убаво нѐ пречека , ја виде нашата мака и ми рече :
- Детето е паднато на третиот басамак од скалите и тоа што му сеслучи остана од траумата . Ете го... и тоа е тука . Вели :
- Секоја вечер одам дома и ги гледам мама и тато преку прозорецот , но зошто не ми го ставија во гробот црвеното камионче со кое си играв ?
Детето не ни кажа кога паднало по скалите , а ние не забележивме дека се жали на болка во грбот . Останува да веруваме на судбината дека неговиот престој на земјата бил за многу краток период .
Тоа што ми го кажа баба Ванѓа дека ќе имам уште деца , се оствари .
По таа несреќа што не снајде , ни се роди ќеркичка , покрај којашто успеавме да го продолжиме животот кој , за нас повеќе немаше никаква смисла .

Ѓотев Драгољуб , роден 1937 година (пензионер)

Никогаш не знаеме што ни носи утрешниот ден . Живеејќи во надеж дека утрото ќе биде многу подобро , ни се случуваат работи за кои не сме ни помислиле. Во таквите ситуации кога се соочуваме со најтешките моменти од животот , утехата , надежта и помошта ја баравме кај тетка Ванѓа . Требаше само да ја поминеме границата , а таа секогаш беше тука за тие на коишто им беше потребна .

Бевме многу млади со мојата сопруга , кога еден ден , во 1967 година ни се случи голема семејна трагедија . Нашата ќеркичка , првенче , на 18-месечна возраст се удави во еден вир на 20 метри од куќата . Не можевме да се утешиме , си поставувавме милион прашања....зошто , како , мораше ли да се случи сето тоа..... ?!

Мајка ми , гледајќи нѐ скршени и двајцата од болка , ми предложи да одам кај Ванѓа во Петрич за да добијам каков било одговор на нашите прашања .

Влегов кај неа , а таа со голема смиреност ми кажа :

- Млади сте , чедо , ќе имате уште деца , а девојчето си го зема Бог . До тука му беше времето .

По тој шок што го преживеавме , Бог нѐ помилува и мојата сопруга беше повторно бремена .

Заминав кај Ванѓа да ѝ ја соопштам радосната вест . Сакав да биде машко и да се вика Борче . Влегов кај неа.таа ме пречека расположена и ми кажа :

- Ќе имате машко дете . Ќе му бидам кума и ќе се вика Борче .

Кога ќе се роди детето , 40 дена да не биде дома , туку ќе го однесете во туѓа куќа . Така и постапив . По 40 дена поминати кај мојата сестра , ги донесов дома со сопругата . Детето се роди здраво и напредно . Беше тешко 4,5 килограми . Сѐ беше добро

до четвртиот месец кога се разболе и бевме многу исплашени за него. Пред Велигден , седнав во автомобилот и отидов кај Ванѓа .

Влегов кај неа , а таа уште од вратата , ми рече :

- Што си дошол тука, оди дома,каков Велигден ќе пречекаш!

Не знам и самиот како возев по патот . Но , кога стигнав дома , детето беше починато . И така по вторпат судбината си поигра со нас .

Сопругата беше во втората половина од третата бременост кога со погача , бонбониера и ракија отидов кај Ванѓа и ја прашав :

- Кажи калимано (кумо), ќе остане ли детето живо ?

Таа ми одговори :

- Детето ќе се роди пред празникот Свети Илија и ќе се вика Илчо . Овој пат ќе го донесете овде , јас да го крстам во црква .

Четириесет дена по раѓањето на детето , заминавме за Петрич . Четириесет луѓе со нивните автомобили , со подароци , со богата бовча за кумата , тетка Ванѓа го крсти нашиот син во црквата “Света Петка“ во Петрич . Го држеше нашиот син во рацете и го благословуваше . Подоцна добивме и девојче на кое името повторно ѝ го даде тетка Ванѓа . Се вика Весела.

Денес децата се возрасни и вдомени , со свои деца и го носат благословот на нивната кума .

Често ја посетував , ѝ носев разни подароци , а таа знаеше да ми каже :

- Собери си ги малку рацете,многу ти се отворени , парите тешко се заработуваат !

Еднаш самата побара да ѝ однесам рогозина , за да си ја постила во дворот за седење . Сигурно рогозината и беше носталгија од детството , затоа што во тоа време многу од луѓето спиеја на подот на рогозини .

Кога ја носев , граничарите се изнасмееја кога им кажав за кого е подарокот .

Некогаш одев само да ја посетам , да видам како е , дали ѝ треба нешто. Често пати средбите ги користев за да завршам работа на некој свој пријател .

Моето семејство е од селото Сушица . Мојот другар од детството заврши факултет во Љубљана и стана текстилен инженер . Се вработи во “Свилара" во Велес . Беше оженет , но немаа деца и сакаше да го однесам кај Ванѓа .

Еден ден и тоа се случи . Седнавме двајцата кај неа , а таа му се обрати на другарот :

- Вие сте пет браќа.

Тој се збуни и ѝ одговори:

- Не ,четворица сме.

- Пет сте , му повтори , а Васко што почина како мал , го заборави ли ?

Мојот другар се збуни...човекот припадна од возбуда . Му требаа неколку часа после се што му кажа , да се собере за да може да вози назад.

Му кажа сѐ за семејството , за живо и за мртво. Му рече дека немаат деца , но подоцна ќе им се родат две . Се разведе со првата сопруга и како што кажа тетка Ванѓа , со втората сопруга им се родија две деца.

- Имаш брат во униформа , но моментално е во страпство , во Москва .

Кога ќе се врати , ќе биде унапреден и ќе добие многу висок чин .

Така и се случи . Среќен сум што имав можност да бидам близок со таа прекрасна жена , со тој редок феномен .

Иванов Петре , роден 1954 година
(инкасатор)

Како помлад , еден од поомилените спортови ми беше фудбалот .
Во тоа време имаше повеќе фудбалски екипи од различни претпријатија и често се одржуваа натпревари во рамките на градот.

Некаде во 1995 година на моја 40-годишна возраст , на еден таков нартпевар , ми беше повредено коленото. При ударот , зглобот од коленото се измести од своето лежиште . Лекарите го вратија во своето лежиште , но јас не можев да се движам слободно , па морав да си помагам со две патерици , а имав и постојани болки .

Шест месеци талкав по амбулантите и на Физикална терапија , одев и во Бања Банско на физикална , но состојбата не се подобруваше .

Почнав да размислувам дали е можно да останам инвалид , бидејќи коленото не можев никако да го свиткам , ногата ја држев постојано во исправена положба .

Еден ден , еден мој другар ми предложи да ме однесе кај баба Ванѓа во Бугарија . Се чудев што може да направи таа , а што не можеа лекарите .

Мојот другар беше пријател со внукот на баба Ванѓа - Митко , па така успеавме да влеземе кај неа . Влегов во собата , застанав потпрен на двете патерици , очекувајќи што ќе ми каже.

Таа молчеше и наеднаш ми рече :

- А бе , што ти се тебе Киро и Танка ?

Киро беше мојот татко , а Танка-мојата тетка , сестра на татко ми .

-Да знаеш , тетка ти ја знам многу добро , ај да ги поздравиш и двајцата!

Сега кажи ми зошто си дојден овде !

Јас почнав да раскажувам што ми се случи , а таа ми рече :

- Не се секирај , ќе ти помине ! Ќе отидеш во Бања Банско , но не во базенот , туку во долната бања , во саланџата . Ќе го ставиш коленото таму каде што што тече водата директно од изворот и ќе го држиш по 15-20 минути !

Пет дена одев и го правев тоа што ми го кажа баба Ванѓа. Ми се врати поранешната функција на коленото , исчезнаа болките и ги фрлив патериците .

По кратко време , започнав повторно да играм фудбал . И денес по 20 години немам никаков проблем со колената .

Сакам да искажам голема почит и благодарност кон баба Ванѓа , затоа што за многу кратко време ме спаси од мојот проблем и ме врати во нормален живот .

Гошева Драгица , родена 1931 година
(домаќинка)

Бев девојче на 15-16 годишна возраст кога заврши Втората светска војна и животот во градот почна да се нормализира . Се формираа културно уметнички друштва за да се подобри културно забавниот живот на младите .
Јас се запишав да пеам во градскиот хор , кој броеше околу 40 девојчиња и момчиња. Настапувавме на разни приредби што се организираа во градот , а гостувавме и во други градови .

Се случи да бидеме гости во градот Петрич во Бугарија. Отидовме еден полн автобус . Нѐ однесоа во едно училиитте во кое сите училници беа послани со слама , а одозгора имаше послано војнички ќебиња . Тоа беше нашиот хотел . Но , младоста си има своја убавина . Вечерта настапивме во една голема сала , каде што таа ноќ пееја хорови од повеќе градови . За нас тие беа прекрасни моменти , посебно што помеѓу нас имаше и некои што си имаа свои симпатии . Меѓу нив бев и јас , чиешто момче пееше во хорот. Со мене беша еднамоја другарка по име Ленче.

Следниот ден таа ми предложи да одиме кај Ванѓа , којашто била нивна пријателка уште од Струмица , па ако влеземе , можеби и ќе ни гледа .

Пред куќата имаше многу народ . Некои раскажуваа како цели три дена чекаат да дојдат на ред . Ленчето направи напори да влеземе , но луѓето се побунија . Ванѓа седеше на покриениот чардак на еден миндерлак и таму им гледаше на луѓето . Беше облечена во една многу убава шарена роба , со убави рози .

Не верувам дека го слушна гласот на Ленчето , но ние го слушнавме нејзиниот глас одозгора :

- Од каде се бе тие девојчиња , што дојдоа сега?

Некој одговори :

- Од Струмица.
- Пуштете ги нека влезат , тие се мои гостинки !

Луѓето се поттргнаа , ни направија пат и ние се качивме горе . Со Ленчето се поздравија , се прегрнаа , а за мене праша:

- Која е мори таа со тебе ?”

-Тетка Ванѓе , таа ми е другарка , заедно пееме во хорот.

- А , а , а ...заедно пеете , ама тука и е и љубовникот . И тој пее во хорот.

Сега се обрати кон мене :

- Си мислиш дали ќе те земе. Не се секирај , ќе го земеш , ама големи маки ќе претегнеш !

Потоа ја праша Ленчето :

- Што мори тој гроб , чиј е ?

- А бе , тетка Ванѓе , вујче умре.

- А , а , а , а ...еве го , си ги сака костумот и часовникот. Човекот е жеден за вода . Кажи им на домашните кога ќе видат некое војниче на улицата , да му подадат вода да се напие !

Нејзе не ѝ кажа ништо за мажење.Таа подоцна се омажи во Кавадарци .

Поседевме , поразговаравме и јас и реков на Ленче да си одиме , бидејќи оној мојот беше многу љубоморен .

Кога ме слушна тетка Ванѓа , ми рече :

- Не брзај , рано е , 17 часот!

Кога погледнав на часовникот , навистина беше 17.00 часот. Гледав и не можев да се начудам , бидејќи жената немаше очи , а кажа точно колку е часот.

Во животот немав прилика пак да ја сретнам Ванѓа , но тоа што таа ми го кажа , се исполни .

Многу маки претрпев додека да се земеме со мојот

Костова Милка , родена1952 година , с. Смолари
(акушерка во пензија)

Работев како акушерка во Породилниот дом во Ново Село , Струмичко.

Таму секојдневно се раѓаа нови животи и со моите раце ги прифаќав тие мали ангелчиња и ги предавав во прегратките на нивните мајки .

Да се стане мајка е едно возвишено чувство што си го посакува секоја жена . Моментот кога ќе почувствуваш дека во себе носиш нов живот е најголемата и највозвишената радост што те исполнува со една силна божествена љубов , што со нетрпение очекуваш да ја предадеш на тоа мало суштество .

Во 1979 година се омажив и наскоро почувствував дека ќе станам мајка . Го чекав денот со нетрпение , но наместо радост , ја доживеав мојата најголема тага .

Во едно нормално породување , се роди здраво дете коешто наскоро по раѓањето , почина. Бев наполно скршена кога си заминав дома со празни раце .

Бев млада , здрава , се случи и втората бременост. Породувањето помина добро , се роди здраво дете . Кога ми го донесоа на досње , само што го ставив на дојката , почувствував како повлече два-три пати , ја испушти дојката , ги преврте очите и почина .

Бев во голем шок , не можев да поверувам дека оваа трагедија ми се случува по вторпат . Причината за нивната смрт никогаш не ми беше разјаснета . Едното беше машко , а другото женско дете.

Кога по третпат останав бремена и бев во третиот месец , некој од моите блиски ми предложи да отидеме кај баба Ванѓа во Бугарија . Кога го слушна тоа мојот сопруг , се вознемири и рече :

- Малку пари потрошивме , сега треба и на Ванѓа да

даваме.

Мајка ми не можеше да премолчи , па рече :

- Деца , еве за таксата што треба да се плати кај Ванѓа , јас ке ви дадам пари .

Наскоро со сопругот се најдовме пред баба Ванѓа . Штом влеговме , нѐ праша :

- За што доаѓате ?

Јас во моментот побрзав да ѝ одговорам :

-Доаѓаме , бидејќи јас раѓам , а тие умираат ...

Таа замолче , а потоа ми рече :

- Еве ги , ги гледам и двете . Тоа што ти се случило е од Бога , така е речено . Ти сега пак си бремена . Прво ќе ги слушаш докторите што ќе ти кажат , а мене мажот ти ќе ми донесе една кукла и едно пластично легенче .

По два-три дена сопругот ѝ однесе тоа што го бараше . Легенчето го задржа кај неа , а куклата ја врати и рече да ни стои дома .

- Кога ќе се роди детето , ќе дојдете да му дадам име !

Поминав нормална бременост , со нормално породување. Се роди здраво машко дете . По неколку дена сопругот ја посети баба Ванѓа да ѝ ја каже радосната вест и да го чуе името на детето .

- Вие можеби сакате име на некој од дедовците , но името му го дава свети Илија и ќе се вика Илко .

Петнаесет месеци по раѓањето на синот , ми се роди девојче . По предлог на баба Ванѓа која веќе ја ословувавме со калимано (кумо) , го направивме истиот ритуал со куклата и легенчето .

Кога отиде сопругот да му го каже името , таа му одговорила :

- Девојчето ќе се вика Светлана , а не на бабите како што сакате вие .

Децата напредуваа многу добро , со себе го носеа

благословот на нивната кума . За секој нивен роденден , ја посетувавме со торта и со други подароци .
Се сеќавам на една посета , кога ѝ купив блуза со ролка . Кога ја виде блузата сестра ѝ Љуба , ми рече :
- Таа блуза дада нема да ја носи .
Не знам зошто ми го кажа тоа , дали затоа што за неа немав донесено ништо , но се почувствував многу непријатно.
Кога калиманата ја зема блузата во раце , многу и се израдува и рече :
- Е , е , е , е таа блуза многу ќе ми одговара на здолништето . И да знаеш Љубе , оти ќе ја носам !
Мене срцето ми се стопли и ми се исполни со радост .
Денес моите деца се возрасни , имаат свои семејства , но имам чувство дека благословот на нивната кума ги следи постојано во животот . Додека беше жива , тие повремено ја посетуваа и многу ја почитуваа .
Еднаш ја прашав за една братучетка дали ќе има дете , бидејќи не можеше да забремени . Тетка Ванѓа ги почитуваше лекарите и препорача да ја однесам кај доктор Цано Ристевски и кажа дека тој ќе ѝ помогне.
Така и се случи . Благодарение нему , мојата братучетка си роди две дечиња.

Панделиева Јагода , родена1957 година
(домаќинка)

Бев штотуку омажена , кога свекрва ми се разболе од тешка болест . Свекор ми не можеше да се помири дека болеста може да биде фатална за неа , па реши да отиде кај баба Ванѓа во Петрич , надевајќи се дека можеби таа ќе каже каде да ја однесат и како да ја лекуваат . Со него замина и неговата сестра .

Пред вратата на баба Ванѓа имало многу народ , но по некое време сама ги повикала да влезат внатре и тоа , преку ред . Како да знаела дека се отидени од голема мака . Откако влегле внатре , таа не сакала да зборува пред свекорот и му кажала да излезе надвор . На неговата сестра ѝ кажала :

- Жено , за тоа за што сте дојдени , нема лек. Жената е тешко болна и ќе умре на голем ден . Сѐ што сака да јаде и да пие давајте ѝ , зошто нејзините денови се изброени .

Таа 1977 година празниците Први мај и Велигден беа во ист ден.

Свекрва ми почина на Први мај , а ја погребавме на втори мај. Таа имаше само 38 години . Се потврдија зборовите на баба Ванѓа. Таа почина на најголемиот христијански празник Велигден .

Додека биле уште внатре , баба Ванѓа го повикала да влезе човекот што дошол од селото Иловица за изгубеното дете.

Семејството неколку дена го барале 13-годишното девојче кое исчезнало од дома и никаде го немало . Уште од вратата им кажала :

- Зошто мислите дека детето е мртво? Бидете спокојни , тоа е живо !

Им објаснила точно на кое место да го бараат и таму зад грмушките ќе го најдат .

Како ги гледала тие работи , јас не знам, но едно знам

дека сѐ што ќе кажеше , беше вистина и затоа луѓето одеа кај неа. Таа им беше последната утеха и надеж.

Влахова Ленче , родена 1934 година
(пензионер)

Мојата професија беше плетачка . Бев мајстор за машинско плетење . Не постоеше нешто што не можев да го изработам . Го имав тоа задоволство да ја облечам тетка Ваńа од глава до петици .

Исплетов здолниште , блуза , џемпер , пуловер , шал и уште многу работи по нејзина желба . Таа беше многу задоволна од мојата работа .

Некаде во 1975 година кај мене дојде мојата сосетка Гошева Ката , блиска пријателка на Ваńа и ми рече дека таа кажала да одам кај неа .

Кога стигнав , на оној којшто работеше како одговорен на вратата , му рече :

- Денес никој повеќе да не си пуштил да влезе , Ленчето ми е на гости и сакам да си зборуваме .

Тетка Ваńа беше многу радосна и ми рече :

- Ленче , многу те сакам , ти си чесен човек со чиста душа и со златни раце . Многу работиш и од сѐ се разбираш .

Ми се пожали дека џемперот што ѝ го плетев и го украле и сакаше да ѝ направам друг , ист таков.

Јас и реков :

- Тетка Ваńеди сигурно знаеш кој ти го украде.

А таа ми одговори :

- Знам мори ќерко , како не знам , но жената е многу сиромашна .

Од дете имав многу страв во себе , се плашев од сѐ и сешто . Ни лекарите не можеа да ми помогнат . Во една прилика и раскажав за мојот проблем , а таа ми рече :

- Штом толку се плашиш , купи една гитара и однеси ја во некој манастир што се наоѓа на рид !

Ја купив гитарата и ја однесов на манастирот “Свети

Илија '' што се наоѓа над градот.во внатрешноста на ридот . Ја закачив во манастирот и се вратив .
Од тој ден го изгубив стравот со кој бев опседната уште од дете . На чуден начин тетка Ванѓа им помагаше на луѓето да си ги решат нивните проблеми .
Мојата ќерка живееше и работеше во Скопје . Требаше да се мажи , беше закажана и свадбата , кога во еден разговор , тетка Ванѓа ми кажа :
- Твојата ќерка прво ќе остане бремена , а после ќе се мажи .
Малку се збунив прашувајќи се што ќе се случи за така да се измешаат работите . Но , набргу почина свекрва ѝ и се откажа свадбата . Таа забремени и подоцна само се регистрираа без свадба . Се случи како што кажа таа .
При една посета кај неа , влезе еден маж да му гледа .
Рече дека доаѓа заради , жена му во којашто се сомнева дека го изневерува , а тоа го слушал и од други луѓе . Таа го ислуша , па му се развика :
- Како не ти е срам ? Жена ти е чиста душа , но ти си тој женкарот . Бегај оттука , оди да си ги прибереш жена ти и децата!
Тој сакаше да ѝ даде некакви подароци , но таа му ги фрли и не му ги прими.
Ванѓа многу ги ценеше чесноста и моралот кај луѓето.
Таквите не сакаше ни да влезат кај неа , а камоли да им гледа.

* * *

Ќе раскажам еден случај што го раскажуваше мојата баба , којашто живееше во непосредна близина до куќата на тетка Ванѓа во Струмица , а потекнуваше од семејството Челебиеви.
Вујко ми Боро за време на Втората светска војна исчезнал и подолг период домашните не знаеле ништо за него.

Две години биле без писмо и никаква информација.

Баба ми отишла да ја праша Ванѓа дали ќе знае да каже каде се наоѓа нејзиниот син . Таа и одговорила :

- Тој е многу болен , повраќа крв и се наоѓа во Пловдив. Веднаш да го донесете,инаку, ќе умре!

Го пронашле во Пловдив како што кажала таа, а потоа го однеле во Скопје каде што по долго лекување успеал да ја преброди болеста и се вратил дома.

Бучева Стојанка , родена 1922 год.во Ново Село

(живее во Струмица)

Авторката :
Ја имав таа среќа да се сретнам со една од најстарите
живи сведоци , којашто била во блиски односи со тетка Ванѓа .
На 94-годишна возраст , шест години врзана за кревет
поради скршеница на колкот , но со ведар дух и чист разум .
Разговаравме три часа , а таа зборуваше за нејзиниот живот и се
што поминало како да било вчера .

Иконата св. Богородица
во црквата во Ново Село

Кога ја прашав од кога ја познава Ванѓа , таа ми рече од
кога почна да гледа , во 1941 година . Еве го нејзиното сведоштво
за Ванѓ а:

Сопругот ми беше болен и отидов кај дода Ванѓа во

Струмица.

Штом ме виде , ми рече :

- Како си , Стојанко? Ние сме соседи во Ново Село. Дојдена си за мажот ти , но да ти кажам оти за него ќе барате докторски лекови , но дали ќе најдете , не знам! Сега е воено време и многу е тешко .

Мажот ми беше многу тепан и имаше наседната крв на белите дробови . Лекарствата не можевме да ги најдеме , ниту овде , ниту во Бугарија .

Поживеа уште 6 години , а инаку работеше како фурнаџија во бугарската војска . Кога се врати од војска , многу кашлаше.

Јас отидов кај неа во Петрич и ѝ реков :

- Ванѓе , мажот ми ич не го бива , што да правам со него?

Ми рече да го носиме на лекар , а кај неа да однесам една тегла мед и некоја трева што не можев да ја најдам. Не сакаше да ми каже оти ќе умре , па ми рече:

- Не можам да ти помогнам . Родена си на 25 јуни , а тогаш имало промена на месечината. Цел живот ќе се мачиш . Јас со моите слепи очи што има да видам , ама и тебе нема да ти биде полесно . Знај оти многу ќе се измачиш во животот . Убаво ќе видиш дури кога ќе ти пораснат децата . Те чека многу длабока старост , но ќе бидеш неспособна за ништо , ќе бидеш неподвижна.

И ете , сето тоа што ми го кажа , се исполни.

Почина мажот ми , останав со две малолетни деца. Ја презедов целата работа . И машка и женска . Копав , орав со воловите , сеев , ништо не ми бегаше од рака.

Голема жалост ме снајде како што ми кажа Ванѓа . Ќерка ми Павлина почина млада , оставајќи три деца. По неколку години почина и зетот . Почина и другиот зет , мажот на големата ќерка Ленче , а јас останав на нејзини раце.

И таа имала да страда со мене .

---------- — Фимка Гогова - Михајлова ---------- -----
Родив две машки деца . Штом ќе наполнеа два месеца и влегуваа една недела во третиот , од ништо - нешто , умираа . Родив и трето машко дете . Кога наполни два месеца , отидов кај неа , плашејќи се и на тоа да не му се случи нешто . Ванѓа ми рече :
- Стојанко , доцниш , а го донесеше порано , трите мои прсти да ги ставев врз него.ќе останеше живо , но сега и тоа ќе ти го земат .
Кога ми се роди помалата ќерка.ми рече да ја однесам да ја крсти . Од границата ме вратија.не можело некрстено дете без документи да помине во друга држава .
Се вратив назад , но по некој ден отидов кај неа да го каже името. Таа рече дека ќе се вика Павлина .
Кога Павлинка потпорасна , често одеше кај кумата на гости во Петрич и кај неа седеше по неколку дена . На Ванѓа ѝ се сонило да отиде на Рилскиот манастир и да купи икона од мајка Богородица . Иконата требало да биде однесена во Ново Село во црквата и да се закачи под иконата на мајка Богородица . Човекот којшто ќе ја однесе и ќе ја заврши таа работа требало да биде чесен и чист човек .
Еднаш кога отидов кај неа , ми рече :
- Стојанко , оваа икона ја донесов од Рилскиот манастир . Ти ќе ја однесеш во црквата во Ново Село и со твоја рака ќе заковаш едно клинче и ќе ја закачиш под иконата на св.Богородица. Ќе им кажеш на одговорните во црквата таа икона никогаш да не ја продадат и да не ја поместат !
Ја завршив работата како што ми кажа . Ја ставив во пазувите и така ја поминав преку границата . Денес по толку години не знам дали таа икона се уште стои на своето место .
Еднаш отидов да ја прашам за братучеда ми Реса Бучева којашто беше многу болна. Ми рече да му кажам на синот Сандо да ја исчисти добро собата во која лежи мајка му. Не сакаше да каже дека ќе умре.

Ванѓа многу ја сакаше нашата “Струмка”, па кога одев во Петрич , секогаш ѝ носев по неколку шишиња .

Панче , детето на ќерка ми Павлина , имаше една година кога се разболе многу тешко . Тогаш татко му беше војник . Два-три дена докторите не можеа да му го најдат крајот . Павлина зеде неколку алишта од детето , седна во автомобилот и отиде кај Ванѓа. Само што ги фатила алиштата во рацете и рекла :

- Што си чекала досега? Сакаш детето да ти умре , ли? Уште малку му требало .

Додека Ванѓа ги држела алиштата во рацете , детето овде почна да се подобрува.

- Сега ќе одиш , и кажала на Павлина , а утре ќе дојдеш и во едно шише ќе донесеш вода од три чешми (ама не од водоводната мрежа , туку од чешми со природна изворска вода).

Другиот ден Павлина ја однесе водата кај Ванѓа . Таа го држела полното шише со вода , ѝ го вратила и ѝ кажала :

- Кога ќе си отидеш дома , ќе ја згреете водата и со неа ќе го избањате детето . Истата вода ќе ја соберете во шишето без капаче и така ќе го фрлите во некоја река за да може водата од него да истече заедно со реката .

После тоа детето ќе го однесете во црквата “Св.Кузман и Дамјан” (Св.Анаргир) . Според црковните книги , тие светители биле лекари и го лекувале народот) . Жената којашто работи во таа црква ќе му заврзе околу вратот од памучниот конец од кој се прават свеќите и тоа ќе го носи 40 дена . Потоа истата жена од тој конец ќе направи една свеќа што ќе ја запали да догори до крајот во истата црква .

Детето целосно си оздраве , па и лекарите не знаеја како се случи тоа. А пак ние ѝ останавме вечно благодарни.

Кога се роди второто дете Зоран и кога наполни една година,почна да се изгубува . Кога по втор пат му се случи така , Павлина седна во автомобилот и отиде кај кумата Ванѓа , а таа уште од вратата почнала да ѝ зборува:

- Ако си почекала и трет пат да му се случи тоа , детето ќе ти умреше !

Утредента Павлина однесе вода во шише од три чешми и се повтори истата постапка.

- Понатаму ќе го направите следното : Ќе наберете млади коприви , ќе ги сварите , ќе ја процедите водата и со неа ќе го избањате детето . Водата што ќе ја соберете , ќе ја истурите на место каде што не се гази . Потоа во топла вода ќе размешате жолчки од две домашни јајца . Со таа вода ќе го избањате детето и водата ќе ја истурите во цвеќињата . Понатаму , ќе излупите кора од млад даб , добро ќе ја сварите и со таа вода ќе го избањате.Кога ќе преспие детето , се повторува постапката со двете жолчки од јајца . Потоа ќе купите чист катран и ќе ги измиете со десет води. Катранот треба добро го измешате со една лажица чиста домашна маст и со таа смеса детето цело ќе го премачкате и добро ќе го измасирате . Откако ќе преспие , ќе го избањате во чиста вода со две жолчки и ќе го завиете во бањарката . На крајот ќе го избањате со чиста вода и детето ќе го измачкате со чиста свинска маст .

Откако направивме се како што таа кажа , детето си оздраве и оттогаш до денес никогаша не било болно.

Авторката:

По повеќе од два часа разговор со тетка Стојанка , се разделивме . Беше многу среќна што доби шанса да ги сподели нејзините спомени за Ванѓа со другите луѓе . Мене ме испрати со многу благослови:

- Чедо , Бог да ти даде здравје и долг живот за тоа што го правиш ова добро дело за Ванѓа! Таа жена го заслужува тоа...на толку многу народ му помогна додека беше жива . А и младите коишто не ја познаваа , лично ќе читаат за неа.

Ѓоргиева Катерина (Каракашева) , родена 1941година (текстилен техничар во пензија)

Мојата мајка Ѕвезда потекнува од семејството Мацирови. Тие живеат на неполни 100 метри под куќата во која се родила и живеела прочуената Ванѓа.

Тогаш дворовите биле отворени и ако човек тргне од горното маало од двор во двор ќе стигне до фурната на Мито (Вртев), која била подолу покрај поројот . Соседите се среќавале почесто , си разменувале по некој збор и секој знаел по нешто за другиот . Така и мојата мајка често седнувала со Ванѓа на разговор , кажувајќи си по некоја мака што ги мачела во младите години.

Мајка ми се омажила во семејството Каракашеви , за синот на Калиопа Каракашева , Алеко.Тоа што ќе го раскажам се случило во почетокот на Втората светска војна .

Младите мажи ги собирале и ги носеле во заробеништво во Германија , а семејствата понекогаш со месеци немале никакви вести од нив .

Мојот чичко Павле исчезнал и неколку месеци семејството не знаело ништо за него . Помислувале и на најлошото , дека е мртов.

Еден ден , баба ми Калиопа заедно со мојата мајка Ѕвезда отишле кај баба Ванѓа со надеж дека таа ќе им каже што му се случило на Павле .

-Голема мака си имам , Ванѓе! - ѝ кажала баба ми . Павле го нема со месеци , не знаеме каде е и дали е жив.

-Не се секирај Калиопо , твојот син е здрав и жив. Се наоѓа во Германија и за една недела ќе си дојде . Еве , го гледам , работи како работник . Сега бере лубеници .

Зборовите на Ванѓа биле вистина . После една недела , чичко ми се вратил дома и раскажал дека бил во Германија , работел по нивите и берел лубеници .

Ванѓа била дојдена во Струмица и била на гости кај мојата баба по мајка , Марија Маџирова . Како дете токму тогаш сум отишла кај баба ми . Само шго влегов во собата . Ванѓа и рече на баба ми :

- Марија , во собата влезе внука ти , ќерката на Ѕвезда .

Се чудев како една жена без очи можеше да види кој влегува во собата .

***

Мојата мајка Ѕвезда , како и многу струмичани , на времето често патуваа за Петрич да си купуваат по нешто . При едно такво патување , одлучила да оди на Рупите да се види со Ванѓа . Намерата не ѝ била да ѝ гледа за кого било .

Кога стигнала на Рупите , имало голема редица луѓе и таа застанала на крајот .

Се обесхрабрила дека до крајот на денот нема да дојде ред да влезе , но одеднаш излегла нејзината помошничка и рекла :

- Ајде да влезе Ѕвезда од Струмица , иако е на крајот на редот . Ванѓа сака неа да ја види .

И така , уште еднаш се потврдила големата видовитост на баба Ванѓа .

sJs

Пред 40 години се случи еден немил настан во домот на мојот брат Мите Ѓоргиев .

Неговиот 10-годишен син Кире , со некои другарчиња

отишле во селото Дражево да нижат тутун , без да ги известат нивните родители . Поминале 4-5 дена а од детето немало никаква трага и глас . Семејството почнало да мисли и на најлошто . Брат ми , не можејќи да ја издржи таа неизвесност , заминал да бара помош кај баба Ванѓа .

Дворот бил полн со народ,па застанал на крајот од редот . Размислувал дали воопшто ќе има прилика да влезе кај неа . По некое време Ванѓа го извикала по име . Без да и објаснува зошто е дојден , таа почнала да зборува :

- Ич да не се секираш , кога ќе се вратиш , детето ќе си го најдеш дома !

Така заврши таа немила случка.

Тупарова Соња , родена1961 година
(трговец)

Многу пати во текот на годините ја слушав свекрва ми Василка кога раскажуваше за видовитоста на баба Ванѓа , а таа како девојче , воопшто не и верувала . Нејзиното моминско презиме е Аџиева .
За време на војната во 1941 година , нејзиниот брат бил испратен на фронтот и домашните подолго време не знаеле што се случува со него.
Еден ден , нејзината мајка одлучила да оди кај Ванѓа , да чуе што ќе ѝ каже таа за синот . Тогаш свекрва ми била девојка на 18-годишна возраст и кога дознала каде ќе оди нејзината мајка , ѝ кажала :
- Мамо , каде ќе одиш ? Како може таа ќорава жена тебе да ти гледа ?
Мајка ѝ , не обрнувајќи внимание на нејзините зборови , тргнала , но и свекрва ми од љубопитство нога зад нога одела по неа , да види што ќе се случи .
Само што влегле во дворот , Ванѓа ѝ се обратила на свекрва ми :
- Зујцо , кажи ѝ на таа кучката да види дали можам или не можам да гледам !
Свекрва ми преплашена од зборовите на Ванѓа , побегнала дома . На мајка си ѝ кажала дека синот за кој е дојдена е на пат и наскоро ќе се врати жив и здрав . Така и се случило .

Мицева Параскева , родена 1940 година
(пензионер)

За Ванѓа и нејзината моќ слушав од многу мои сограѓани , а мојата прва и единствена средба со неа беше на почетокот на 80-тите години на 20 век .

За Петрич заминав со мојот сопруг , а причината беше мојот проблем со камењата во жолчката шго ми предизвикуваа голема болка и проблем во животот . Од Ванѓа очекував да ми каже со каков чај може да се лекувам .

Се упативме кон нејзината куќа во чијшто двор чекаа неколкумина луѓе . Уште од вратата ни се обрати со зборовите :

- Е , е , е , е , е ... еве ги синот и снаата на Јана Точеќаева !

Се распраша за свекрва ми Јана со која другарувала во детските и младешките години во Струмица и за постарата сестра на свекрва ми , Марија Ѓузелова , позната како попова Марија , поради тоа што свекор ѝ Димитар бил свештеник уште во времето на турското ропство .

Тетка Марија живееше во соседството , неколку куќи подолу од куќата на Ванѓа во Струмица .

Бидејќи знаеше дека бараме помош за моето здравје , ми рече :

- Лекот за твојата мака е само операција . Од друго нема да ти помине ! Дали во Струмица кај доктор Бачев , или во Скопје , одбери си ! Каде и да одиш , лесно ќе поминеш !

По враќањето од Петрич , за кратко време , заминав во Скопје на Клиниката за хирургија каде што по оперативен пат ми беа извадени жолчните камења и ми беше отстранета жолчката , после што се почувствував многу добро .

Видовитата Ванѓа , меѓу другото , многу ѝ веруваше на медицината и затоа голем број луѓе ги упатуваше на вистинското место . Меѓу нив бев и јас .

Ѓузелов Кољо , роден 1935 година
(пензионер)

Прв и единствен пат ја посетив Ванѓа во 1964 година . Поводот беше постојаните болки на мојата сопруга Вера . Пред куќата на јасновитката во Петрич имаше голема редица луѓе . Најдов пријатели , коишто преку нејзиниот зет средија да влезам побрзо . По едно време чув оддалеку :

- Кољо , ајде , што чекаш ? Влегувај , ти си на ред !

Влегов целиот возбуден , растресен , мислејќи - што ли ќе ми каже ?!

Ванѓа седеше на столот .

- А бе , ти си внук на бабата попадија ! Мајка ти , Софија е болна .

- Баба Вапѓа јас за жената сум дојден .

- А бе гледам за кој си дојден . Жена ти ја боли главата , не се секирајте , нема ништо лошо ! Ке отидете во Софија во ИСУЛ болницата , кај мостот на лавовите , при доктор Василев !

Отидовме ја прегледаа жена м и и ѝ дадоа да носи темни очила , но таа не можеше да ги носи , а главата и понатаму ја болеше понекогаш .

Со мене носев шеќер на една наша сосетка . И го подадов шеќерот и ѝ реков . Овој шеќер е од Нада Мишинова , ќерка на Стојо .

Тогаш Ванѓа ми списка :

- А бе , вие не си ги знаете соседите ! Јас треба да ви кажам . Од каде бе , Нада е ќерка на Стојо ? Тој е бесчеден . Тие немаат деца . Таа е ќерка на братучед му Ѓорги .

Ете , тоа се спомените за баба Ванѓа што ги паметам и понекогаш ги раскажувам за овие 50 години .

Самаракова Весна , родена 1959 година (трговец)

Додека беше жива , Ванѓа ја посетуваа луѓе речиси од цел свет , барајќи помош и совет од неа . Ќе раскажам индиректно еден вистинит случај што го паметам од моите детски години , а се однесува на манастирската црква „Свети Петнаесет тивериополски свештеномаченици “ во Струмица .

Во дворот требаше да се гради црква , но членовите на Црковниот одбор беа внимателни пред почетокот на градбата и затоа решија да ја прашаат Ванѓа .

Настојателите , односно членовите на тогашниот црковен одбор : Бујуклиев Кочо , Хаџиеленов Јанко и Бојаџиев Стевчо заминаа за Петрич со себе земајќи икона на Светите петнаесет маченици за да ѝ ја подарат на Ванѓа .

Пред нејзината куќа имало многу народ , но од внатрешноста го слушнале нејзиниот повик да влезат внатре . Се поздравиле со неа , ѝ ја подариле иконата , а таа веќе знаела дека се дојдени за да градат црква уште пред тие да ѝ го кажат поводот .

- Сѐ убаво , почнете да ги копате темелите , но внимавајте одоздола ќе излезе стара црква посветена на Светите 15 маченици !

Одборниците си заминале , но добро ги запомнале нејзините зборови .

Изградбата на црквата започнала во 1973 година . Комплексот цркви посветени на Светите 15 маченици вклучува цркви од различни временски периоди . При ископувањето на темелите од црквата е пронајдена фреска што датира од 9 или 10 век . Таа е најстарата пронајдена фреска во Македонија , на која се претставени светите Тивериополски свештеномаченици .

Во дворот на црквата имаше пораснато дрво над

гробовите на мачениците . Локалното население го почитуваше тоа дрво како свето .

Кога започнаа археолошките ископувања , жилите од дрвото беа оштетени , а подоцна веќе исушеното дрво беше пресечено , но култот за неговата светост продолжи да живее .

Христова Славица , родена 1947 година
(пензионер)

Семејството на татко ми е од Кукуш . Кога за време на Балканската војна бегале , тие се преселиле во Струмица , а татко ми останал во Петрич каде што се оженил и му се родило девојче . По неколку години му умрела сопругата , па тој се вратил во Струмица . Девојчето останало во Петрич и го одгледале нејзините вујковци . Во Струмица се оженил со мојата мајка и од нивниот брак се родивме јас и мојата сестра .

Со полусестрата од Петрич за првпат се сретнавме по 18 години на меѓуграничните средби . Таа беше омажена и за чудо невидено , тој ден се породи во шаторот за медицинска помош на границата и роди син . После тоа , нашите средби со неа беа сѐ почести . Инаку , таа беше многу блиска со гледачката Ванѓа од Петрич и со нејзината ќерка .

Беа поминати 4 години од нејзиниот брак кога еден ден зетот ѝ рекол на сестра ми :

- Денес со мојот другар ќе одиме со моторот за Грција да купиме фустан за неговата невеста .

По разговорот , сестра ми заминала на работа . По некое време кај неа дошла ќерката на Ванѓа и ѝ кажала да оди кај нив дома , оти ја вика мајка ѝ . Сестра ми отишла кај Ванѓа , а таа уште од вратата ѝ рекла :

- Оди си дома , ако го најдеш мажот ти таму , задржи го да не оди со моторот на пат ! Ако не го затекнеш дома , тој жив нема да се врати од Грција .

Кога се вратила дома и него не го нашла , знаела дека зборовите на Ванѓа ќе се остварат . Веднаш испратила телеграма до татко ми и мајка ми да заминат за Петрич што е можно побрзо , бидејќи сопругот ѝ починал .

Кога моите родители пристигнале во Петрич , дворот бил полн со народ , а мртовец немало .

- Што направи ќерко ? - прашал татко ми . Ние доѓаме со венец , а човекот можеби е жив .

По два часа полицијата ја известила сестра ми дека мажот и со другар му се превртеле со моторот пред Кулата . Не успеале ни да влезат во Грција . Другарот бил полесно повреден и преживеал , а мојот зет го префрлиле во болницата во Софија каде што им подлегнал на повредите и починал . Доцна попладне го донесоа дома .

Ете жив пример како Ванѓа ја виде смртта на мојот зет , но не успеа да го спаси од неа . Тоа што Бог го зацртал , никој не може да го промени .

На судбината не може никој да ѝ побегне .

Ангелова Даница , родена 1949 година
(пензионер)

За време на Втората светска војна многу семејства останаа завиени во црно . Исто така , немаше куќа од која барем по еден од мажите не беше однесен да работи како роб или да се бори на фронтот . Така и мојот свекор со уште еден пријател биле однесени на фронтот . Семејствата подолго време не знаеле каде се наоѓаат и што се случува со нив .

Еден ден и двајцата решиле да побегнат и да се вратат дома .

Биле лесно облечени , немале ниту чевли на нозете , но желбата за живот ги терала да газат боси по трње и по камења . Поминувале покрај некоја ливада на која пасел еден коњ и свекорот му кажал на другарот :

- Продолжи да одиш , јас ќе те втасам !

И така , тој скршнал од патот . Другарот само што се оддалечил од местото , слушнал силна експлозија од некоја нагазна мина , и кога погледнал назад , видел како коњот бил разнесен на парчиња . Мислејќи си дека неговиот другар тргнал накај коњот , бил сигурен дека и тој загинал . Продолжил сам по патот накај дома , размислувајќи што ќе каже на семејството за трагедијата .

Свекрва ми слушнала дека пријателот на нејзиниот маж се вратил и отишла да го праша каде е тој . Човекот не можел да разговара и само пелтечел . Бил збунет и ништо не кажал.

Таа се вратила дома и на нејзината свекрва ѝ кажала :

- Штом ништо не кажа , .нешто му се има случено.

Нејзината свекрва од дома ѝ дала неколку коцки шеќер и ја испратила кај Ванѓа да дознае што ќе ѝ каже . Пред куќата си играла нејзината 10-годишна ќерка и ја прашала каде ќе оди , а таа ѝ одговорила оти ќе оди кај Ванѓа .

- Оди , оди ! Ќорава Ванѓа сѐ ќе ти каже - ѝ кажала

подбивно.
Влегувајќи во дворот кај Ванѓа , го слушнала нејзиниот глас :
- Марчина снао , зошто доаѓаш ? Нели ти кажа ќерка ти дека ќорава Ванѓа не знае да гледа ? Аj , ај ќе ти кажам за атер на свекрва ти . Мажот ти Милан е жив .Оди дома , чекај го ! За два дена ќе се врати бос со раскрвавени нозе . Пречекај го со топла вода за да го излекуваш !
И така , по два дена тој се вратил точно онаков како што кажала Ванѓа.

Томова Гонца , родена 1955 година
(приватен стопанственик)

Беше далечната 1975 година кога свекрва ми во еден разговор ми раскажа за една неверојатна случка поврзана со еден од нејзините синови.

Тој студирал Медицински факултет и бил солиден студент . Никој од неговото семејство , ни самиот тој не знаел што му се случило . Момчето наеднаш се повлекло од учењето и од секојдневниот живот . Цела година лежело дома и никаде не излегувало . Свекрва ми насекаде барала помош .

Од лекари и бабини лекови , до цркви и манастири . Од никаде немало никакво подобрување . Некој ѝ спомнал да оди кај Ванѓа во Петрич и со сигурност да ѝ каже каде да бара помош . Тој разговор го споделила со една нејзина пријателка и ја замолила да ѝ прави друштво до таму .

Пријателката ѝ рекла :

- Јас не верувам во Ванѓа ! Од каде токму таа ќе ти помогне ? Не верувам , но ќе дојдам со тебе за друштво.

Кога стигнале во Петрич , пред куќата на Ванѓа имало многу народ . По некое време Ванѓа однатре сама ја извикала свекрва ми по име да влезе , а другата жена ја избркала .

- Ти пак , што бараш тука кога не ми веруваш ?

На свекрва ми ѝ кажала :

- Твојот син не е болен од болест . Тој е студент по Медицина и одејќи на вежби , го прифатила крвта од штотуку починат човек .

Ванѓа ѝ кажала да ја направи следната работа :

- Ќе земете едно гулапче во среда или четврток , а во петок наутро пред изгрејсонце ќе влезете во неговата соба каде што спие и ќе викате толку силно што тој ќе се разбуди многу исплашен . Во истиот момент од живиот гулаб ќе го извадите срцето и ќе му го ставите на синот во устата да го проголта

цело! Направете го тоа и ќе биде добар !

Свекрва ми направила сѐ како што кажала Ванѓа , а мојот девер по 3-4 дена станал од креветот и заминал на факултет во Скопје . Потоа тој стана лекар , заврши и специјализација и стана примариус . Неверојатниот начин на кој им помагаше Ванѓа на луѓето го врати деверот во нормалниот живот .

******

Со години имаме семеен бизнис и се занимаваме со продажба на теписи .Во 1992 година дуќанот ни беше во куќата на некогашната кафеана “Бежанка”. Газдарицата на куќата беше фризерка и дуќанот ѝ беше веднаш до нашиот .Еден ден во нашиот дуќан влезе стоматологот Ацо
Митев за кого подоцна разбрав дека бил близок пријател на Ванѓа . Прашуваше за нашата газдарица Ленче и јас му покажав да влезе во нејзиниот дуќан .Наредниот ден ја видов Ленче како се подготвува со мажот
некаде да патува .- Каде ќе одите ? - ги прашав .- Одиме кај баба Ванѓа на Рупите . Таа порачала по Ацо
стоматологот да одам да ја фризирам иако не се познавам со никого од нив двајцата .- Ако сакаш дојди и ти со нас да се прошеташ и еве ти
шанса да ја запознаеш баба Ванѓа .Јас се сложив , но под услов да влеземе во Петрич да си
купам капут .Заради мојот капут се задржавме цели два часа во Стоковната куќа .На Рупите не пречека нејзината сестра Љуба . Уште од
вратата Ванѓа почна да вика по мене :- Сега ли мори , ти текна да купуваш балтон ? Доцните

два часа . Ајде сега , земи ги витлерите и помагај ѝ на Ленчето! Додека Ленче ја виткаше , јас и помагав . Таа цело време се шегуваше со сопругот и со нас и рече дека Ленче има златни раце и дека од коса може да направи чудо , ама многу да не им верува на луѓето .

Ванѓа ѝ кажуваше за нејзините деца и кажа дека мајка ѝ прави многу убава баклава , па ѝ порача да ѝ донесат за Божик . Откако ѝ ја изми главата , и ја исфенира , нѐ испрати со поздрав , а на Ленче и рече :

- Ќе те чекам за Божик и не заборавај да ми донесеш од твојата сарма !

За Божик тие пак ме поканија да одам со нив , но бев зафатена , .па заминаа сами .

Трајкова Пенка , родена 1941 година
(пензионер)

Потекнувам од селото Гечерлија и сум израсната во едно многудетно семејство со пет браќа и четири сестри коишто сите се живи и здрави .

Животот на село не беше лесен и тешко се опстануваше . Многу од младите го напуштаа , барајќи работа во градот , а побистрите деца образованието го продолжуваа во повисоките училишта и на факултетите .

Еден од моите браќа ко јшто беше роден 1938 година , беше оженет и беше татко на две мали деца кога во 1967 година се пресели во градот каде што се вработи .

Една година по преселувањето во градот , еден ден не се вратил дома од работа и од тој ден му се изгубила секоја трага . Родителите и целото семејство бевме скршени од болка и тага по него . Мојата мајка не престануваше да плаче . Постојано мислеше на најлошото . Одеше по разни гледачки и оџи , но никој не кажуваше ништо конкретно .

Дали некој ги потсети или сами се сетија , па одлучија да одат до Ванѓа .

Последната надеж да се дознае вистината им беше таа . Беа поминати шест месеци , долг период на живеење во неизвесност .

Кога стигнале пред куќата на Ванѓа , моите родители помислиле дека таму ќе чекаат со денови . Пред нејзината порта имало голема толпа народ .

Мајка ми , скромна селска жена , скршена од тага и со солзи во очите , чекала беспомошна и безнадежна . Не поминало многу време , кога од вратата се слушнал продорниот глас на Ванѓа :

- Ајде нека влезат тие од Струмица !

Тие влегле , но мајка ми не престанувала да плаче , очекувајќи да го чуе најлошото . Ванѓа се обратила кон неа со нејзиното име :

- А мори Тинко , престани веќе да плачеш ! Твојот син не

е умрен . Тој е жив . Да го видиш во каква богата држава е , во кралска држава ! Тој е во Шведска и таму му е многу убаво . Не бери гајле за него ! Одете си дома и тој деновиве ќе ви се јави со писмо !

По неколку месеци пристигна првото писмо од него испратено од Шведска . Тогаш разбравме дека тој со уште двајца другари од Струмица и Радовиш преку планината побегнале во Грција . По шестмесечен престој во логор , тој заминал за Шведска . Снаата се врати со децата во селото и таму го продолжија животот .

По 10 години тој си дојде дома . Сакаше да си го земе семејството , но снаата не се согласи и си остана во селото .

Се разведоа и тој таму повторно се ожени . Шансата за подобар живот ја искористија двајца од моите браќа коишто заминаа за Шведска и денес се таму со нивните семејства . Едниот од нив се ожени за Швеѓанка .

Јанушева Босилка , родена 1956 година во Ново Село (медицинска сестра)

Набргу по завршувањето на средното медицинско училиште , започнав да работам . Со мојот сопруг Ванчо подолго време бевме во врска .

Тој беше веќе 28 години и времето му беше за женење , па сакаше да се земеме . Јас го сакав , но планирав да поработам неколку месеци за да му помогнам финансиски на моето семејство .

Еден ден , Маре , сестрата на мојот сопруг , ми рече :

- Сакаш ли да дојдеш со мене за Петрич ?... Треба нешто да ѝ носам на тетка Ванѓа .

Тоа беше во ноември 1977 година . Времето надвор беше многу студено , а врнеше и дожд . Стигнавме пред нејзината куќа , Маре влезе внатре , а јас останав надвор . Однатре го случнав гласот на тетка Ванѓа како ја прашува :

- Ти мори , со кого си дојдена ?

- Со една пријателка - ѝ рече Маре .

- Ајде , ајде , не лажи Маре , со Босилка си дојдена .

-Зошто мори ја остави надвор? Ке се смрзне. Зарем не гледаш колку е студено надвор? Ајде, кажи ѝ да влезе внатре на топло !

Јас влегов срамежливо , а Маре ми даде знак да ѝ бакнам рака . Таа како да ме чекаше да седнам , па веднаш ме подбра :

- Ти мори , што се замислуваш , Ване уште ли ќе те чека , а ? Да знаеш оти него веќе три девојки го чекаат , ти само влечи ја работата ... ќе ти го земаат од рацете , така да знаеш ! Омажи се за него , оти тој повеќе нема да те моли!

Така се случи нашиот брак , бидејќи ме подисплашија зборовите на тетка Ванѓа .

Танчева Спасена , родена 1950 година
с.Љубница - Радовишко

Во 1982 година со сестра ми и зетот решивме да одиме кај баба Ванѓа .

Тие 15 години немаа деца , а ј ас имав проблем со колкот , па кога се движев , бев свиткана наполовина .

Шоферот којшто нѐ возеше , со себе ја зеде и неговата сопруга . По патот почна да зборува недолични работи за Ванѓа , дури и ја опцу . Неговата сопруга почна да го укорува :

- Како така зборуваш за жената , нели гледаш дека сите од големи маки одиме кај неа да бараме помош .

Влегувајќи кај неа , уште од вратата , Ванѓа му се развика на шоферот :

- Ти бре Мицо , да не си влегол внатре ! Заборави ли што зборуваше за мене по патот ?

Човекот како да си го проголта јазикот , не можеше да прозборе ниту збор , и остана да чека надвор . На сестра ми и зет ми уште од вратата им рече :

- Ти , Верко и ти , Ванчо дојдени сте за деца , но да знаете дека сѐ додека не посвоите дете , свое нема да имате !

По кратко време , по божја промисла и тоа се случи . Нејзината јатрва со којашто живееја во иста куќа , остана бремена по третпат .

Се роди девојче кое , уште со доаѓањето дома од болница , постојано плачеше . Се смируваше само кога мојата сестра ќе го земеше во прегратка и ќе го симнеше долу кај нив . Таму детето заспиваше и беше спокојно .

Помина така еден период и една ноќ во доцните часови , самите родители ја симнаа ќеркичката долу сосе креветчето и ја сместија во нивната спална соба .

Сестра ми го прифати девојчето коешто , на чуден начин се избори да се оствари судбината .

По две години , мојата сестра , по поминати 17 години во брак , забремени и роди девојче . Така , се остварија предвидувањата на Ванѓа .

Очекував што ќе каже за мене и мојот проблем , кога самата почна да ми зборува :

- Ти , Спасено , што чекаш ? Веднаш да одиш во Скопје на операција ! Тебе ќе те оперира професорот Серафимов и се ќе сѐ заврши успешно . Само едно да не заборавиш ! Под перницата постојано да ти биде книшката “Сонот на Пресвета Богородица”, оти Богородица е твоја заштитничка .

Кога ме примија на Одделението за ортопедија во Скопје не познавав ниту еден лекар , а камоли да барам кој да ме оперира . Ме внесоа во операционата сала и пред да ми стават анестезија , слушнав како зборуваат :

- Оваа пациентка ќе ја оперира доктор Серафимов .

Откако го слушнав тоа име , многу се ослободив и верував дека здравјето на баба Ванѓа ќе се остварат . И ете , од 1985 година до денес го носам вештачкиот колк и се уште функционирам без проблеми .

Држејќи го шеќерот во рацете , баба Ванѓа , покрај проблемот со моето здравје , почна да зборува :

-Ах,Трајчо , ах Трајчо , да знаеш тебе што те чека ! - Тоа се однесуваше за мојот татко .

Немав храброст да ја прашам , а верувам и немаше да ми каже . Бев свесна дека таа виде нешто лошо .

По шест години од средбата со баба Ванѓа , мојата 18-годишна сестра загина во сообраќајна несреќа . Таа ја виде нашата семејна трагедија , но како што и таа велеше , судбината никој не може да ја смени .

Мојот татко одгледуваше пчели и имаше околу 50-60 кошеви . Нешто се случуваше со пчелите , еден по еден од кошевите остануваа празни . Пчелите умираа . Веројатно се сомневаше дека некој му ги труе , па одлучи да оди кај баба

Ванѓа за да му ја каже причината , а и вистината . Кога влегол кај неа , сакал и нешто друго да ја праша , но таа му рекла :
-Тебе Трајчо нема да ти гледам , ти си многу нечист човек , а за пчелите ќе ти кажам . Не бери грев на никого , самиот си виновен . Во шталата чуваш отровни препарати , а таа е во близина на пчелите . Поради тоа тие умираат .

Инаку , мојот татко работеше како шумар .

Литајкова Гонца , родена 1955 година (медицински лаборант)

Во 1980 година ја преживеав најголемата несреќа што ретко може да му се случи на кого било во животот . На 25-годишна возраст , со двегодишен син и втора бременост во осмиот месец , јас го изгубив сопругот на еден мистериозен начин , за кој и денес не знам точно што се случи .
Животот ми се сруши пред очи , се најдов во бездна од која не можев да го видам излезот , но некаква невидлива сила ме влечеше нагоре кон светлината , кон спасот за мене и моите деца .
Едно утро , како и секое друго , се разделивме со сопругот , тргнувајќи на работа и оттука започна мојата Голгота. Тој не се врати од работа дома , а вториот ден неговиот автомобил беше пронајден покрај браната во Водоча . Се пребара целата околина , но од него немаше никакви траги .
На третиот ден мои блиски отидоа кај баба Ванѓа во Бугарија . Се вратија расположени , бидејќи таа тврдела дека тој е жив и прашува за Ристо , нашиот син . Не е сам , во друштво е , со нив имаат многу пари , гледам и едно ќебе , се наоѓаат во Петрово место . Во Гевгелија има село Петрово , па потрагата се упати на таа страна , но без резултат .
Еден од неговите другари се сети дека на Водочката брана има едно место што се вика Петрово Место . Неизвесноста не убиваше и така , четвртиот ден повторно отидовме кај Ванѓа , но овој пат заминав и јас , лично да слушнам што ќе каже .
Кога стигнавме , ме повика мене и ми рече :
- И ти ли ма булке (невесто) трудна дојде ?
Јас ѝ одговорив :
- Морав да дојдам , таму каде што си кажала , го нема . Тој пари со него немаше , ниту негови , ниту од фирмата.А таа продолжи :

- Не кажав дека парите се украдени , со него има и друг , но не кажа кој и сѐ уште стоеше на зборот дека е жив . Јас вознемирена и во стрес ѝ реков :

- Како ќе знаеш зошто го нема , кога не си била таму ?

А таа ми одговори :

- Булке , булке , ако сакам и Америка на дланката ќе ја видам . Ако не се врати , таму ќе го барате !

Јас упорно настојував да ми каже дали ќе се врати , а таа ми рече :

- Многу гости булке ќе ти дојдат и многу кал ќе ти донесат !

- За арно ли ќе дојдат баба Ванѓе , ја прашувам , а таа ми рече :

- А , а , а , а , а нека е за арно" и не сакаше да ми ја каже вистината .

Ја прашав треба ли нуркачи да пуштат и да го бараат телото , а таа ми одговори :

- Не сум јас власт , тие треба да одлучат .

- А власта ќе преземе ли нешто? - ја прашав .

- А , а , а , а ќе биде кога ќе си го видам тилот .

Јас упорно ја молев да ми каже навистина дали е жив . Таа толку се умори од нашиот разговор што почна да вика :

- Бегај натаму булке ! .... Носете ја оттука !... Нели ќерка сакаш да имаш , ајде , оди си !

Сфатив дека не сака да ја каже вистината дали е убиен или е самоубиство , само поради мојата блажена состојба .Ние одлучивме да го бараме сами и го најдовме на местото што го посочи баба Ванѓа .

На денот на погребот врнеше многу дожд и како што рече таа , многу кал ќе донесат луѓето дома .

Животот ме однесе уште еднаш пред нејзината врата да барам помош , да го чујам нејзиното мислење .

Девојчето коешто се роди набргу по смртта на мојот

сопруг , на шестмесечна возраст лекарите се сомневаа дека ќе има проблеми со колковите . Ја однесов во Скопје на ортопед и тој го потврди истиот сомнеж . Избезумена од грижа , отидов кај Ванѓа . Ми беше потребна врска за да дојдам што побргу до неа .
Кога и кажаа дека сум надвор , таа рече да влезам . Уште од вратата ми рече :
- Уште ли сакаш да ме видиш булке , по сето тоа што ти го кажав за мажот ти ?
- Ти не си виновна , ѝ реков јас , сега сум дојдена за друга мака .
Ванѓа не ми дозволи да ја завршам реченицата и почна да зборува :
- За малечката си дојдена , за нозете , не се секирај , тоа е грешка на лекарите , нека си ги фрлат дипломите ! Детето ќе нема никаков проблем , ќе трча . Тоа што те снајде , помина , ти го издржа , но со децата ќе немаш никаков проблем во животот ! Знај дека Господ ги чува сираците !
Така и се случи . Децата пораснаа , се вдомија , денес се свои луѓе коишто сигурно чекорат низ животот . Ме праша дали сакам уште нешто да ја прашам , а јас во моментот ѝ реков :
- Ќе се мажам ли повторно , баба Ванѓе ?
Таа почна гласно да се смее , изговарајќи само :
- Еееее ...
И така заврши нашиот разговор . Тоа што го виде , се случи многу подоцна . По 25 години јас повторно се омажив . Ванѓа сакаше да каже :”Е , е , е , е ... уште долго ќе чекаш !”

БН , родена 1948 година
(пензионер)

Мојата единствена средба со баба Ванѓа се случи во март 1984 година . Шкртите зборови што тогаш ми ги кажа , ги сметав за паушални , невозможни и неостварливи .

Денес , по поминати повеќе од 31 година од средбата со баба Ванѓа , го споделувам и ви го пренесувам целиот разговор поради дадената можност и јас да ја потврдам нејзината видовитост , натприродна сила ... не знам како да ја наречам оваа моќ . Се сеќавам на сè , како да беше вчера , поради тоа што сè што кажа се оствари во мојот живот .

Тетка ми Ката , внука на мојата баба Софија беше блиска пријателка на Ванѓа и по една многу тешка и непријатна случка со мојот сопруг , ми предложи да одиме кај неа . На почетокот , јас не прифаќав , не ги разбирав овие работи , бев млада и не верував во тоа , но кога мојот сопруг замина да работи во странство , се согласив и отидовме .

Стигнавме во местото Рупите , во близина на градот Петрич . Бевме јас , мајка ми , брат ми и тетка Ката . Домот на Ванѓа беше една приземна куќа во која примаше посетители . Имаше многу народ , се чекаше на ред . Тетка Ката влезе внатре и по еден час редарот повика да влезат гостите за баба Ванѓа од Струмица . Тетка Ката се појави на вратата и ни даде знак да влземе внатре . Веднаш го слушнав продорниот глас на Ванѓа како вели :

- На Софија внуката што не верува , нека дојде тука !

Во тој момент не знаев што да кажам , бев затечена од зборовите што се однесуваа за мене . Пред мене видов една најнормална стара жена , седната на кревет , со заврзана шарена шамија на главата и која не гледа , а која ја опишуваа како нешто неверојатно . На мајка ми ѝ кажа да седне , а јас и тетка Ката стоевме . Без да ме праша нешто , почна да зборува погласно и

со кратки реченици :
- Што толку сте се засекирале мори вие тука , а маж ти со еден друг , пак од Струмица е , чиј е мори тој што оди со него?
Јас ѝ одговорив :

- ПГ , синот на ТЧ .
- На Т ли е ? Ја знам Т .... Е , е , е ... види , тие сега се смеат , солзи им течат од смеење , еве сега ја поминаа границата . Како и да е , до утре изутрина ќе стигнат . Еееe , нека се смеат , ама твојот маж сакаа да го затворат .

Една ... ја знаете , не е од Струмица , и еден ДД , човек од село , прв шпион и лажач , ги лаже сите во селото ... и мајка му го лаже народот .

На сите им ги погоди првите букви од имињата и нивното потекло.

- Да знаеш само оти ќе ве мачат , ќе ве мачат , ќе мине и многу време , може и пет години , ама маж ти не е виновен и не му можат ништо . Тој една лубеница нема украдено , а не да краде од државата , така да им кажеш на тие ! А ти , мори ништо да не продаваш , сега гледај си ги децата !

Се поднасмеа и рече :

- Сакаат и тебе да те соборат , ама не можат , ти каков прокорор (јавен обвинител) ќе станеш , сите ќе ти се поклонуваат ! Е , е , е , е , е многу голема и учена е внуката на Софија , мори Като!

По кратко време , Ванѓа ѝ рече на тетка ми Ката :

- Ајде сега да си одите , не сакам ништо да ми оставите , а ти мори што не ми веруваш , за Велигден една торта да ми донесеш !

- Која торта ? - ја праша тетка ми Ката .
- Таа мори што има женско име .

Јас се сетив и ѝ реков :

- Васина торта ли , баба Ванѓе ?
- Е таа де , ти многу убаво ја правиш.

На заминување и бакнав рака , а таа ми кажа :

- Ич да не се секирате , ќе помине таа бура !

По пат кон Струмица разговаравме како помина средбата . Тетка ми Ката рече дека Ванѓа понекогаш кажува само по две-три реченици . Испадна дека нам ни посвети повеќе од нејзиното време .

Пред Велигден ја направив Васина торта и отидовме да ѝ ја однесеме .

Тетка ми Ката влезе , ѝ ја даде тортата , но кога излезе рече дека не можеме да се видиме со неа , бидејќи има некои големци од Софија , па затоа не прима други гости . Кажала дека за празникот сите ќе ги почести од тортата .

Анализирајќи го разговорот со неа , сфатив дека секој нејзин збор е со значење , дека е цела вистина и кажува многу .

Сите нејзини предвидувања се остварија во нашите животи . Подоцна кога по телефон разговарав со мојот сопруг и му раскажав сѐ што ми кажа Ванѓа , тој потврди дека во истото време ја поминувале турско-иранската граница и многу се смееле , како што рече таа , со солзи . За кривичната пријава против мојот сопруг целосно се расчисти случајот . Тој беше целосно рехабилитиран и продолжи да работи и на повисоки стручни одговорни функции од претходните , во земјата и во странство.

Баба Ванѓа ми кажа ништо да не продавам , а тоа се однесуваше на викендицата . Сопругот остана на работа во Иран повеќе од три години . Ние ги надминавме финансиските проблеми и не продадовме ништо од имотот.

Тогаш , во далечната 1984 година на возраст од 36 години , јас не поверував во тоа што ми го претскажа баба Ванѓа .

Но , во животот навистина напредував во службата и ги добив сите највисоки први функции во мојата професија , во мојот град .Бев избирана на многу општествени функции и навистинаимаше луѓе кои ми се поклонуваа , како што кажа великата баба Ванѓа .

Георгиева Лилјана , родена 1959 година
(медицинска сестра)

Во годините наназад се случуваше името на баба Ванѓа да се спомне во семејството на моите родители. Причина за тоа беше средбата на мојот татко и мојата баба со Ванѓа во далечната 1966 година.

Во тоа време мојот брат , кој имаше 4 години , се разболе од кулиева анемија . Го носеа по доктори , но помош бараа и надвор од медицинските установи . Времето поминуваше , но состојбата не му се подобруваше , па затоа татко ми одлучи да ја посети баба Ванѓа во Петрич и да го чуе нејзиното мислење .

Баба ми пак , имаше и друга мака . Нејзината најмлада ќерка , мојата тетка , со првиот сопруг во бракот имаше неколку спонтани абортуси и не можеа да имаат дете . Дали тоа беше главната причина не знам , но тие се разведоа .

Во вториот брак , тетка ми не можеше да забремени , и баба ми , сакајќи да го чуе мислењето на баба Ванѓа , замина за Петрич .

Ванѓа на татко ми му кажала :

Детето ти е болно од тешка анемија и немој да губиш време по баби и бајачки ! Ќе го однесеш во Скопје на контрола и понатаму само тие лекари ќе го лекуваат .

Лекарите за таквите пациенти предвидуваат пократок животен век , но мојот брат продолжи со редовните контроли во Скопје и поживеа уште 39 години . Лекарите коишто го лекуваа , го прогласија за феномен меѓу пациентите коишто боледуваа од истата болест .

Баба ми се врати од Петрич многу расположена . Ванѓа ѝ дала голема надеж , кажувајќи ѝ :

Не се секирај ! Твојата ќерка ќе си има свое дете . Ќе оди кај вашиот доктор Караманов , тој ќе ѝ помогне и таа ќе роди машко дете .

Тетка ми го послуша нејзиниот совет и за кратко време

остана бремена .

Наредната година си роди здраво машко дете .

Чест ми е што сум дел од оваа книга и што имав можност да ја кажам вистината на нашето семејство за видовитоста и добрината што им ја правеше баба Ванѓа на луѓето .

Лично никогаш не ја видов , но ја почитувам и многу верував во неа , во нејзината дарба .

Јанушев Ванчо , роден 1949 година во Ново Село
(земјоделски техничар во пензија)

Јас и моето семејство по татко ми , сме во роднинска врска со тетка Ванѓа . Моите родители многу често ја посетуваа , но јас првпат ја запознав во 1969 година кога имав 18 години .

Во тоа време често патувавме за Петрич и еден ден решив да ја посетам .

На тие што работат на портирницата им кажав да ја известат дека е дојден нејзин близок од Ново Село . Кога влегов , ја поздравив со добарден баба Ванѓе , ѝ бакнав рака и ја прашав како е .

Арна сум , ми рече , ама јас не сум ти баба јас сум ти тетка , ти си ми внук , го знаеш ли тоа ? И не сакам да ме викаш бабо !

Ме прашуваше за дома , за блиските , а мене ми рече :

Сега ти си 18 години , си завршил за земјоделски техничар и тоа ќе си останеш ! Понатаму нема да се школуваш , да си знаеш !

Во твоето семејство сѐ ќе остане на твојот грб , ама биди жив и здрав , ќе издржиш ! Кога имате потреба од мене , секогаш доаѓајте !

Имав брат болен од детска парализа којшто не можеше да се движи , ниту да зборува . Како малечок го однесоа кај неа . На моите родители им објаснила дека за него нема лек , но ќе направи се што може .

Кога брат ми наполни 14 години , почна да се движи , но никогаш не проговори . Се изнамачи , а со него и целото семејство , но по божја волја , поживеа 52 години . Татко ми не ја губеше надежта дека еден ден ќе се најде некаков лек да му се помогне . Некој му кажал дека во Турција таквите болести ги лекуваат , па ако го однесе , можеби ќе му се подобри состојбата.

Брат ми го качија во автомобилот и со други двајца

пријатели заминаа .

На одење , татко ми влегол кај тетка Ванѓа да ѝ каже каде ќе го носи детето .

Таа му кажала :

- Штом си решил , оди !

Тргнале исполнети со надеж . Разговарајќи , стигнале пред градот Самоков . На една крстосница одеднаш патот им го пресекол мотор со двајца млади , во голема брзина . За миг се случил судир , двајцата од моторот излетале нагоре и кога паднале на земјата , од силниот удар починале на самото место .

Во автомобилот сите поминале добро , само еден бил лесно повреден .

До таму било патувањето на татко ми и брат ми . Не било пишано да стигнат до Турција .

На враќање , татко ми повторно влегол кај тетка Ванѓа , но таа знаела што се случило . Сигурно ја видела несреќата , но ништо не им кажала . Таа не е господар на човечките судбини .

- Јас и да ви кажев да не одите , вие пак ќе заминевте ! Таа сообраќајна несреќа мораше да се случи . Ако се вратевте назад за Ново Село , неизбежно ќе доживеавте сообраќајка , а можеби и потешко ќе поминевте .

Татко ми многу добро сфати , а и ние во семејството дека од тоа што треба да го поминеш во животот , никој не може да те спаси . Ете , тоа е она што го кажал народот дека од судбината не се бега .

Јас често одев кај тетка Ванѓа , носев шеќер од пријатели за да им помогне и таа никогаш не ме одби . Во селото имаше едно семејство кои беа наши блиски пријатели . Имаа болно детенце на една година и сите го очекуваа денот кога тое дете ќе почине .

Еден ден , го однесов таткото на детето кај тетка Ванѓа . Влегов кај неа да ѝ кажам кого носам со мене и зошто сме дојдени . Уште не ја завршив реченицата , а таа ме праша :

- Уште ли е живо тоа дете ? Итно нека влезе овде татко му на детето !

Кога влезе таткото , тетка Ванѓа почна да му зборува :

- А бре , човеку , што сте чекале досега ? Утре да ми донесеш срце од гулаб , домашно вино и лимон . Ајде сега , одете си дома !

Другиот ден човекот однесе сѐ што кажа Ванѓа . Таа ги зеде трите работи , ги држеше во рацете извесно време и ни кажа да си одиме дома , бидејќи сѐ ќе биде добро . И навистина , детето за неколку дена оздраве , стана од смртната постела и денес е оженет , семеен човек .

Како ги правеше тие работ

и , како им помагаше на луѓето во најтешките моменти , никогаш не разбравме . Тетка Ванѓа ти го гледаше целиот живот , од раѓањето до смртта , како од книга да читаше .

Се случи тешка трагедија . Моја прва братучеда на 18-годишна возраст загина како пешак во сообраќајна несреќа и си почина на самото место .

Семејството не можеше да ја прифати суровата вистина. Илјада прашања останаа без одговор , мораше ли така да биде , кој беше виновен , таа или шоферот.... Шоферот одлежа две години затвор , веројатно неговата вина не била голема . Отидовме кај тетка Ванѓа да ни каже зошто така се случи здрава-права да си замине од овој свет .

Нејзините зборови беа :

- Нејзе судбински ѝ беше пишано тој ден да умре . Ако не се случеше тоа со автомобилот , одејќи , ќе си ја свиткаше Нејзиното семејство успеа малку да се смири . Зборовите на тетка Ванѓа им помогнаа полесно да ја прифатат нивната тешка судбина.

Еднаш бев кај неа на Рупите кога дојде едно воено лице . Раскажуваше дека жена му е тешко болна , дека лекарите предлагаат операција , но ништо не гарантираат . Тој ја молеше156

Сведоштва за Ванѓа
тетка Ванѓа да му каже дали да дозволи да ја оперираат , бидејќи жена му имала надеж во операцијата .

- Исполни ѝ ја последната желба - му рече таа , но операцијата нема да ја издржи . Види во што сум јас облечена , во црно . И тебе те чека истото .

По неколку дена јас бев повторно на Рупите , кога дојде истиот човек да ѝ каже дека жена му починала и не можела да ја издржи операцијата .

Многу пати сум носел луѓе кај тетка Ванѓа коишто со години не можеа да имаат деца . Еднаш дојде една моја пријателка од Скопје . Немаа деца и јас ја однесов кај тетка Ванѓа . Таа почна да ѝ зборува многу мајчински , спокојно :

- Ти си жена учителка . Биди трпелива , смирена , не мислете постојано на тој проблем секој ден ! Сѐ ќе си дојде на своето место и сѐ ќе биде добро !

По една година жената забремени , роди машко дете , а потоа уште едно машко детенце .

Тетка Ванѓа наоѓаше различни начини како да им помогне на луѓетои коишто се во неволја .

Мојата тетка , братучетка на мајка ми , имаше едно дете , а имаа желба да добијат и второ , но никако не можеше да забремени . Отидовме кај тетка Ванѓа и уште кога ја виде , и рече :

- Не се секирај , лекот е до тебе . Ќе одиш кај баба Анета .

Таа беше постара жена во селото којашто ги триеше жените и многумина од нив потоа забременуваа . Мојата тетка не веруваше во таква терапија , но кога ѝ кажа тетка Ванѓа , отиде . Се случи тоа што требаше да се случи . Таа си роди второ детенце и тоа , девојче , каква што им беше желбата .

Мојот шура , братот на мојата сопруга , работеше во Германија . Од неразјаснети причини за него , тој беше затворен . Овде семејството и роднините не знаеја што да прават , беа избезумени и отидовме кај тетка Ванѓа . Таа рече дека не гледа некаква вина во човекот , но дека им е потребен добар адвокат .

- Не жалете пари , платете добар адвокат и тој ќе биде ослободен !

На крајот така и се заврши работата . Нејзе многу ѝ значеше родниот крај и таа секогаш тоа го покажуваше !

Беше доцна есен кога ми кажа да ѝ однесам дрва за горење од новоселскиот атар . Го наполнив багажникот на автомобилот со дрва и кога стигнав на граничниот премин , царинарниците ме прашаа каде одам со тие дрва .

Им објаснив дека ги носам кај тетка Ванѓа на нејзино барање . Се погледнуваа помеѓу себе , а јас им кажав ако не ми веруваат , ќе им го дадам нејзиниот телефонски број да ѝ се јават и да ја прашаат . Ја немаа таа храброст да ѝ се јават и така ме пуштија да поминам . Можеби помислија зарем Ванѓа нема доволно дрва , па мора некој да и носи од другата страна на границата . Нејзиниот двор беше полн со дрва , но таа сакаше да го почувствува мирисот и чадот од дрвата набрани од нејзиниот роден крај .

Тоа покажува дека кај неа беше присутна носталгијата .

ПРИЛОЗИ



Куќата во која Ванѓа е родена во Сшрумица

Куќата во *Петрич - Бугарија*

Ванѓа во својот дом

Малата куќичка на Рупите

Денот на осветување на црквата св. Петка во 1994г.
од лево - сестра п Љупка, Митко со сопругата Здравка и нивните два сина

Црквата св. Петка на Рупите

Петковден на Рупите 2015 година
Гости од Струмица: Гања Гошева, Вера Мафкова,
Ката Сандева и Фимка
Гогова - Михајлова

Гробот на Ванѓа
непосредно од десната
страна на
црквати
св. Петка Блгарска
на Рупите

Белешка за авторката

Гогова - Михајлова Фимка

Фимка Гогова - Михајлова е родена 1942 година во Струмица , каде што го завршила осумгодишното образование . Завршила Средно медицинско училиште во Скопје , отсек за медицински сестри .

По завршувањето на Средното медицинско училиште се вработила во Болницата во Струмица . Поради нејзината хуманитарна ориентираност , во 1971 година била назначена за главна сестра во Заводот за рехабилитација на деца и младинци во Банско , а потоа и за главна сестра во Медицинскиот центар во Струмица .

Била делегат во Републичката конференција на жените , еден мандат била делегат во Републичката заедница за социјална заштита и еден мандат делегат во Општествено-политичкиот собор во Собранието на општина Струмица .

За нејзината несебична активност и пожртвуваност во работата добила бројни признанија и дипломи , како и Орден за труд со сребрен венец од Претседателството на СФР Југославија.

Свеоштвата за Ванѓа е нејзината трета книга . Претходно ги има издадено книгите Ванѓа и јас (2013г) и Роднини и судбини (2013г)

Ванѓа разговараше со; целата прнрода. Го разбираше јазикот на животнизе и на цвеќињата. Ги гледаше мртвите , зборуваше со нив и ги пренесуваше нивните пораки.

Колку време ќе и треба на иауката да го открие ѝ прифати нематеријалното шго не олкружува , ќе покаже времето.

Се надевам дека нскоја од идиите генерации ќе ја има таа среќа да биде сведок на таквото откритие . Таа и самата кажуваше :

- Кога ќе се обединат науката и религијата , човештвото ќе тргне напред , но догогаш ќе протечат уште многу води .